

# АНАЛИЗА
## НА ВЛИЈАНИЈАТА ОД **КОВИД-САРС-19** НА РОДОТ И РАЗЛИЧНОСТИТЕ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**



# АНАЛИЗА
## НА ВЛИЈАНИЈАТА ОД **КОВИД-САРС-19** НА РОДОТ И РАЗЛИЧНОСТИТЕ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Авторка:**

д-р Марија Ристеска

**Свој придонес дадоа:**

Кристијан Алексоски

Златко Симоновски

Кристијан Трајковски

Николина Јанева

Елена Кочоска

Проф. Д-р Кристина Мишева

**Истражувачи:**

Ана Аврамовска-Нускова

Гордана Мицова-Несторовска

Сашко Јованов

Лилјана Јоноска,

Елена Кочоска

Центарот за истражување и креирање политики искажува благодарност за поддршката која ја дава претставниците на Одделението за мониторинг при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кои активно се вклучија во истражувачките активности и собирањето податоци на локално ниво. Во име на тимот на автори, искажуваме благодарност на Сања Николин, Жанета Попоска, Дарко Павловски, Василики Чатзикамари и Ебен Фридман за нивната посветеност и споделено знаење, коешто придонесе овој Извештај да биде релевантен. На крај, сакаме да искажеме благодарност на Саша Гавриќ за лидерството во оваа студија и неговата визија дека овој Извештај значително ќе придонесе за нашата опсежна работа на родовиот паритет, но, и за придобивките од одличниот ангажман на граѓанските организации во оваа платформа: Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Радар, Полио Плус, Рурална коалиција и Хуманост.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје
342.51:[616.98:578.834(497.7)(047.31)
342.72/.73:[616.98:578.834(497.7)(047.31)
305:[616.98:578.834(497.7)(047.31)

РИСТЕСКА, Марија

Анализа на влијанијата од Ковид-САРС-19 на родот и различностите / авторка Марија Ристеска. - Скопје : ОБСЕ, 2020. - 97 стр. : граф. прикази, табели ; 21 см
Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс 1-3

ISBN 978-608-4788-54-6

а) Ковид-19 -- Мерки на Владата -- Човекови права -- Македонија -- Истражувања б) Ковид-19 -- Мерки на Владата -- Родови аспекти -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 52570117

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

# Содржина


ВОВЕД ... 6
Динамика во појавата на ковид-19 ... 7
Теорија на промена ... 11
Методологија и ограничувања ... 12
ПОГЛАВЈЕ 1: РОДОВА АНАЛИЗА НА МЕРКИТЕ КОИ БЕА УСВОЕНИ ОД ВЛАДАТА ... 16
1.1. Анализа на мерките од перспектива на човековите права ... 18
Слобода на движење ... 20
Слобода на здружување ... 24
Верски слободи ... 24
Право на образование ... 25
Слобода на изразување ... 26
Право на приватност ... 29
1.2. Законитост и легитимност на мерките ... 30
1.3. Анализа на аспекти на мерките поврзани со родот и различностите ... 34
Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа ... 37
Економско закрепнување и егзистенција ... 38
Социјална заштита и пазар на труд ... 45
Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија ... 46
Партнерство со граѓански организации, консултации со чинителите и комуникација со граѓаните ... 47
ПОГЛАВЈЕ 2: АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЈАТА ОД ОДГОВОРОТ КОЈ СЕ ДАВА ЗА КОВИД-19 ВРЗ РОДОТ И РАЗЛИЧНОСТИТЕ ... 50

2.1. Учество на  жени и мажи на пазарот на трудот ..... 51
2.2. Постојни родови улоги и родов систем ..... 55
2.3. Насилство врз жени ..... 59
2.4. Учество на жените и мажите во давањето одговор, вклучително и во носењето одлуки за ковид-19 ..... 63
2.5. Ликвидност на бизнисите и стапка на опстанок на женски бизниси ..... 68
2.6. Социјална инклузија и дискриминација ..... 73
ПОГЛАВЈЕ 3: РОДОВ ЈАЗ ПРЕДИЗВИКАН ОД ОДГОВОРОТ КОЈ СЕ ДАВА НА КОВИД - 19 ..... 78
3.1. Родови релации во семејството по ковид-19 ..... 79
3.2. По ковид-19 - родот и работењето во иднина ..... 81
3.3. Родовите прашања и општеството по ковид-19 ..... 85
3.4. Родовите прашања и донесување на одлуките за закрепнување по ковид-19 ..... 88
ПОГЛАВЈЕ 4: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА МЕРКИ ВО ПОСТПЕРИОДОТ НА КОВИД-19 ..... 92
Економски препораки ..... 93
Пазар на труд ..... 95
Социјална кохезија ..... 96
Препораки во врска со насилството и јавната безбедност ..... 99
Носење одлуки ..... 100
АНЕКС 1 ЛИСТА НА ВЛАДИНИ УРЕДБИ СО КОИ СЕ ОГРАНИЧУВААТ ПРАВАТА ИЛИ СЛОБОДИТЕ ..... 103
АНЕКС 2 ЛИСТА НА ИНТЕРВЈУИРАНИ ЛИЦА ОД ТИМОВИТЕ ЗА ОДГОВОР НА СОСТОЈБАТА НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 105
АНЕКС 3  ТАБЕЛА НА МЕРКИ КОИ СЕ АНАЛИЗИРАНИ ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ..... 106

# Вовед

Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП истакна дека „справувањето со ковид-19 има потенцијал да биде штетен, особено, за феминизмот“



Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП истакна дека „справувањето со ковид-19 има потенцијал да биде штетен, особено, за феминизмот“[1], а австриската пратеничка во Европскиот парламент, Евелин Регнер, која претседава со Комисијата за женски права и родова еднаквост во Европскиот парламент, за EUobserver изјави дека „корона кризата е женска криза“. Всушност, „ во болниците, на касите во супермаркетите, жените се борат против болеста во првите редови, како медицински сестри и негувателки, како касиерки, и, во исто време, поради прекинот во работата и отпуштањето работници најмногу се зафатени секторите во кои работат жени, како што се туризмот и малопродажбата“[2]. Ширум светот, независноста на жените ќе биде нема жртва на пандемијата, оценува Atlantic[3]. Севкупните заложби за јакнење на жените за нивно еднакво учество во економските, општествените и политичките процеси, за еднаква улога на жените и мажите во семејствата, домаќинствата и општествата за кои се залагаме и еднаквите можности за мажите и жените за кои вложуваме напори со децении, сега се намалени и може да се загрозат за време на оваа криза.

Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП истакна дека „справувањето со ковид-19 има потенцијал да биде штетен, особено, за феминизмот“

## ДИНАМИКА ВО ПОЈАВАТА НА КОВИД-19

Првиот случај на ковид-САРС-19 во Република Северна Македонија беше регистриран во февруари 2020 година. Оттогаш, во земјата се направени 92.550 тестови и откриени се 9.797 позитивни лица на ковид-19 (заклучно со 23 јули 2020 година).

Графикон број 1
Вкупен број на случаи на заразени и на починати лица од ковид-19 во Северна Македонија
Извор: Our World In Data




1 ЦИКП (2020) „Одговорот на ковид- 19 и родот“, достапно онлајн: https://cutt.ly/RslhHbx.

2 https://euobserver.com/coronavirus/148155.

3 https://www.theatlantic.com/international/archive/2020/03/feminism-womens-rights-coronavirus-covid19/608302/.

Графикон број 2
Број на нови и смртни случаи на дневна основа – ковид-19 во Северна Македонија
Извор: Our World In Data




За жал, како што е прикажано на графиконите број 1 и 2, кризата се влошува со брз пораст на бројот на заразени лица и смртни случаи во месеците јуни и јули, што се совпаѓа со фазата на олабавување на рестриктивните мерки во земјата. Овој заклучок е поткрепен и со податоците за регионот, односно, Република Северна Македонија е на второто место по најголем број нови случаи на милион жители, и прва на листата со најголем број смртни случаи на милион жители (графикони број 3 и 4).

Графикон број 3
Нови позитивни случаи на дневна основа на милион жители – ковид-19 во регионот на Балканот
Извор: Our World In Data



Графикон број 4
Нови смртни случаи на дневна основа на милион жители – ковид-19 во регионот на Балканот
Извор: Our World In Data




Родовата структура на заразените лица, смртноста и географската распределба на случаите заразени со корона се дадени во продолжение. До 21 јули 2020 година, во земјата се пријавени 9.513 потврдени случаи на ковид-19 и 440 смртни случаи. Од вкупниот број на потврдени случаи, 4.798 се жени и 4.715 се мажи. Иако инциденцата на заразени со вирусот е повисока кај жените, поголем е бројот на смртни случаи кај мажите. Од 440 пријавени смртни случаи од ковид-19, животите ги загубиле 278 мажи, споредено со 162 жени[4]. Во табела број 1 се прикажани 10 градови кои се сортирани според најголемата кумулативна инциденца меѓу жените, каде Свети Николе и Штип се на врвот на листата. Особено високата инциденца кај жените во овие градови се поврзува со текстилната индустрија каде беа откриени голем број жени кои се позитивни на вирусот.



4 Институт за јавно здравје (необјавени податоци), 21 јули 2020 година.

Табела број 1
Родовата структура на заразените лица, смртноста и географската распределба на случаите заразени со корона

| | ВКУПНО СЛУЧАИ | | | ИНЦИДЕНЦА/ 100.000 | | МОРТАЛИТЕТ | | СМРТНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНА | жени | мажи | вкупно | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи |
| Свети Николе | 159 | 38 | 197 | 1712.255 | 412.5502 | 0 | 0 | 0,0 % | 0,0 % |
| Штип | 384 | 248 | 632 | 1600.4 | 1041.929 | 12.50313 | 33.61062 | 0,8 % | 3,2 % |
| Чаир | 347 | 414 | 761 | 1067.167 | 1283.442 | 58.43277 | 80.60266 | 5,5 % | 6,3 % |
| Студеничани | 90 | 104 | 194 | 1039.501 | 1210.992 | 46.20005 | 46.57662 | 4,4 % | 3,8 % |
| Липково | 135 | 136 | 271 | 993.8163 | 1009.351 | 44.16961 | 74.21701 | 4,4 % | 7,4 % |
| Карбинци | 20 | 7 | 27 | 993.542 | 350.1751 | 0 | 0 | 0,0 % | 0,0 % |
| Центар | 212 | 179 | 391 | 929.9469 | 791.5101 | 21.93271 | 44.21844 | 2,4 % | 5,6 % |
| Ресен | 76 | 67 | 143 | 899.8342 | 799.6181 | 0 | 59.67299 | 0,0 % | 7,5 % |
| Бутел | 158 | 182 | 340 | 870.5234 | 1010.886 | 11.01928 | 55.54321 | 1,3 % | 5,5 % |
| Сарај | 141 | 153 | 294 | 793.2489 | 867.6421 | 61.88467 | 62.37949 | 7,8 % | 7,2 % |

Извор: Институт за јавно здравје, на поднесено барање од ЦИКП за пристап до јавни информации, јули 2020 година

Потребно е да се истакне дека и покрај тоа што државата има обврска според Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (понатаму во текстот: КПЛП) да води евиденција за лицата со попреченост, државните органи не располагаат со евиденција или информации за бројот на заразени и/или излечени граѓани кои имаат попреченост. Во земјата постојат дванаесет (12) јавни установи за социјална заштита, од кои најголемата е Заводот во Демир Капија (227 штитеници) за лица со попреченост. Постојат два завода за рехабилитација – Завод за физичка попреченост во Бања Банско и Завод за интелектуална попреченост во Топанско Поле - Скопје. Постојат три големи психијатриски болници: Бардовци, Демир Хисар и една помала во Негорци. Покрај тоа што даваат услуги на привремените штитеници, во овие болници има значителен број на штитеници долгорочно сместени, односно, според процените има 700 штитеници со долгорочен престој[5].

Табела број 2
Број лицата со попреченост кои се сместени во институции

| ЗАВОД | БР. ШТИТЕНИЦИ ДО КРАЈ НА 2018 | М | Ж | ПРОСЕЧНА ВОЗРАСТ |
|---|---|---|---|---|
| Демир Капија - Демир Капија | 227 | 124 | 97 | 45 |
| Бања Банско – Струмица | 63 | 29 | 34 | 41 |
| Топанско Поле - Скопје | 35 | 25 | 10 | 23 |

5 Шаврევски, З. Кочоска, Е. Country report on Living independently and being included in the community - Republic of North Macedonia, ANED, достапно на: https://www.disability-europe.net/country/republic-of-north-macedonia.

Со процесот на деинституционализација, во моментов во Заводот во Демир Капија има сместено 187 лица со попреченост над 18-годишна возраст. Во Заводот Бања Банско во моментов има 53 штитеници кои се лица со попреченост.

Отсуството на информации за здравствената состојба на лицата со попреченост кои се сместени во институции, посебно информации во однос на ковид-19, дополнително влијае на интерсекцискиот пристап и карактерот на предложените мерки кои владата ги презема во борбата против ковид - 19.

## ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНА

„Мерките за ограничување на движењето поради корона вирусот ги засегаат сите луѓе, особено ранливите групи и тоа најмногу жените, децата, лицата со попреченост и лицата кои се маргинализирани и раселени", рече амбасадорот на ОБСЕ, Клеменс Која, во интервјуто за МИА од 3 мај 2020 година. За да се утврдат последиците од кризата и мерките кои се спроведуваат за нивно надминување кај различни групи од населението и со намера да не се прави процена, туку да се стекнат знаења од кризата и да се предложат политики за во иднина, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, нарача од Центарот за истражување и креирање политики да изработи методологија за мониторинг со која се разгледуваат различни аспекти од одговорот на ковид-19 кој го дава Владата од аспект на перспективите на родот и различностите (етничко потекло, јазик, попреченост, возраст, социјална положба, религија или уверување). Во методологијата се користат интервјуа и анкети за прибирање податоци и триангулација како метод за анализа, користејќи информации стекнати од анализа на документи, примарни извори и статистички податоци. Податоците се собираа во периодот од средината на месец април до средината на месец јули 2020 година. По мониторингот следуваше детална анализа, идентификување на родовиот јаз на подготвените мерки за справувањето со ковид-19, и научените лекции; како и можни препораки кои треба да се спроведат во периодот по завршување на кризата со ковид-19.

Графикон број 5
Теорија на промена



## МЕТОДОЛОГИЈА И ОГРАНИЧУВАЊА

Направената анализа на влијанијата од ковид-19 на родот и различностите е во партнерство помеѓу ЦИКП и здруженијата на граѓани Радар, Полио Плус, Рурална коалиција, Хуманост и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејното насилство. За време на истражувањето, истражувачкиот тим беше поддржан и од Одделот за мониторинг при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Целта беше да се отслика мултидимензионалниот пристап и комплексноста на прашањата, како и интерсекцискиот приод кон возраста, попреченоста, сексуалната ориентација, урбаниот/рурален развој каде лицата живеат и етничкото потекло во однос на родот и нивното влијание на ранливоста во време на криза. Методологијата за мониторингот се спроведуваше во фази, и беа опфатени различни целни групи од 74 жени и мажи и 60 бизниси со најразлично потекло за да се добијат информации за интерсекциската анализа. Се користеа следните методи за истражување: преглед на постојни документи (наоди од претходни истражувања за да се стекне подобро разбирање за влијанијата на кризата врз економијата, пазарот на труд, насилството, учеството, итн.; обезбедување официјални статистички податоци и преглед на законите и уредбите кои ги донесе Владата за време на вонредната состојба која беше прогласена на 18 март 2020 година, буџетот и набавките кои се спроведуваа како одговор на кризата од родова перспектива); лични полуструктурирани интервјуа со повозрасни жени и мажи, жени и мажи од руралните области, жени и мажи со попреченост, самохрани мајки, жени жртви на насилство и даватели на услуги, жени вклучени во процесите на одлучување, како и локални тимови кои даваат одговор на кризата и жени во првите редови; и со цел да се даде опис на влијанијата на кризата врз женските бизниси, тимот на ЦИКП спроведе и онлајн анкета со жени претприемачи и сопственички на бизниси.

Следните методи се користеа за собирање на примарни податоци по подгрупи за секоја целна група:



Табела број 3
Целни групи и методи

| ПОДГРУПА | МЕТОД ЗА ПРИБИРАЊЕ ПРИМАРНИ ПОДАТОЦИ | ОПФАТЕНИ |
|---|---|---|
| Жени и мажи над 65 години | Телефонски интервјуа или фокус-групи | 8 жени и 4 мажи |
| Жени и мажи сопственици на бизниси/претприемачи | Анкета | 60 бизниси (38 % во сопственост на жени и 62 % во сопственост на мажи) |
| Роми жени и мажи кои живеат во ромските населби | Телефонски интервјуа | 9 жени и 3 мажи |
| Жени и мажи со попреченост (физичка, сензорна и психо-социјална) | Телефонски интервјуа или фокус-групи | 7 жени и 3 мажи |
| Жени и мажи од рурални области (вклучени во неформалната економија) | Телефонски интервјуа или фокус-групи | 10 жени и 6 мажи |
| Самохрани мајки на деца кои одат во градинка/на училиште | Телефонски интервјуа | 7 жени<br>Барања за слободен пристап до информации поднесени до детските градинки |
| Жени жртви на насилство и даватели на услуги на жени жртви на насилство | Интервјуа | 2 жени и 3 мажи директни даватели на услуги |
| Жени на позиции за носење одлуки | Интервјуа | 5 жени |
| Жени и мажи во првите редови во борбата против ковид-19 | Интервјуа | 7 жени и 5 мажи |
| Локални тимови за давање одговор/помош | Интервјуа | 11 жени и 12 мажи кои работат во тимовите за одговор на кризата во Куманово, Дебар, Прилеп, Арачиново, Шуто Оризари [6] |
| Вкупно: | | 134 жени и мажи соговорници |

Примената на телефонски и онлајн интервјуа кои се користеа како истражувачки метод поради ковид-19 наместо лице в лице интервју, има свои ограничувања со оглед дека на истражувачите не им е овозможено севкупно да ги опфатат искуствата, да ги набљудуваат реакциите и објективно да го увидат влијанието од мерките врз секојдневното живеење на различните групи. Чинителите на локално ниво побараа да им бидат испратени прашалници, на кои некои се одлучија да ги дадат одговорите во пишана форма. Иако вкупниот број спроведени интервјуа е значителен и репрезентативен, бројот на интервјуа по конкретни подгрупи е мал за да може да се направи генерализација за состојбата кај целото марги-

6 Целата листа на интервјуирани чинители на локално ниво е дадена во Анекс број 2.

нализирано население во тие подгрупи. Тоа важи особено за жените жртви на насилство, бидејќи примерокот на интервјуираните жени е многу мал. За таа цел, истражувачкиот тим немаше проблем да стапи во контакт со жртвите со оглед дека Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство е дел од конзорциумот на организациите за спроведување на истражувањето и затоа беше обезбеден директен пристап до жени жртви на насилство. Сепак, голем предизвик беше да се убедат жените да зборуваат за своите искуства. Две жени беа интервјуирани и ги споделија своите приказни за насилството за време на пандемијата. Двете од нив се соочиле со неконтролирано психолошко насилство. Имено, тие издржале повеќе години емоционално и психолошко насилство и не го пријавувале сé додека не почнале да се применуваат мерките за ковид-19, односно мерките за карантин. Жртвите на родово базирано насилство беа интервјуирани од психолози кои работат во службите за психосоцијална поддршка на жени кои биле жртви на насилство.

Се преземаа сите мерки на претпазливост за да се запазат етичките и практичните аспекти во однос на интервјуирањето на целните групи. На секоја од целните групи и пристапуваше здружение на граѓани, која е специјализирано за застапување на правата на одредената специфична група. Секое интервјуирано лице потпиша изјава за согласност и беше обезбедена анонимноста на соговорниците, освен за назначени и избрани функционери чии имиња се наведени во Извештајот.

поглавје

# 1 РОДОВА АНАЛИЗА НА МЕРКИТЕ КОИ БЕА УСВОЕНИ ОД ВЛАДАТА

За време на кризата која настана поради ковид-САРС-19, Владата имаше легитимна цел да ги заштити, пред сé, луѓето, нивното здравје и нивниот живот.



За време на кризата која настана поради ковид-САРС-19, Владата имаше легитимна цел да ги заштити, пред сé, луѓето, нивното здравје и нивниот живот. Како резултат на тоа, речиси сите држави меѓу кои и Северна Македонија, усвоија законски мерки и политики во согласност со националното и меѓународното право. Меѓутоа, тие мерки, пред сé, се оценуваат во однос на усогласеноста со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП), дали мерките имаат или немаат соодветен правен квалитет, колкава е нивната прецизност и јасност за да може поединецот соодветно да го приспособи своето однесување и во колкава мера тие мерки се пропорционални на легитимната цел наведена погоре[7].

**Државите, главно, се обврзани да преземаат соодветни мерки за да се спречи ширењето на пандемијата.**

Државите, главно, се обврзани да преземаат соодветни мерки за да се спречи ширењето на пандемијата. Сите права може да бидат ограничени, освен правото на живот (според ЕКЧП), правото на превенција на тортура и ропство, правото на слобода на изразување и правото на слобода на вероисповед (според член 54 од Уставот)[8]. Уставот на Република Северна Македонија изречно предвидува дека ратификуваните меѓународни договори се вклучени во националниот правен систем. На пример, членот 8 од Уставот предвидува дека основните права и слободи на поединецот и граѓанинот, кои се признаени во меѓународното право и утврдени со Уставот се втемелени како основна вредност на уставниот поредок; предвидувајќи понатаму (во став 12 од истиот член) дека почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право е исто така една од основните вредности на уставниот поредок. Иако навидум Уставот ја отсликува Европската конвенција за човекови права во однос на гаранциите за човековите права и слободи, сепак, Уставот уредува и голем број ограничувања за нив (26). Таквите ограничувања оставаат простор човековите права и основни слободи кои се предвидени со Уставот да бидат натамошно детално уредени или, пак, ограничени со други национални закони (донесени од Собранието)[9].

Покрај со Европската конвенција за човекови права, државата е обврзана да презема активности и мерки во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. Оваа Конвенција беше усвоена во 2006 година, а кон неа се има приклучено и Европската Унија и сите земји членки на истата[10]. Според КПЛП, „државите-договорни страни ги преземаат сите неопходни мерки

7 The AIRE Centre- Advise for individual human rights (2020):Covid 19 and the effects on human rights.

8 Устав на Република Северна Македонија, достапно онлајн: https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx

9 Според Тренеска-Дескоска, Р. 2008 „Уставниот концепт на човековите права во Република Македонија" во ***Европски стандарди за човекови права и нивната примена во правниот систем на Република Македонија*** ed. Владо Камбовски, Рената Тренеска-Дескоска и Владимир Ортаковски. Македонска академија на науките. 2008, Скопје, домашните закони (усвоени од Собранието) во детали ги уредуваат правата на странците (членови 29 и 31); правото на брак и семејство (член 40); правото на одбрана на земјата (член 28) и правото на работен однос (член 32); правото на ограничување на слободата (член 12); правото на движење и домување (членови 26 и 27); правото на слободни собири (член28); правото на сопственост (член 30); правото на основање синдикати и правото на штрајк (членови 37 и 38).

10 Европската заедница пристапи кон КПЛП со Одлука на Советот 2010/48/ЕС од 26.11.2009 година и таа е составен дел од правниот поредок на Европската Унија и е правно над секундарното законодавство на Унијата.

Членот 11 од Конвенцијата повикува меѓународното хуманитарно право да се чита низ призмата на пристапот кон попреченоста кој се заснова на човековите права

за обезбедување на заштитата и безбедноста на лицата со попреченост во ситуации на ризик, вклучително и ситуации на вооружен судир, хуманитарни кризи и природни непогоди“ (член 11). Покрај тоа, членот 11 од Конвенцијата повикува меѓународното хуманитарно право да се чита низ призмата на пристапот кон попреченоста кој се заснова на човековите права. Според Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, во пристапот кон лицата со попреченост за време на вонредни состојби и кризи треба да се почитуваат принципите на достоинство и недискриминација и деловна способност, кои, пак, имаат централно место во КПЛП[11]. Вонредната состојба која е предизвикана од пандемијата не треба да ја наруши примената на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ). Комитетот за елиминација на дискриминацијата на жените (Комитетот) даде упатства наменети за владите во справувањето со диспропорционалните влијанија од пандемијата врз здравјето на жените; вклучително и обезбедување на основни услуги за заштита на сексуалното и репродуктивното здравје; заштита на жените и девојчињата од родово базирано насилство; обезбедување на еднакво учество на жените во носењето одлуки; обезбедување на континуирано образование; обезбедување на социоекономска поддршка за жените и усвојување наменски мерки за обесправените групи на жени[12].

## 1.1. АНАЛИЗА НА МЕРКИТЕ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во Северна Македонија беа преземени следните мерки за да се спречи ширењето на ковид-САРС-19 вирусот, анализирани во периодот од почетокот на пандемијата до крајот на јули 2020 година, и тоа: затворање на училиштата и детските градинки од 10 март 2020 година; забрана за групирање на повеќе од две лица кои не се во роднинско сродство; држење растојание од два метра на отворено и носење заштитна маска на отворено и во затворен јавен простор (каде нема услови за држење физичка дистанца); затворање на хотели, трговски центри, културни институции итн.; прогласувањето вонредна состојба на 18 март 2020 година овозможи да се одреди полициски час во целата држава и ограничено движење за лица постари од 67 години и млади луѓе до 18-годишна возраст, ослободување од полициски час за лица на кои им е потребна итна медицинска помош и клучни работници, како што се полиција, вооружени сили, здравствени работници, учесници во производствениот процес во земјоделството.

Намерата беше да се заштити здравјето на жените и мажите над 67-годишна возраст, како најранлива категорија и да се ограничат нивните контакти со лица помлади од 18 години кои, во тоа време, се сметаше дека се најголеми асимптоматски преносители на вирусот. Меѓутоа, тие мерки не создадоа ист ефект во урбаните

11 Сите општи принципи од членот 3 на КПЛП треба да се почитуваат бидејќи се сите релевантни во оваа област

12 OHCHR, Human Rights Treaties Branch 28 April 2020 Compilation of statements by human rights treaty bodies in the context of COVID-19, достапно онлајн: https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/TB/COVID19/Compilation_statements.pdf

и руралните области, како и врз жените и мажите. Целата листа на мерки, со која беа ограничени основните човекови права е дадена во Анекс број 1.

На 18 март 2020 година беше прогласена вонредна состојба со одлука на претседателот Пендаровски. Вонредната состојба на целата територија на Република Северна Македонија беше прогласена за период од 30 дена за заштита од ширењето на корона вирусот ковид -19 и справување со последиците од неговото ширење. Прогласувањето вонредна состојба резултираше во отстапување од примената на Европската конвенција за човекови права и основни слободи и уставните (граѓански слободи) основни човекови права според членот 15 став 1 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи на 2 април 2020 година, кога државата го поднесе првото известување (вкупно 6) до Советот на Европа заедно со Одлуката бр. 08-526/2, потпишана од претседателот на Република Северна Македонија со која беше прогласена вонредна состојба.[13]

Прогласувањето вонредна состојба резултираше во отстапување од примената на Европската конвенција за човекови права и основни слободи

Тука е неопходно да се наведе дека Советот на Европа (понатаму во текстот: СЕ) во својот сеопфатен Извештај за имплементацијата на антимерките од ковид-19 и нивните ефекти, на земјите членки им препорачува да ги ограничуваат правата и слободите кои се предвидени во ЕКЧП по спроведен *ex-ante* преглед на влијанијата од мерките и да ги информираат граѓаните за очекуваниот исход од мерките. Понатаму, Советот на Европа поставува едно важно ограничување во отстапувањето од правата и слободите: пропорционалност на мерките. Пропорционалноста на мерките не е лесно да се процени со оглед дека станува збор за нов вирус, кој ја дава основата за општата оправданост на секоја мерка со која луѓето ќе се држат подалеку едни од други за да се спречи ширењето на вирусот. Сепак, како што заклучува Европскиот центар за политики таквите мерки со општ опфат може да влијаат диспропорционално на одредени групи, како што се лица кои се приматели на грижа по различни основи. За таа цел, Академијата на науки и уметности истакна дека одлуките кои се носат за време на пандемија мора да бидат неопходни и пропорционални[14]. Од 18 март 2020 година кога беше прогласена првата вонредна состојба, па сé до завршувањето на вонредната состојба на 22 јуни 2020 година, беа објавени 250 владини уредби со законска сила, и 22 од нив ја ограничуваа слободата (главно, на движење) и 44 уредби со кои се ограничуваа правата.

Државата не отстапи од ниедна од другите конвенциите на кои таа е потписник. Иако, поради непристапното опкружување и услуги преку прогласување вонредна состојба и ограничување на движењето, државата *eo ipso* отстапи од членот 14 на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.[15]

13 Целосната листа на известувања испратени до Советот на Европа може да се погледнат тука: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/webContent/62111354.

14 В. Камбовски и др.: „Анализа на правните аспекти на вонредната состојба", Скопје, мај 2020 година.

15 Види CRPD/C/UKR/CO/1, параграф 14.

## Слобода на движење

Беше воведена забрана за патувања во земјата и надвор од неа. Во период со времетраење од 105 дена, државата ги затвори сите гранични влезни места по копно и воздух[16]. Исто така, беа воведени ограничувања за патувања во рамките на државата (од и до Дебар, Куманово, Берово) во градовите кои беа ставени во целосна изолација (карантин) во времетраење од неколку седмици. На 22 март 2020 година, Владата донесе уредба за ограничување на движењето спротивно на препораките на Обединетите нации за состојбата со човековите права за време на пандемијата со ковид-19[17], како и на Упатствата на Европската Унија за сеопфатно креирање јавни политики кои имаат за цел да се искоренат тенденциите кон авторитарна злоупотреба. Односната уредба не е пропорционална и имаше интерсекциски и дискриминациски ефект кон одредени социјални групи: лица постари од 67 години и лица помлади од 18 години. На целата територија на државата беше воведен полициски час за сите граѓани (во строго дефинирана временска рамка, односно, од 16:00/19:00 до 05:00 часот) и ограничено движење за лица над 67-годишна возраст (од 05:00/10:00 до 12:00 часот) и за млади лица до 18-годишна возраст (од 13:00 до 15:00/19:00 часот) кое важеше до 14 мај 2020 година[18]. Рестриктивните мерки за целата држава без дозволени исклучоци, освен за најтешки итни здравствени состојби, може да се оценат дека не се ниту пропорционални, ниту дека послужија во борбата против пандемијата, а покрај тоа, таквите мерки беа интерсекциски слепи[19], бидејќи беше занемарена состојбата со постарите лица (кои имаа многу малку можности да престојуваат надвор од своите домови), лицата на терапија (лица на кои им се препишани здравствени рутини, како што се пешачење, вежби, итн.), лицата со попреченост, вклучително и деца со аутизам чија дневна рутина беше нарушена. И најважно дека пристапот беше потполно родово несензитивен, бидејќи не беа препознаени посебните родови улоги на жените кои се грижат за постари лица и членови на семејството со хронични заболувања, и нивната потреба да се движат за време на полицискиот час со цел да водат грижа за членовите на семјството,

16 Член 1, Одлука за измена на Одлуката за мерките за спречување на внесувањето и ширењето на корона вирусот ковид-19, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 66, 16 март 2020 година „Сите гранични премини во Република Северна Македонија ќе бидат затворени за странски државјани – патници и возила, освен за влез и транзит на товарни возила, за претставниците на дипломатскиот кор, и за други лица за кои Министерството за внатрешни работи ќе издаде дозвола по претходно добиено мислење од Главниот координативен кризен штаб со што се потврдува дека постои посебен државен или економски интерес. Таквите товарни возила и лица ќе влегуваат во посебно определени безбедносни услови во согласност со протоколот на Министерството за здравство."

17 UN Policy Brief Covid-19 and Human Rights: „We are All in this Together", Достапно на: https://www.un.org/sites/un2.un.org/files/un_policy_brief_on_human_rights_and_covid_23_april_2020.pdf.

18 Одлука на Уставниот суд бр. 60/2020 година- достапно на: http://ustavensud.mk/?p=19320 со која дел од Одлуката на Владата бр.44-2416/1 (изменета девет пати) за забрана на движењето на лица постари од 67 години и помлади од 18 години, се укинува поради дискриминација врз основа на возраст.

19 ИОХН-С (2020), Катерина Колозова, Состојбата со демократијата во Република Северна Македонија во време на пандемија со ковид-19, достапно онлајн: http://www.isshs.edu.mk/the-state-of-democracy-in-north-macedonia-in-the-times-of-the-covid-19-pandemic/.

коешто предизвика страв и фрустрации и од страна на оние кои даваат и оние кои примаат грижа. Повеќе детали за родовото влијание на мерките се дадени во Поглавје 2 а во Поглавјето 3 се утврдени и родовите јазови како последица на тоа.

За секое постапување спротивно на ограничувањата за движење (полициски час) беа предвидени казни во износ до 2000 евра. Се оценува дека утврдениот износ на казната е преголем и дека тоа влијае на спроведувањето на мерката. Забрана беше воведена и за јавниот превоз, групни спортови, концерти и друг тип на јавни собири на отворено и во затворен простор. Покрај тоа, во консултации со владите на другите држави, властите организираа летови за превоз за државјаните на Северна Македонија кои ситуацијата ги затекнала во странство. Исто така, тие лица беа обврзани да поминат 14 дена во државен карантин[20] коешто се спроведуваше заеднички од страна на полициските и армиските сили. Пропорционалноста на оваа мерка е, исто така, дискутабилна бидејќи не се заснова на поединечна процена на здравствените ризици кои со себе ги носат државјаните кои доаѓаат во Северна Македонија, бидејќи протоколите за спроведување на мерката не вклучуваа и тест за проверка на присуство на ковид-САРС-19.

**Карантинот, изолацијата и социјалното дистанцирање станаа нов нормален начин за справување со пандемијата**

Карантинот, изолацијата и социјалното дистанцирање станаа нов нормален начин за справување со пандемијата.[21] Сите лица заразени со корона вирусот или суспектни лица дека биле во контакт со заразено лице со корона вирус се ставаат во задолжителна изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација) во траење од 14 дена. Сите тие лица беа обврзани да потпишат пишана изјава за согласност дека ќе се придржуваат до мерките под целосна морална, материјална и кривична одговорност. Министерството за внатрешни работи е одговорно за спроведувањето на мерката за задолжителна изолација (карантин). Полициските службеници одеа во случајни посети за проверка во домовите на лицата во изолација.[22] Во практика постоеја случаи на непочитување на мерката и за тие лица беа поднесени кривични пријави. Исто така, се воведоа парични казни, односно, санкции за лицата кои не ги почитуваат правилата за карантин, неносење заштитна маска или за собирање во поголеми групи. Основните судови постапуваа по тие предмети во итна постапка. Постапките се водеа лично

20 Член 2 став 4, Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 72, 21 март 2020 година. Изменета со Уредба за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести во вонредна состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 76, 24 март 2020 година и Одлуката за спроведување задолжителен државен карантин за државјани на Република Северна Македонија кои се враќаат од странство со хуманитарни летови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 71/20 **„Државјаните кои влегуваат во земјата преку граничните премини, во согласност со закон, ќе подлежат на мерката на строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена во определените објекти“.**

21 Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 72, 21 март 2020 година, изменета со Уредба за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести во вонредна состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 76, 24 март 2020 година.

22 Види член 3 од горенаведената Уредба.

со држење дистанца и носење заштитна опрема. Судското одлучување беше ефективно и беа изречени високи казни. Односно, беа изречени 977 предлози за казнен налог за 1.243 лица и 922 судски одлуки за 1.167 граѓани[23]. Основниот суд не чува податоци расчленети по пол за да може да се направи родова анализа. Меѓутоа, само 7 од одлуките беа правосилни. Системот за финансиски менаџмент не дава можност да се добијат информации колкав број на казни досега биле платени.

**Системот за финансиски менаџмент не дава можност да се добијат информации колкав број на казни досега биле платени.**

Ослободувања од мерките за ограничување на движењето беа дозволени со издавање дозвола на одредени категории граѓани, како што се здравствени работници и бизниси кои ќе претрпат големи штети доколку бидат затворени[24]. Со текот на времето, имаше сé поголем број критики за мерките за ограничување на движењето. *„Веројатно е дека мерките за изолација и карантин придонесоа да преовлада отпорот и критиките за рестриктивните мерки. Повеќето коментари се однесуваа на опфатот, конзистентноста и категориите на граѓани кои беа опфатени со мерките, намалените индивидуални права и слободи, и давањето предност на индивидуалната одговорност, наместо на дисциплина со казнување“.*[25] Тоа доведе до ситуација во која постоеше тренд на сé поголем број суспектни граѓани дека се заразени со вирусот, да одбиваат да ги примат решенијата за домашна изолација издадени од страна на здравствените власти и според министерот за здравство, Венко Филипче, тоа го достигна врвот кон средината на месец јуни[26]. Тоа се поврзува и со севкупната доверба на граѓаните во Владата, како што се потврдува во многу истражувања. Високиот степен на доверба се чини дека е заедничка карактеристика на земјите кои даваат најефективен одговор на состојбата со корона вирусот, кое се мери со малото ширење на вирусот и ниската стапка на смртност[27]. Ригорозниот одговор на мерките во врска со епидемијата на вирусот во Северна Македонија може да се припише, особено, на ниската доверба во Владата[28].

23 Основен суд - 1, одговор на барањето за слободен пристап до информации од ЦИКП, јули 2020 година.

24 Министерството за информатичко општество и администрација преку е-порталот uslugi.gov.mk издаваше дозволи за вработените во институциите вклучени во кризните работни групи, медиумите и пекарниците, погребалните претпријатија, како и бизниси кои работат во трета и четврта смена.

25 ISSHS (2020) Ана Блажева, Катерина Колозова , Мерење на авторитарноста оддолу во македонското општество во контекст на кризата со ковид-19, достапно онлајн: http://www.isshs.edu.mk/measuring-authoritarianism-from-below-in-macedonian-society-in-the-context-of-the-covid-19-crisis/.

26 Нова Македонија „Објавена листата на 138 имиња на лица кои одбиле решение за самоизолација" достапно онлајн: https://cutt.ly/Ui4Ddds.

27 https://foreignpolicy.com/2020/04/15/secret-success-coronavirus-trust-public-policy/.

28 Меѓународен републикански институт (ИРИ) Центар за увид во анкетни истражувања, анкета во Косово, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија, објавено на 28 мај 2020 година.

Графикон број 6
Доверба во институциите[29]
Извор: ИРИ (2020), Центар за увиди во анкетни истражувања




По организираната кампања против мерките и тоа, главно, од страна на сопствениците на кучиња и потоа од страна на родителите на деца со попреченост, мерките беа олабавени со тоа што беше дозволено ослободување од правилото на ограничено движење за тие категории на граѓани. Неопходно е да се истакне дека ослободувањето од мерките немаше ефект за лицата кои живеат независно (или самостојно) или лицата кои живеат со постари родители, поради непристапноста на зградите. Во основа, тоа покажува дека во процесот на подготовка на мерките не се следела процената на влијанијата врз ранливите групи и дека мерките не биле оценети во однос на нивната пропорционалност и неопходност, како што налага и Европската конвенција за човекови права и Уставот. Меѓутоа, ослободувањето од мерките за жртвите на насилство да можат да го напуштаат домот за време на полицискиот час, за кое се застапуваше Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, во истражувањето кое беше спроведено за целите на оваа студија се препознава како корисно (види дел за насилство врз жени).

Ограничувањето на слободата на движење, заедно со неколку други мерки како што се -ослободување од работа поради грижа за децата, сериозно влијаеше на капацитетот на институциите каде, главно, работат жени (односно центрите за

29 Анкетата беше спроведена во име на Центарот за увиди и анкетни истражувања при Меѓународниот републикански институт од страна на ИПСОС Стратешки маркетинг во периодот од 16 до 30 ноември 2018 година.

социјална работа, локалните услужни служби итн.) и со тоа се ограничи и пристапот до услугите. Некои од овие ограничувања сериозно влијаат на здравствените и репродуктивните права на жените и освен за породување, сите останати услуги (од стоматолог до абортус) не се сметаа за итни и истите не се обезбедуваа[30].

## Слобода на здружување

На граѓаните им се гарантира слободата на здружување поради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања

Слободата на собир или слободата на здружување, како индивидуално право, на луѓето им дава можност да се собираат во приватен и/или јавен простор и на отворен и/или во затворен простор. Оттаму, социјалната физичка интеракција е неизбежна. Во согласност со членовите 20 и 21 од Уставот на Република Северна Македонија „*На граѓаните им се гарантира слободата на здружување поради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања*“. „*Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба*“.

Уредбата со законска сила во врска со примената на Законот за јавни собири за време на вонредната состојба беше усвоена[31] и со неа беше забрането „собирање во групи со повеќе од пет лица“. Од таа причина беа откажани сите забавни и спортски настани, како и закажаните предвремени парламентарни избори за април 2020 година.

## Верски слободи

Иако според членот 54 од Уставот се уредува слободата на изразување на вероисповедта како право кое не може да се ограничува, според Европската конвенција за човекови права тоа право може да се ограничи. Тоа се должи на фактот дека за ова право постојат два различни аспекта: (i) forum internum, она што е внатрешно во нашата личност и мисла и како такво не може да се ограничи и кое е утврдено со уставната одредба и од кое не може да се отстапува; и (ii) forum externum, или манифестирање на личните верски уверувања, кое, пак, во согласност со судската практика на Европскиот суд за човекови права може да се ограничи. Со оглед дека меѓународното право преовладува пред националниот правен систем, националните власти можат да ги ограничат верските права. Наместо тоа, тие се определија да дадат препораки да нема собири, молитви и

30 Презентација на доктор Даниела Марковска од Поликлиниката Јане Сандански за здравјето и репродуктивните права во време на ковид-19, во организација на Комисијата за еднакви можности од Општина Гази Баба.

31 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 71/20 член 1 Одлука за измена на Одлуката за мерките за спречување на внесување и ширење на корона вирусот ковид-19, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 70, 20 март 2020 година, Одлука за мерките за спречување на внесување и ширење на корона вирусот ковид-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 62/20, 63/20, 64/20, и 66/20).

вршење масовни верски обреди. Црквите[32] останаа отворени. Затоа, се одржаа верските обреди за време на Велигден и Бајрам и тоа, веројатно, беше и причината за пораст во бројот на заразени лица.

## Право на образование

Тоа не беше случај со правото на образование кое беше ограничено од 11 март 2020 година кога Министерството за образование и наука информираше дека ќе се прекине образовниот процес на сите нивоа и од секој тип во согласност со Уредбата со законска сила, со која беше забрането држењето настава и часови со физичко присуство во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри за деца и основни и средни училишта. Исто така, беше забрането да се држи настава во високообразовните институции и јавните научни установи и престанаа да работат и студентските домови и други образовни установи, како што се библиотеки, лаборатории, спортски сали, итн. Исто така, беше забрането присуство на сите воннаставни активности.[33] Сите тие активности беа префрлени да се одвиваат онлајн, со што се создаде дополнително оптоварување за родителите кои требаше да ги споделуваат одговорностите за настава заедно со наставниците. Националниот јавен сервис подготви образовна програма за учениците од основните училишта. Наставничкиот и академскиот кадар само до одреден степен беа подготвени за онлајн учење, имајќи предвид дека основното и средното образование за прв пат се соочија со онлајн настава. Посебна критика беше упатена за отсуството на механизми за поддршка за учениците од социјално загрозените семејства кои немаа интернет или опрема (компјутер или паметен телефон) за да ги следат образовните активности. За тие ученици, правото на образование de facto беше суспендирано. Исто така, сите родители не може да даваат поддршка на своите деца за време на наставата од дома на кои работните одговорности не им дозволуваат да одвојат време да бидат замена за наставниците од училиштата. Надлежните органи не обезбедија решение и за овој проблем. Со оглед на патријархалниот модел на семејство каде од жената се очекува да го носи товарот за неплатената домашна работа, заедно со децата дома и ограничениот пристап до образование во комбинација со ограниченото движење, кај некои подгрупи доведе до тоа девојчињата да доживеат ментален колапс, како што покажува и анализата во Поглавјето 2.

> Наставничкиот и академскиот кадар само до одреден степен беа подготвени за онлајн учење, имајќи предвид дека основното и средното образование за прв пат се соочија со онлајн настава

Најприспособени и подготвени за онлајн настава беа универзитетите, кои од претходно имаа држено онлајн предавања како резултат на меѓународна соработка. Тие ги префрлија предавањата на неспецијализирани онлајн платформи за онлајн настава (како што се ZOOM, MS teams, Google meet итн.) како одговор на недостигот на расположливи онлајн алатки за учење и пред пандемијата со вирусот. Повеќето студентски активности можеше да се завршат

32 Под поимот цркви во овој документ се подразбираат сите објекти/светилишта без разлика на специфичната религија.

33 За повеќе детали види Одлука за мерките за спречување на внесување и ширење на корона вирусот ковид-19; Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование во вонредна состојба „Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 76/20.

преку онлајн платформите и онлајн наставата, но, мора да се земе предвид дека некои студиски програми не може да се завршат преку далечинско учење (на пример, медицина, стоматологија, итн.). Покрај тоа, проблемот се продлабочува бидејќи одбраната на дипломските и магистерските тези некои студенти ја правеа онлајн и тоа отвори дебата дали онлајн курсевите треба да се акредитираат и дали може да се додели онлајн диплома без акредитација на онлајн студиски програми. Во летниот период, квалитетот на образованието за време на пандемијата треба да се оцени, како и да се тестираат одреден број стратегии за продолжување на образовниот процес во периодот од септември 2020 година, особено доколку има втор бран на ширење на вирусот.

**Префрлањето на образовните активности да се одвиваат онлајн создаде дополнително оптоварување за момчињата и девојчињата со попреченост**

Префрлањето на образовните активности да се одвиваат онлајн создаде дополнително оптоварување за момчињата и девојчињата со попреченост, поради што во практиката, имаше отстапување од членот 24[34] во согласност со членовите 5 и 3[35] од Конвенцијата на правата на лицата со попреченост. На пример, образовните активности на ТВ не беа приспособени и ставени на располагање во разни погодни формати за момчињата и девојчињата со попреченост со различен тип на нарушувања. Покрај тоа, децата со попреченост кои посетуваа специјални училишта не беа опфатени со некои од мерките за пандемијата за време на училишната година, во периодот од 10 март до 10 јуни 2020 година.

## Слобода на изразување

Членот 54 од Уставот ја уредува слободата на лично уверување, совест, мисла и изразување на вероисповедта, кои не можат да бидат ограничени дури и во вонредна состојба. Европската конвенција за човекови права има пофлексибилно толкување и овозможува ограничување на слободата на изразување за да се постигне легитимна цел и кога тоа е неопходно (тест на пропорционалност). Во дигиталното доба каде информациите, кои се пренесуваат преку социјалните мрежи и интернетот, се клучни за информирањето, слободата на изразување и правото да се биде информиран и да се информира преку дисеминација на вести и информации може да се ограничува.

Членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост каде се пропишува физичката пристапност како предуслов за лицата со попреченост да можат неограничено да ги уживаат сите свои човекови права и основни слободи, подразбира пристапност до физичкото опкружување, до превоз и до информации и комуникација, вклучително и информатички и комуникациски технологии и системи и други добра и услуги кои се отворени или се даваат јавно, и во урбаните и во руралните средини. Како што истакнува и Комитетот за правата на лицата со попреченост, членовите 9 и 21 се вкрстуваат по прашањето за информации и комуникации и двата члена имаат хоризонтален пристап и затоа се дел од та-

34 Се уредува обврската дека правото на образование ќе се остварува без дискриминација и на основа на еднакви можности.

35 Членот 5 од КПЛП се однесува на еднаквост и недискриминација, додека недискриминицијата е дополнително утврдена како еден од општите принципи во членот 3 од КПЛП.

канаречените хибридни права. Според членот 21, државите „ги преземаат сите мерки за да им обезбедат на лицата со попреченост да можат да го уживаат правото на изразување и мисла, вклучително и слободата да бараат, примаат и даваат информации и идеи на еднаква основа со останатите и преку сите форми на комуникација по нивни избор". Со оглед дека пристапноста е предуслов за лицата со попреченост, секое одрекување на пристап до физичкото опкружување, превоз, информации и комуникации и до услуги кои се отворени за пошироката јавност, вклучително и разумното приспособување, се смета дека е дискриминација[36]. Во ситуации на ризик, природни непогоди и вооружени конфликти, Комитетот истакнува дека државите се обврзани[37] да ги направат пристапни сите услуги (членовите 9 и 21) за лицата со попреченост, или во спротивно нема да може да се зачува нивниот живот или да се заштити нивната добросостојба (член 11). Комитетот ја истакнува обврската на државата да обезбеди дека сите информации поврзани со вонредната состојба се ставени на располагање во формати кои се пристапни за лицата со различен тип на нарушувања[38], вклучително и на глувите лица преку знаковниот јазик и на различните јазици кои се говорат во земјата, вклучително и Брајовата азбука, аугментативна и алтернативна комуникација и други пристапни начини, методи и форми на комуникација по личен избор на лицата со попреченост во официјалната интеракција" (член 21(б)).[39] Исто така, се бара и обука за подигање на свеста за попреченоста наменета за вработените во граѓанските организации и владините служби, кадарот за спасување и итна помош, и за потенцијалните чинители кои се вклучени во вонредни состојби[40]. За таа цел, претседавачот на Комитетот на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост истакна дека *„со спроведување на обврските од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и исполнување на заложбите од Агендата за одржлив развој, државите ќе можат да ги заштитат правата и добросостојбата на лицата со попреченост. Притоа, државите треба да ја земат предвид различноста кај лицата со попреченост, со посебно внимание на родот и возраста и состојбата на лицата со попреченост кои се соочени со депривација и тешкотии"*.[41]

Со оглед дека остварувањето на овие права е директно поврзано со демократските вредности во едно општество, тенка е линијата помеѓу автократскиот режим и ограничувањето на тие права за да се постигне распространување на соодветни

36 Види CRPD/C/11/3 парараф 20.

37 Види CRPD/C/11/3 параграф 33.

38 Види CRPD/C/SLV/CO/1, параграф 26; CRPD/C/DEN/CO/1, параграф 31; CRPD/C/MEX/CO/1, параграф 22(b);CRPD/C/GAB/CO/1, параграф 27.

39 Види CRPD/C/TKM/CO/1, параграф 24;CRPD/C/MNG/CO/1, параграф 20;CRPD/C/DEU/CO/1, параграф 24; CRPD/C/DOM/CO/1, параграф 19; CRPD/C/COK/CO/1, параграф 22; CRPD/C/MEX/CO/1, параграф 22 (a); и CRPD/C/KEN/CO/1, параграф 22 (b).

40 Види CRPD/C/AZE/CO/1, параграф 25; CRPD/C/MEX/CO/1, параграф 22(c); and CRPD/C/DEN/CO/1, параграф 31.

41 КПЛП – Заедничка изјава: Лицата со попреченост и ковид-19 од претседавачот на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, во име на Комитетот за правата на лицата со попреченост и специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН за попреченост и пристапност (1 април 2020), достапно онлајн: https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/TB/COVID19/Compilation_statements.pdf

и точни информации за време на пандемијата и контрола врз наративите, како и споделување на лажни вести и дезинформации за вирусот со цел да се заштити здравјето на населението. Иако некои земји размислуваат за дефинирање на нови кривични дела поврзани со лажните вести и дезинформациите за време на пандемијата, постојниот Кривичен законик во Северна Македонија, особено членовите 205 и 206 се користат како најсоодветни правни алатки во борбата против дезинформациите за вирусот[42].

Во периодот од почетокот на пандемијата до 1 јули 2020 година, Министерството за внатрешни работи поднесе 24.567 прекршочни пријави во однос на одлуката да се носи заштитна опрема[43], меѓутоа, на барање на Центарот за истражување и креирање политики не беа обезбедени податоци расчленети по пол. За жал, Министерството не го сподели бројот на пријавени случаи во Јавното обвинителство за дезинформации и лажни вести поврзани со вирусот. Толкувањето на членот 205, став 5[44] може да биде проблематично за ефективна борба против лажните вести бидејќи одговорноста за ширење заразни болести се дефинира преку распространување на невистинити информации и изјави за појава на неизлечлива болест. Неизлечливата болест која се споменува во овој дел од членот е наведена конкретно и тоа може да влијае на ефективноста, односно на исходот на поднесените предмети во Јавното обвинителство.

Паричните казни треба да бидат пропорционални бидејќи тие не треба да ги обесхрабруваат новинарите да ја вршат својата јавно-здравствена функција за информирање на граѓаните за вирусот и за развојот на демократијата. Граѓанското општество, исто така, има исклучително важна улога за контролата врз наративите, и за проверка и разоткривање на лажните вести и дезинформации. За таа цел, Институтот за општествени и хуманистички науки вршеше мониторинг на социјалните мрежи за време на вонредната состојба и извести дека „*видливо е присуството на коментари кои се поврзани со теории на заговор за време на овој период, како и бројот на коментари со кои се одрекува постоењето на вирусот*“[45]. F2N2, исто така, разоткри неколку наративи со дезинформации за корона вирусот, но, со мала видливост.

И покрај обврските кои произлегуваат од Конвенцијата на правата на лицата со попреченост, првите прес-конференции се одржуваа без толкување на знаковниот јазик. На барање на Полио Плус – движење против попреченост, организа-

42 Според BIRN, Министерството за внатрешни работи поднело десет пријави за лажни вести во врска со пандемијата до Обвинителството врз основа на членовите 205 и 206 од Кривичниот законик, види онлајн: https://prizma.mk/prijavite-za-lazhni-vesti-megu-pravdata-i-tsenzurata/.

43 МВР, одговор на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од ЦИКП, број 16-1-2 810, јули 2020 година.

44 Член 205, став 5 гласи: Тој којшто ќе ја загрози сигурноста на друг со лажна закана за пренесување или со ширење на невистинити тврдења за постоење на неизлечлива заразна болест ќе се казни со парична казна или затвор до шест месеци.

45 ИОХН-С (2020) Ана Блажева, Катерина Колозова, Мерење на авторитарноста оддолу во македонското општество во контекст на кризата со ковид-19, достапно онлајн: http://www.isshs.edu.mk/measuring-authoritarianism-from-below-in-macedonian-society-in-the-context-of-the-covid-19-crisis/.

Освен за информациите кои се пренесуваа преку прес-конференциите, сите медиумски информации за вирусот и мерките кои се преземаа не се објавуваа во пристапни формати

ција на лица со попреченост, Владата почна да ги држи сите прес конференции на знаковен јазик. Меѓутоа, освен за информациите кои се пренесуваа преку прес-конференциите, сите медиумски информации за вирусот и мерките кои се преземаа не се објавуваа во пристапни формати. Со тоа се отежнува правото на лицата со попреченост да бидат информирани, а посебно изработената интернет-страница за ковид-19 од страна на Владата, исто така, не беше направена да биде пристапна за лицата со попреченост и сите итни служби ги немаа приспособено броевите и одговорот на повиците за лицата со попреченост.

## Право на приватност

На 13 април 2020 година,[46] Министерството за информатичко општество и администрација (понатаму во текстот: МИОА) и Министерството за здравство (понатаму во текстот: МЗ), ја промовираа апликацијата СТОП КОРОНА[47] пред граѓаните, за да ги охрабрат да ја преземат и користат. На овој начин, корисниците (граѓаните) ќе бидат предупредени доколку биле во близина на лице кое е заразено со ковид-19 во последните 14 дена; и надлежните органи ќе имаат директен пристап до информациите за лицата со кои заразеното лице било во контакт и на тој начин полесно да се дефинираат кластерите и да се изолираат со што би се спречило ширењето на вирусот. Според новиот Закон за заштита на лични податоци[48] кој е усогласен со Директивата за заштита на личните податоци 2016/679 на Европската Унија, здравствените податоци се лични податоци кои се однесуваат на физичкото и менталното здравје на поединецот, вклучително и податоци за здравствената заштита и добиените услуги. Во членот 13, став 9 од Законот се уредува обработката на здравствените податоци, особено кога „обработката на податоци е од јавен интерес и за заштита на јавното здравје, како што е заштита од сериозни прекугранични здравствени закани и обезбедување висок стандард и квалитет и сигурност во заштитата на здравјето". За таа цел, со Законот е уредена и ситуацијата кога правилата за заштита на личните податоци и правото на приватност може да се ограничат кога тоа му служи на „општиот јавен интерес во земјата, вклучувајќи монетарни, буџетски и даночни прашања, **јавно здравје** и социјална заштита (член 27 став 5)". Проблематичен аспект во врска со апликацијата СТОП КОРОНА се поврзува со профилирањето.[49] **„Профилирање"** ги подразбира сите форми на автоматска обработка на лични податоци, каде се користат лични податоци за процена на лични аспекти на поединецот и, конкретно, за анализа и предвидување на економската состојба, здравјето, личните приоритети, интере-

46 Република Северна Македонија беше една од првите земји, па и меѓу државите-членки на Европската Унија, која започна да ја користи оваа алатка за откривање на новозаразени лица.

47 https://stop.koronavirus.gov.mk/en. апликацијата е донација на македонската ИТ компанија Nextsence.

48 Закон за заштита на податоци („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020) достапно онлајн: https://dzlp.mk/sites/default/files/u4/zakon_za_zastita_na_licnite_podatoci.pdf.

49 Лилјана Пецова, https://respublica.edu.mk/mk/blog/covid-19-1-1?fbclid=IwAR3E1xA0ZRgc8HskhaR_RC9LBZfio0jtT_YfgpbGfl_U8sRUfI6MUZKSmAM.

сите, однесувањето, локацијата и движењето. Сé што прави епидемиологот со анкетата, и она што апликацијата помага да се направи, е профилирање.

Уште повеќе што надлежните органи пропуштија да направат ригорозна процена на усогласеноста на апликацијата со политиката на Европската Унија за заштита на податоците и препораките како да се ограничи негативното влијание на апликациите за следење и други технологии за следење на ширењето на ковид-19, врз основните човекови права, особено заштитата на податоците и приватноста. Европската комисија сака да обезбеди сите апликации да ги почитуваат истите стандарди: заштита на податоци, приватност, безбедност и ефективност[50]. Тоа особено се однесува на тековната дебата за тоа дали апликацијата КОРОНА СТОП бара да ја откриете вашата локација. Министерството за информатичко општество преку интернет-страницата за стоп корона информираше дека апликацијата работи преку Bluetooth, и дека податоците за корисниците се анонимни[51], што е спротивно на сведочењата на корисниците кои морале да се согласат да обезбедат пристап до податоците за сообраќајот и локацијата доколку сакаат да ја користат апликацијата, податоци кои се споделуваат и се појавија во јавниот дискурс. „Од Министерството кажаа дека апликацијата не собира податоци за локацијата, иако никаде не е објаснето зошто апликацијата бара пристап до локацијата на телефонот додека се инсталира. Дали бројот на идентификациски сигнал кој телефонот го испраќа преку Bluetooth ќе се смени или не, сé уште не е откриено“.[52]

**Од Министерството кажаа дека апликацијата не собира податоци за локацијата, иако никаде не е објаснето зошто апликацијата бара пристап до локацијата на телефонот додека се инсталира**

Пристапот на надлежните органи до податоците за интеренет сообраќајот и локацијата, во согласност со македонските закони, секогаш подлежи на судско овластување, особено во поединечни случаи и кога се спроведува кривична истрага. Имајќи предвид дека употребата на апликацијата се разгледуваше да не е само доброволна, туку и задолжителна за лицата во изолација, тоа предизвика дебата во која активисти и ИТ експерти искажаа загриженост во врска со законитоста на тие мерки, нивната намена и транспарентноста на операцијата. „Институциите можат да користат и промовираат бесплатен софтвер со отворен код доколку сакаат граѓаните да имаат доверба во технолошките мерки кои се спроведуваат за справување со вирусот. За да може да се ревидира јавниот пристап до изворниот код на апликацијата од страна на безбедносни експерти, неопходни се робусни и добро изработени технички решенија“.[53] Корисниците сé уште немаат информации за тоа каде ќе се чуваат нивните податоци и за што ќе се користат, кои протоколи важат без да се експонира безбедноста и приватноста на корисниците. Неизбежно, развојот на случувањата влијаеше на бројот на граѓани кои ја преземаа и ја користеа апликацијата за намената за која беше направена. Иако првиот ден беше посебно успешен со 5.000 преземања, периодот кој следуваше не

50 https://audiovisual.ec.europa.eu/en/video/I-189464?lg=OR&fbclid=IwAR0dUXqudt4qmdqT65hvoZ7Rm0LHJ9DzXN0s7yqO4X3ZceIfK63J0HbobFs.

51 За детали види https://stop.koronavirus.gov.mk/.

52 Кузевски Мите, Види вака, интервју за ПИНА https://pina.mk/3236-mobilni-aplikatsii-za-kovid-19-i-linijata-megu-zashtitata-i-zgolemeniot-nadzor/.

53 Слободен софтвер, Интервју за ПИНА https://pina.mk/3236-mobilni-aplikatsii-za-kovid-19-i-linijata-megu-zashtitata-i-zgolemeniot-nadzor/.

може да се оцени како позитивен, бидејќи до 7 мај 2020 година, 55.000 корисници ја имаа инсталирано апликацијата СТОП КОРОНА. Не може да се обезбедат полово разделени податоци за родова анализа бидејќи апликацијата не ги собира тие податоци и, исто така Центарот за истражување и креирање на политики не беше во можност од МИОА да добие податоци за бројот на корисниците кои активно ја користат апликацијата.

Во месец јуни 2020 година, Владата со уредба со законска сила ја промовираше домашната платежна картичка за 324.479 ранливи категории на граѓани, притоа обезбедувајќи финансиска помош од 28 милиони евра[54] и стимулација на домашната економија и производствениот сектор. За да ја активираат „домашната платежна картичка", корисниците требаше да го внесат матичниот број на определена интернет-страница[55]. Имињата и презимињата на корисниците и нивната банка се јавна информација[56] и истата е достапна на интернет- страницата без соодветна сигурност, бидејќи не се дава „лична **согласност**" коешто, пак, отвора прашања за законитоста на оваа активност.

Конечно, Државниот здравствен и санитарен инспекторат на 26 јуни 2020 година ја објави листата на лицата заразени со ковид-19 и нивните адреси кои одбивале да ги примат решенијата за изолација. Самото објавување може да претставува повреда на членот 84 од Законот за заштита на податоци, иако на веб-страницата на Агенцијата нема информации дека е утврдена ваква повреда.

## 1.2. ЗАКОНИТОСТ И ЛЕГИТИМНОСТ НА МЕРКИТЕ

По неколку неделната дебата помеѓу претставниците на државата и здравствените експерти, претседателот прогласи вонредна состојба. Членот 125 од Уставот предвидува дека „Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии". „Предуслов за тоа е одлуката за постоење на состојба на епидемија, иако не и единствен предуслов за да се прогласи вонредна состојба"[57]. Основа за прогласување вонредна состојба од страна на претседателот беше предлогот и анализата на состојбата од страна на Владата и прогласувањето на светска пандемија со ковид-19 од страна на Светската здравствена организација[58]. Меѓутоа, без да направи разлика помеѓу „прогласување епидемија" и „прогласување вонредна состојба", претседателот по автоматизам прогласи вонредна состојба, без дополнителни формални консултации со други релевантни домашни институции (Министерство за здравство или Институт за

54 https://vlada.mk/node/21691.

55 https://kupuvamdomasno.gov.mk/mk/, последен пат пристапено на 13.6.2020 година.

56 https://kupuvamdomasno.gov.mk/mk/listusers, последен пат пристапено на 13.6.2020 година.

57 В.Камбовски и др. „Анализа на правните аспекти на вонредната состојба", Скопје, мај 2020 година.

58 Вонредна состојба беше прогласена во Република Северна Македонија на 18 март 2020 година, а СЗО прогласи пандемија на 13 март 2020 година https://www.euro.who.int/en/health-topics/health-emergencies/coronavirus-covid-19/news/news/2020/3/who-announces-covid-19-outbreak-a-pandemic.

јавно здравје).[59] „Одлуката за прогласување вонредна состојба требаше да биде поткрепена со процена на условите, но, не само од здравствен карактер, туку условите за државните заштитни механизми и врз основа на претходна процена и јасен план за сите мерки кои треба да ги преземаат државните институции во согласност со начелата на пропорционалност и неопходност, со крајна цел да се намалат влијанијата од здравствената криза“[60].

Таква процена и стратегија за давање одговор на ковид-САРС-19 не се направи, или барем не беше направена јавно за разлика од други земји, за да можат независните набљудувачи да ги разгледаат. Со прогласувањето на вонредната состојба, техничката Влада ја презема законодавната власт. Фактот дека во рамките на процесот, Владата усвои 150 уредби со законска сила[61] и 73 обврзувачки одлуки[62] и измени или укина огромен број одлуки, истите влијаеја на правната сигурност на граѓаните и бизнисите во време на криза, особено поради претставување на еден тип на мерка на прес-конференција, а друг тип на мерка во уредбата, или објавување на начините за реализација на мерката неколку дена пред рокот за пријавување за таа мерка. Со оглед дека *vacatio legis* периодот за овие акти е особено краток, повеќето одлуки стапија во сила истиот или следниот ден од објавувањето во Службен весник. Со оглед дека пристапот до Службениот весник не е бесплатен за сите, туку само со претплата, на почетокот на вонредната состојба имаше ограничен пристап до овие законски акти[63]. Многу наскоро, Владата почна да ги објавува одлуките на посебниот дел за ковид-19 на владината интернет-страница; и организациите на граѓанското општество, како што е Здружението на млади правници ги преобјавуваа одлуките објавени во Службен весник и така се зголеми пристапот за сите кои немаа право на пристап без претплата. Исто така, мора да се потенцира и големиот обем на правни документи донесени за време на кризата.

Начелото на „спреги и сопирачки “ беше нарушено и наместо поделба на власта, добивме спој на две гранки на власт. По првпат во историјата, законодавната и извршната власт беа споени во еден орган, односно, Владата, која имаше право да носи одлуки со сила на закон. Владата доби собраниски овластувања, наместо да биде „под собраниска контрола“[64].

Според Уставот, Уставниот суд има надлежност да врши контрола на уставноста на законите. Тоа е единствената институција која врши судска контрола на уставноста и законитоста на одлуките за мерките кои се носеа од страна на Владата во вонредна состојба. До денес, речиси секоја одлука на Владата за да се

59 Ибид, стр. 6.

60 Ибид.

61 https://myla.org.mk/%d0%b2%d0%be%d0%bd%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0/.

62 https://vlada.mk/uredbi-covid-19.

63 Тоа е изменето на 30 март 2020 година кога Владата донесе одлука со која пристапот до Службен весник стана бесплатен: Одлука Бр.44-2638/1.

64 В.Камбовски и др. „Анализа на правните аспекти на вонредната состојба“, Скопје, мај 2020 година, стр.24.

спречи ширењето на корона вирусот ковид-19 и наметнувањето заштитни мерки и препораки е оспорена, преку иницијативи поднесени од разни страни барајќи од Уставниот суд одредување на нивната оправданост и валидност. Во месец мај 2020 година, во вонредна состојба, Уставниот суд беше доста активен и укина 6 уредби со законска сила, и го прекина извршувањето на една владина одлука и две уредби со законска сила[65].

Законските акти, кои се усвоени за време на вонредната состојба, треба да бидат на сила во тој временски период и нивната полноважност треба да престане по автоматизам по укинување на вонредната состојба

Законските акти, кои се усвоени за време на вонредната состојба, треба да бидат на сила во тој временски период и нивната полноважност треба да престане по автоматизам по укинување на вонредната состојба. Но, се чини дека повеќето од овие законски акти имаат продолжено правно дејство и ќе бидат полноважни до составувањето на новата влада. Општо мислење е дека не треба да се прекине полноважноста на законските акти кои се in favorem, во полза на населението, бизнисите и владата. Тие и понатаму ќе бидат во сила додека постојат оправдани причини за нивното постоење, и додека новиот собраниски состав не ги потврди или укине.

Во главни црти, пристапот до правда и, особено, за ранливите групи, е прекинат врз основа на Одлуката на Судскиот совет од 17.3.2020 година за постапување на судовите во услови на зголемена опасност од ширење на заразата со ковид-19, според која судовите беа обврзани да ги преземаат неопходните заштитни и здравствени мерки за да се намали ширењето на болеста. Во однос на судските постапки, со одлуката се определува дека се судат само нужните случаи, како што се предмети во кои е изречена времена мерка (обвинетите се во притвор, итн.), предмети во кои постапката е во фаза на донесување одлука, предмети во кои постои опасност од повреда на принципот на судење во разумен рок, предмети кои се итни по сила на закон и предмети кои се врзани за законски преклузивни рокови[66]. Покрај тоа, со Уредбата со законска сила од 30 март 2020 година, Владата утврди дека законските и преклузивните рокови за поднесување тужба во парнична постапка, предлог за поведување на вонпарнична постапка, поднесување на барање за присилно извршување, постапка за обезбедување на побарувања, или поведување на друга судска постапка, престануваат да течат до престанување на вонредната состојба. Тоа ја зголеми правната несигурност бидејќи судските постапки беа или одложувани или воопшто не беа закажувани. Видеоконференции, онлајн размена на податоци и други начини за разрешување спорови, како медијација, не се промовираа. На крај, настанатата состојба со пристапот до правда поради мерките за постапување на судовите, како што е прикажано во делот за насилство врз жените во Поглавје 2, исто така, влијаеше на изрекувањето времени мерки во предметите за родово базирано насилство.

Подрачните одделенија на Министерството за правда кои даваат бесплатна правна помош и здруженијата на граѓани кои се даватели на бесплатна правна помош го променија начинот на работа. Подрачните одделенија работеа во

65 Одлуките се однесуваа на ограничени надоместоци и плати во судството и две одлуки поврзани со даноците. Одлуките имаа за цел да се спречи дискриминација.

66 https://cutt.ly/ti4A6D2.

смени, но, граѓаните не беа информирани дали вработените од Министерството за правда, кои работат на давање бесплатна правна помош, се на работа во одреден ден, а здруженијата на граѓани почнаа да примаат онлајн барања за бесплатна правна помош. Владата, генерално, го намали финансирањето на здруженијата на граѓани, и буџетот на Министерството за правда наменет за здруженијата на граѓани беше значително намален, особено со ребалансот од 9 април 2020 година, кое може да влијае на давањето бесплатна правна помош и за време на пандемијата со ковид-19 и потоа. Меѓутоа, не бевме во можност да ги утврдиме ефектите врз пристапот до правда на најранливите граѓани заклучно со овој период.

Графикон број 7
Ребаланс на буџетот,
9 април 2020 година,
трансфери за НВО
Извор: Презентација на податоците од страна на Министерството за финансии, април 2020 година.




## 1.3. АНАЛИЗА НА АСПЕКТИ НА МЕРКИТЕ ПОВРЗАНИ СО РОДОТ И РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Законската процена на уредбите со законска сила од страна на Академијата за науки и уметност, утврди дека тие се, генерално, неопходни и пропорционални на потребата за справување со епидемијата, но, не и неопходни во согласност со начелото за владеење на правото, како резултат на отсуство на прецизна и доследна уставна и законска рамка за управување со вонредна состојба. Поради тоа, транспарентноста во креирањето политики, процесот на подготовка на нормативни акти, како и нивната бројност, наидоа на критики, како и честата измена на актите и нивното спроведување[67]. Покрај тоа, во процесот на

67 МАНУ (2020) Правни аспекти на вонредната состојба од академик Владо Камбовски, проф. д-р Ана Павловска-Данева, проф. д-р Гордана Лажетиќ, д-р Елена Мујоска-Трпевска, м-р Константин Битраков.

креирање политики за време на криза недостасуваше интерсекцискиот пристап во планирањето, спроведувањето, мониторингот, евалуацијата и прекинот на мерките, и тоа создаде „можности за диспропорционално негативни ефекти врз лицата кои се најобесправени во општеството“[68]. Еден пример за тоа е мерката за ограничување на движењето која беше дискриминациска за две возрасни групи, и имаше негативни последици по лицата со попреченост и хронични болести. Во својата одлука за укинување на дискриминациската мерка, Уставниот суд образложи дека за оваа одлука постои селективен и различен однос на Владата во ограничувањето на правото на движење според возраста на граѓаните, а поради исти причини - постоење на заразна болест.[69] Интересно е што Судот ја темели својата одлука на Законот за спречување и заштита од дискриминација, и тоа е истиот закон кој Уставниот суд го укина (на процедурална основа) истиот ден подоцна[70], а граѓаните беа оставени без законска рамка за заштита од дискриминација.

Предмет на оваа анализа се сите мерки кои се преземаа за справување со ковид-САРС-19 (здравствени, социјални, економски мерки, мерки наменети за ранливите групи, итн.) во периодот од почетокот на пандемијата до крајот на јули 2020 година. На почетокот беше направен преглед и анализа на сите мерки во однос на познатите родови јазови и приоритети на агендата за остварување на родова еднаквост. Врз основа на таа анализа, мерките во следниот дел се оценуваат како родово негативни, родово неутрални, родово сензитивни, родово позитивни и родово трансформативни. Родовата анализа на мерките е прикажана како семафор (види подолу). Семафорот е корисен пример во оценувањето на мерките за справување со кризата од родова перспектива. Притоа, политиките се оценуваат на пет нивоа.



68 ЕПИ (2020) По разнишани скалила: за човековите права и ковид-19 по дерогирањето на Европската конвенција за човекови права, достапно на https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/ENG-ECHR-MK-COVID19.pdf.

69 Одлука на Уставен суд бр. 60/2020 година достапно на: http://ustavensud.mk/?p=19320 со која дел од Одлуката на Владата бр.44-2416/1 (изменета девет пати) за ограничување на движењето на лица над 67 години и под 18 години, се укинува како дискриминациска врз основа на возраст.

70 Одлука на Уставен суд бр. 115/2019-1, достапно онлајн http://ustavensud.mk/?p=19246.

Графикон број 8
Семафор - Скалило на придонес за родова еднаквост
Преземено од СЗО - Скалило за родово одговорна процена: критериуми за оцена на програми и политики, приспособено од Сања Николин и Александра Владисављевиќ, 2016.

| СКАЛИЛО | ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| **Родово негативни интервенции** | Преку реализација на целите на програми/проекти/мерки се вложува во, се јакне или одржува родовата нееднаквост.<br>**Примери**: прекинот на јавниот превоз негативно влијае на жените кои за време на пандемијата не работат од дома); |
| **Родово неутрални интервенции** | При планирањето интервенции, родот не се зема предвид и се смета дека е нерелевантен за исполнување на целите.<br>(**Пример:** известување за бројот на заразени лица со ковид-19 според направени тестови, број на лица поставени на респиратор, смртност, број на смртни случаи, број на прекршувања на забраната за движење и други информации кои не се родово расчленети (односно расчленети по пол, возраст, општина и други релевантни варијабли). |
| **Родово сензитивни интервенции** | Родот се смета за важна варијабла за постигнување на целите на интервенцијата и расчленети податоци по пол, барем делумно се достапни.<br>(**Пример**: економска поддршка за микро и мали претпријатија) |
| **Родово позитивни интервенции** | Родот е клучен за постигнување на целите на интервенцијата и родовата анализа претставува еден од главните параметри за планирање и носење одлуки.<br>(**Пример**: мерки за давање одговор на родово базирано насилство во околности на ковид-19, кои се подготвени во консултации со групи на жени.) |
| **Родово трансформативни интервенции** | Интервенциите се справуваат со основните причини за родовиот јаз. Трансформацијата е системска и одржлива<br>(**Пример**: родово одговорна распределба на ресурси за време на и по давањето одговор на ковид-19, родово одговорна фискална политика; иницијативи и политики за зголемена избалансирана поделба на неплатената работа). |

По примерот на многу земји во светот, во време кога беа забавени економските активности за да се спречи ширењето на вирусот, Владата усвои сет мерки за да се ублажат ефектите од економската и здравствената криза предизвикана од ковид-19. Меѓутоа, како што покажуваат голем број студии, кризата не влијае подеднакво на жените и мажите. Оттаму, кога се креираат мерки и јавни политики, креаторите на политики мора да ја применат родовата перспектива со цел да се замат предвид различните потреби и приоритети и на мажите и на жените. Покрај тоа, родовиот пристап при креирањето политики треба да биде поткрепен

Анализата на мерките усвоени од Владата на Северна Македонија за ублажување на последиците од ковид-19 покажува дека родовата перспектива само спорадично е земена предвид, или само во исклучителни случаи

со партиципативни методи, односно, да се обезбеди поголем број жени и претставници на ранливите групи да учествуваат во процесот за креирање политики.

Анализата на мерките усвоени од Владата на Северна Македонија за ублажување на последиците од ковид-19 покажува дека родовата перспектива само спорадично е земена предвид, или само во исклучителни случаи. Иако сите мерки имаат родова димензија и неизбежно и различни импликации за жените и мажите, процената дадена подолу покажува дека родовата перспектива е позастапена кај некои за разлика од други мерки. Од 46 анализирани мерки во врска со кризата со ковид-19 (види Анекс број 3), кои може да имаат родова димензија, само 14 од нив може да се смета дека се родово позитивни, а 2 се родово трансформативни, а тоа е само 35 % од сите мерки. Тоа значи дека повеќето мерки се родово неутрални. Според EIGE, родово неутрално законодавство е „*законодавство кое е напишано со универзална терминологија, каде се игнорираат конкретни родови ситуации и релации на моќ меѓу жените и мажите со кои се поткрепува дискриминација врз основа на пол и род, вклучувајќи и родово базирано насилство врз жени*“[71]. Оттаму, неопходно е да се преиспитаат родово неутралните закони кои на ист начин постапуваат со жените и мажите за да се оцени дали тоа ќе ја попречи или забрза родовата еднаквост и ќе придонесе за отстранување на дискриминацијата врз основа на пол и род.

### Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа

Владата усвои две мерки во рамките на оваа категорија. Првата од двете мерки се однесува на итната набавка на 200 респираторни машини, со цел да се зајакне капацитетот и подготвеноста на јавното здравство да дава услуги на поголем број пациенти доколку кај потешките случаи е неопходна механичка вентилација. Не постои реален доказ дали тие машини подеднакво се користат за жени и мажи од различни групи и иако тоа е намерата на политиката, при оцената на влијанијата треба да се утврди дали сите граѓани, жени и мажи, и жени и мажи од малцинските групи, со попреченост, повозрасни лица, итн. имаат еднаков пристап до респираторите кои се набавени во рамките на оваа мерка.

Втората мерка во оваа категорија се однесува на зголемувањето на платата за 20 % на медицинскиот кадар кој е вклучен во борбата против ковид-19 за период од два месеца. Од родова перспектива, тоа е родово позитивна интервенција доколку се земат предвид податоците од 2019 година дека дури 72,33 % од вработените во јавното здравство се жени, и тука спаѓаат жени кои се лекарки, медицински сестри, фармацевтки и лаборантки. Процентот на вработени жени како медицински сестри во јавното здравство е дури поголем во однос на вкупната бројка на овој здравствен кадар. Со мерката се опфатени само лекарите, но не и медицинските сестри/техничари, и, генерално, важи за сите, иако најзасегнат беше медицинскиот кадар кој работи во центрите за ковид-19, односно: Клиниката

71 За повеќе термини за родова политика, види: https://eige.europa.eu/thesaurus/terms/1192.

за инфективни болести, Градската општа болница 8-ми Септември, Детската клиника во Скопје и инфективните одделенија во секоја од општите болници ширум земјата. Мерката се оценува како родово позитивна интервенција бидејќи се однесува на целна група од здравствени професионалци, но, проблематично е дека е ограничена само на лекар(к)ите, со оглед дека медицинските сестри го носат најголемиот товар во грижата за пациенти со ковид- 19 и, главно, таму во здравствениот сектор работат најголем број жени. Мерката е со ограничено времетраење од два месеца. Иако оваа мерка е родово позитивна, сепак, не е трансформативна. Родово одговорна и трансформативна мерка за ковид-19 би вклучила и поддршка за одржувањето баланс меѓу работата и приватниот живот за здравствените работници за време на кризата со ковид-19 и би дала одговор на стравот и стресот кај медицинските сестри и лекар(к)ите кои ги изложуваат своите семејства на ризик со тоа што тие се изложени на вирусот со работата која ја вршат. На пример, мерка со која медицинскиот кадар ќе се организира да работи во смени на секои две недели и за време на смените државата да им обезбедува сместување со цел семејствата на здравствениот кадар да не бидат изложени на ризик; тестирање на почетокот и завршувањето на секоја смена; и одмор во траење од две недели по завршувањето на работната смена за да им се овозможи на семејствата да поминуваат време заедно без страв дека се изложени на ризик.

Анализата на двете мерки во оваа категорија покажа дека едната е родово позитивна, а другата е родово неутрална.

| | **Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа** |
|---|---|
| ☹ | 1) итна набавка на 200 респираторни машини; |
| 😐 | 2) зголемување од 20 % на платите на медицинскиот кадар кој е вклучен во борбата против ковид-19 за период од два месеца. |

## Економско закрепнување и егзистенција

Поголемиот дел мерки кои Владата ги усвои за ублажување на влијанијата од кризата со корона вирусот, спаѓаат во оваа категорија, односно, мерки за економско закрепнување и за егзистенција на граѓаните. Тоа е сосема разбирливо бидејќи според процените, економските последици од корона вирусот се огромни и далекусежни за светската економија, вклучително и за македонската економија.

Мерките кои се усвоени во оваа категорија може да се поделат во неколку подгрупи.

### ▸ Даночни ослободувања и намалувања

Во оваа поткатегорија беа усвоени четири мерки за ублажување на влијанијата од корона вирусот врз економијата и животот на граѓаните. Тука спаѓаат: 1) ослободување од износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и

мај 2020 година; 2) ослободување од износот на аконтациите на данокот на личен доход за март, април и мај 2020 година за даночни обврзници кои остваруваат приходи од хонорарна работа во одредени дејности; 3) укинување на царинските давачки за медицинска опрема; 4) државна гаранција за обезбедување царински долг за да се поддржува извозот во вкупна вредност од 3 милиони евра.

**Сите усвоени мерки, освен една, се оценуваат како родово неутрални бидејќи важат за сите граѓани подеднакво и не ги земаат предвид различните потреби кои произлегуваат од родовите улоги**

Сите усвоени мерки, освен една, се оценуваат како родово неутрални бидејќи важат за сите граѓани подеднакво и не ги земаат предвид различните потреби кои произлегуваат од родовите улоги, стереотипи или патријархалниот модел на семејството кој ги одредува родовите релации меѓу жените и мажите. Меѓутоа, влијанијата од мерките нема да бидат родово неутрални зависно од процентот на жени и мажи кои работат во компаниите кои плаќаат даноци (данок на личен доход и данок на добивка). Мерката за ослободување од износот на аконтациите на данокот на личен доход за лица кои вршат самостојна дејност може особено да влијае на жените преведувачки, но и на мажите во ИТ индустријата кои работат на интернет-платформи, со оглед дека ги има во значителен број, односно 3,41 на 1.000 граѓани[72]. Оттаму, оваа мерка се оценува како родово позитивна. Меѓутоа, без измени на законската рамка за работни односи за да се овозможи заштитен механизам за овие нови форми на економска активност, мерката не може да прерасне во родово трансформативна. Обезбедување на социјална и здравствена заштита специфична на работниот ризик (работа на компјутер, во различни временски зони, виртуелна работа и сл.), баланс меѓу работата и приватниот живот, како и правото „да се исклучиш од интернет“ се основа за мерките да станат родово трансформативни.

| | **Даночни ослободувања и намалувања** |
|---|---|
| ☹ | 1) ослободување од износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и мај 2020 година; |
| 😐 | 2) ослободување од износот на аконтациите на данокот на личен доход за март, април и мај 2020 година за даночни обврзници кои остваруваат приходи од хонорарна работа; |
| ☹ | 3) укинување на царинските давачки за медицинска опрема; |
| ☹ | 4) државна гаранција за обезбедување царински долг за да се поддржува извозот во вкупна вредност од 3 милиони евра. |

### Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста

Владата усвои вкупно 11 мерки во оваа поткатегорија: 1) субвенционирање 50 % од трошоците за придонеси за вработените за април, мај и јуни 2020 година (до 50 % од просечната плата за јануари 2020 година); 2) обезбедување 14.500 денари по вработен за април и мај 2020 година за сите компании; 3) бескаматни кредити во износ од 13,7 милиони денари преку Развојната банка на Северна Македонија за

72 https://analyticshelp.io/blog/global-internet-freelance-market-overview-2018/?fbclid=IwAR2OCdFA0ZaFUS2RGLSNrHRaMrCNLle7xWsH_QglNlngZREphhhE4ClNaCg.

микро, мали и средни претпријатија од најпогодените сектори и 4) обезбедување заеми во износ од 50 милиони евра со ниска каматна стапка од околу 1,5 % преку Развојната банка на Северна Македонија и Европската инвестициска банка за мали и средни претпријатија преку комерцијалните банки; 5) туристичките агенции се обврзани да издаваат ваучери за откажани аранжмани со траење до 31 декември 2021 година; 6) бескаматни заеми за микро и мали претпријатија преку Развојната банка на Северна Македонија, во вредност од 31 милион евра, вклучувајќи и 30 % неповратни средства за компании кои ги водат или се основани од жени или вработуваат млади луѓе, вршат извоз или воведуваат иновации и дигитализација во работењето; 7) преземање дел од кредитниот ризик за стартапи и мали и микрокомпании преку комерцијалните банки во износ од 10 милиони евра почетен капитал за полесен пристап до финансиски ресурси; 8) финансиска поддршка во износ од 25 милиони евра за јакнење на конкурентноста на компаниите за освојување нови пазари и модернизација на процесите; 9) дигитална платформа за новите пазари за текстилните компании со финансиска поддршка од 1 милион евра; 10) поддршка за развој на домашни стартап производи и услуги преку Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) во износ од 1,6 милиони евра; 11) кофинансирање на настани и конференции со 50 % финансиска поддршка од државата во износ до 30.000 денари.

**Девет од единаесетте мерки се оценуваат како родово неутрални.**

Девет од единаесетте мерки се оценуваат како родово неутрални. Само една мерка може да се смета дека е родово позитивна мерка (мерката под број 9), бидејќи намерата е директно да се помогне на текстилните компании да ги извезуваат производите и да продолжат да работат. Текстилните компании, главно, вработуваат жени и со оваа мерка значително се задоволуваат нивните потреби. Мерката под број 6 за давање заеми на компании кои се основани од жени и вработуваат млади луѓе и воведуваат иновации и дигитализација во нивното работење, се смета дека е родово трансформативна, бидејќи ги опфаќа родовите норми, улоги и релации меѓу жените и мажите и дека тие влијаат на пристапот до и контролата врз ресурсите.

| | **Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста** |
|---|---|
| | 1) субвенционирање 50 % од трошоците за придонеси за вработените за април, мај и јуни 2020 година (до 50 % од просечната плата за јануари 2020 година); |
| | 2) обезбедување 14.500 денари по вработен за април и мај за сите компании; |
| | 3) бескаматни кредити во износ од 13,7 милиони денари преку Развојната банка на Северна Македонија за микро, мали и средни претпријатија од најпогодените сектори; |
| | 4) обезбедување заеми во износ од 50 милиони евра со ниска каматна стапка од околу 1,5 % преку Развојната банка на Северна Македонија и Европската инвестициска банка за мали и средни претпријатија преку комерцијалните банки; |

| | |
|---|---|
|  | 5) туристичките агенции се обврзани да издаваат ваучери за откажани аранжмани со траење до 31 декември 2021 година; |
|  | 6) бескаматни заеми за микро и мали претпријатија преку Развојната банка на Северна Македонија, во вредност од 31 милион евра, вклучувајќи и 30 % неповратни средства за компании кои ги водат или се основани од жени или вработуваат млади луѓе, вршат извоз или воведуваат иновации и дигитализација во работењето; |
|  | 7) преземање на дел од кредитниот ризик за стартапи и мали и микрокомпании преку комерцијалните банки во износ од 10 милиони евра почетен капитал за полесен пристап до финансиски ресурси; |
|  | 8) финансиска поддршка во износ од 25 милиони евра за јакнење на конкурентноста на компаниите за освојување нови пазари и модернизација на процесите; |
|  | 9) дигитална платформа за новите пазари за текстилните компании со финансиска поддршка од 1 милион евра; |
|  | 10) поддршка за развој на домашни стартап производи и услуги преку ФИТР во износ од 1,6 милиони евра; |
|  | 11) кофинансирање на настани и конференции со 50 % финансиска поддршка од државата во износ до 30.000 денари. |

### Заштита на животниот стандард

Владата усвои сет од 5 мерки за заштита на животниот стандард на граѓаните: 1) замрзнување на цените на основните производи; 2) овозможување на банките, финансиските компании и лизинг компаниите да ги репрограмираат заемите; 3) намалување на каматната стапка, запирање на законот за извршување и забрана за отворање стечајна постапка; 4) финансиска поддршка за спортистите во износ од 14.500 денари во април и мај 2020 година; 5) паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 година.

Само една од овие мерки, односно, мерката за замрзнување на цената на основните производи, може да се смета дека е родово сензитивна, бидејќи индиректно влијае да се намали социјалниот ризик за ранливите жени и други категории на граѓани кои на различни начини се на „раб“ да опстанат. Другите мерки, генерално, важат за сите граѓани и се чини дека не постоела родова димензија во планирањето, но, имплементацијата и тоа, особено, на мерката број 6 може да има поголемо влијание на жените отколку на мажите бидејќи резултатите од мониторингот на Центарот за истражување и креирање на политики покажуваат дека повеќето жени ги изгубиле работните места за време на вонредната состојба (види Поглавје 2.3); додека, пак, мерката број 4 се оценува дека влијае повеќе на мажите отколку на жените со оглед дека има многу поголем број мажи спортисти од жени спортистки кои ја користеле мерката (82,69 % мажи и 17,31 % жени)[73].

73 https://cutt.ly/xsDmNYr.

| | **Заштита на животниот стандард** |
|---|---|
|  | 1) ослободување од износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и мај 2020 година; |
|  | 2) овозможување на банките, финансиските компании и лизинг компаниите да ги репрограмираат заемите; |
|  | 3) намалување на каматната стапка, запирање на законот за извршување и забрана за отворање стечајна постапка; |
|  | 4) финансиска поддршка за спортистите во износ од 14.500 денари во април и мај 2020 година; |
|  | 5) паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 година. |

### Ликвидност на државниот буџет

Две од трите мерки од табелата подолу може да имаат родови импликации: 1) претседателите и членовите на управни и надзорни одбори нема да добиваат надоместок; и 3) планиран заем од 580 милиони евра од странски кредитори. Првата мерка ќе влијае на мажите кои се носители на тие функции со оглед дека мажите се, главно, на раководни позиции во одборите; а за третата мерка, исто така, може да се одредат родови фискални импликации доколку се обезбедат податоци за што ќе биде наменет заемот. За таа цел е неопходна детална оцена на родовите фискални импликации. Уставниот суд ја укина првата мерка со која се намалија негативните ефекти врз мажите од давањето одговор на кризата со ковид-19. Со оглед дека мерката 2) отворање солидарен фонд за ковид-19 за донации се оценува како родово слепа мерка, сепак, аспектот на родова одговорност може да се подобри доколку ресурсите од солидарниот фонд за ковид-19 бидат транспарентно наменети за жени и мажи кои имаат потреби.

Ефективноста на интервенциите во голема мера зависи од расположливоста на средства. Имено, треба да се обезбедат соодветни, навремени и предвидливи ресурси за да може да се спроведат заложбите за инклузивна подготвеност и давање одговор во вонредна состојба. Државите треба да се воздржуваат од нанесување штета преку промовирање практики кои се во спротивност на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Потребно е да се зема предвид примената на пристапот базиран на човековите права во циклусот на управување со вонредната состојба, коешто не е направено во Северна Македонија.

Ефективноста на интервенциите во голема мера зависи од расположливоста на средства

| | **Ликвидност на државниот буџет** |
|---|---|
|  | 1) претседателите и членовите на управни и надзорни одбори нема да добиваат надоместок; |
|  | 2) отворање солидарен фонд за ковид-19 за примање донации; |
|  | 3) планиран заем од 580 милиони евра од странски кредитори. |

### Стимулирање на потрошувачката и ревитализација на економијата

Владата усвои шест мерки во оваа поткатегорија: 1) платежна картичка во износ од 9.000 денари за купување македонски производи и услуги за невработените, граѓаните со ниски приходи и примателите на гарантирана минимална социјална помош; 2) ваучер за домашен туризам од 6.000 денари и домашна платежна картичка од 3.000 денари за граѓани со нето-плата помала од 15.000 денари; 3) платежна картичка од 3.000 денари за млади луѓе за купување домашни производи и услуги; 4) ваучер од 30.000 денари за кофинансирање на обуки и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади луѓе; 5) финансиска поддршка за млади лица во износ до 6.000 денари за покривање на школарина за студирање на универзитетите и за сместување во студентските домови; 6) викенд без ДДВ за сите граѓани во одредени продажни сектори. Сите мерки ги опфаќаат невработените жени и мажи, лицата со ниски приходи или младите луѓе, со цел да им се помогне на најранливите. Со оглед дека жените се позастапени од мажите во подгрупите со невработени и ниско платени граѓани, со мерките 1 и 2 се дава одговор на потребите на жените. Меѓутоа, при подготовката на мерката, не се земени предвид родовата димензија и попреченоста во оваа категорија, иако навидум сите мерки се приспособени да им помогнат на луѓето од ранливите категории. Имајќи предвид дека родовиот јаз во платите изнесува околу 18-19 %, потенцијални корисници на првите три мерки може да бидат жените. Меѓутоа, веројатно, за да го прошират опсегот на мерките да важат за сите граѓани, креаторите на политики не дефинирале конкретни мерки за ранливи категории на граѓани, жени или други посебни категории коешто би овозможило мерките да бидат и поинклузивни и поправични.

| | **Стимулирање на потрошувачката и ревитализација на економијата** |
|---|---|
|  | 1) платежна картичка во износ од 9.000 денари за купување македонски производи и услуги за невработените, граѓаните со ниски приходи и примателите на гарантирана минимална социјална помош; |
|  | 2) ваучер за домашен туризам од 6.000 денари и домашна платежна картичка од 3.000 денари за граѓани со нето-плата помала од 15.000 денари; |
|  | 3) платежна картичка од 3.000 денари за млади луѓе за купување домашни производи и услуги; |
|  | 4) ваучер од 30.000 денари за кофинансирање на обуки и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади луѓе; |
|  | 5) финансиска поддршка за млади лица во износ до 6.000 денари за покривање на школарина за студирање на универзитетите и за сместување во студентските домови; |
|  | 6) викенд без ДДВ за сите граѓани во одредени продажни сектори. |

### Поддршка за земјоделството

За време на вонредната состојба, Владата усвои 7 мерки за поддршка на земјоделството за да се ублажат последиците од кризата со ковид-19. Тука

спаѓаат следните мерки: 1) финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработка и извоз на примарни и преработени земјоделски производи; 2) платежна картичка за субвенционирање на 50 % од зелената нафта (за 50.000 земјоделци) во износ од 4,6 милиони евра; 3) стимулирање на преработувачите на грозје и винариите да произведуваат алкохолен дестилат кој ќе се користи од страна на домашните хемиски компании за производство на средства за дезинфекција во вредност од 3,5 милиони евра за период од три години; 4) јавно-приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор; 5) долгорочен закуп на пасишта и окрупнување на земјоделското земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство; 6) воведување програма за финансирање на микроземјоделски претпријатија во износ од 3 милиони евра 7) мерки за модернизација на земјоделството преку заем од Светска банка во износ од 50 милиони евра.

Од сите горенаведени мерки, само една мерка, односно мерката под број 4 има родова димензија поради фактот што жените производители учествуваат со голем процент во работната сила и во производствените и преработувачките процеси во тутунскиот сектор и лозарството (30 % се жени). Меѓутоа, неопходно е да се обезбедат повеќе податоци за склучени партнерства за да може да се направи подетална родова анализа во однос на примената на оваа мерка. Кај сите останати мерки се забележува родова неутралност, кое неопходно не мора да значи дека влијанието врз жените и мажите од примената на мерката нема да биде различно и да создаде родова нееднаквост. Поради таа причина, неопходно е да се направи процена на фискалните влијанија од родова перспектива за да се утврди кој имал пристап до ресурсите и дали жените и мажите имаат подеднакви придобивки од обезбедените мерки.

| | **Поддршка за земјоделството** |
|---|---|
|  | 1) финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработка и извоз на примарни и преработени земјоделски производи; |
|  | 2) платежна картичка за субвенционирање на 50 % од зелената нафта ((за 50.000 земјоделци0) во износ од 4,6 милиони евра; |
|  | 3) стимулирање на преработувачите на грозје и винариите да произведуваат алкохолен дестилат кој ќе се користи од страна на домашните хемиски компании за производство на средства за дезинфекција во вредност од 3,5 милиони евра за период од три години; |
|  | 4) јавно-приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор; |
|  | 5) долгорочен закуп на пасишта и окрупнување на земјоделското земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство; |
|  | 6) воведување програма за финансирање на микроземјоделски претпријатија во износ од 3 милиони евра; |
|  | 7) мерки за модернизација на земјоделството преку заем од Светска банка во износ од 50 милиони евра. |

### Социјална заштита и пазар на труд

Владата усвои четири мерки во оваа категорија: 1) брз влез во системот за социјална заштита за лица кои биле дел од неформалната економија и останатите за да добијат минимална гарантирана помош врз основа на вкупните приходи на сите членови на семејството, пресметано за последниот месец наместо за последните 3 месеци; 2) асистенција за лицата со попреченост и постарите лица во 27 општини за полесно справување со кризата преку вклучување на 200 невработени лица како даватели на услуги; 3) финансиски надоместок во износ од 50 % од просечната месечна нето-плата за вработените исплатена во последните 24 месеци. Невработено лице кое било вработено во континуитет во последните 9 месеци или 12 месеци со прекини во последните 18 месеци, пред прекинот на вработувањето има право на финансиски надоместок; 4) продолжување на породилното отсуство до истекот на привремените мерки за заштита од ширењето на ковид-19 и негово спречување.

Анализата на родовата перспектива во оваа категорија покажува дека сите четири мерки се родово сензитивни бидејќи ги земаат предвид различните потреби на мажите и жените, како и вклученоста на жените во нивната примена

Анализата на родовата перспектива во оваа категорија покажува дека сите четири мерки се родово сензитивни бидејќи ги земаат предвид различните потреби на мажите и жените, како и вклученоста на жените во нивната примена. Последното најдобро се гледа преку мерката број два, каде поради родовата улога на жената во општеството, се очекува дека жените ќе бидат ангажирани како даватели на услуги. Од друга страна, тоа е отсликано и во мерките 3 и 4, преку посебни одредби кои се однесуваат на бремените жени и породилното отсуство за време на пандемијата со ковид-19. Она што може да се подобри во однос на родовата димензија е таквите мерки да не бидат ограничени само на вонредни состојби и посебни околности, туку родовата перспектива да се земе предвид и при одредувањето на овие мерки и во нормални околности. Исто така, треба да се истакне дека во овие мерки не ја вклучуваат димензијата на попреченоста, поради што жените и девојчињата со попреченост се исклучени од групата на корисници. На крај, со оглед дека многу жени во неформалниот сектор, кои работат како хигиеничарки и домашни помошнички, останаа без работа на пазарот на труд, со првата мерка постои намерата да се одговори на потребите и на нивниот интерес да се остане на пазарот на труд. За време на интервјуата кои се спроведуваа како дел од истражувањето беа истакнати проблеми во однос на исполнувањето на условите и остварувањето на правата од оваа мерка, особено кај жените Ромки.

| | Социјална заштита и пазар на труд |
|---|---|
| | 1) брз влез во системот за социјална заштита за лица кои биле дел од неформалната економија и останатите за да добијат минимална гарантирана помош врз основа на вкупните приходи на сите членови на семејството, пресметано за последниот месец наместо за последните 3 месеци; |
| | 2) асистенција за лицата со попреченост и постарите лица во 27 општини за полесно справување со кризата преку вклучување на 200 невработени лица како даватели на услуги; |
| | 3) финансиски надоместок во износ од 50 % од просечната месечна нето-плата за вработените исплатена во последните 24 месеци. Невработено лице кое било вработено во континуитет во последните 9 месеци или 12 месеци со прекини во последните 18 месеци, пред прекинот на вработувањето има право на финансиски надоместок; |
| | 4) продолжување на породилното отсуство до истекот на привремените мерки за заштита од ширењето на ковид-19 и негово спречување. |

## Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија

Во оваа категорија спаѓаат две мерки: 1) одложено плаќање на станарината за социјално домување и воведување енергетски додаток во износ од 1.000 денари за април и мај 2020 година; и 2) олеснет пристап до правото на детски додаток и продолжување на рокот за поднесување барања за еднократна помош за новороденче, за остварување и продолжување на право на родителски додаток за трето дете, за продолжување на правото на родителски додаток за четврто дете.

Анализата на првата мерка покажува дека намерата на политиката е да биде родово неутрална, меѓутоа, влијанијата може да имаат родова димензија зависно од тоа кои се корисниците. Без конкретни одредби за поддршка на самохрани мајки, жртви на насилство и слично, мерката сама по себе не дава објаснување за родовата димензија иако има огромен потенцијал за родова сензитивизација кога би била наменета за самохрани мајки, големи семејства и ранливи категории на граѓани, како и особено жени од руралните области и жени со попреченост. Жртвите на насилство, кои беа интервјуирани за потребите на оваа истражување, исто така, укажаа на потребата од појаснување на економските мерки на Владата и за мерките наменети за лица во социјален ризик, сé со цел да може да биде пристапено кон придобивките предвидени со таквите мерки.

Втората мерка која се однесува на пристап до правото на детски додаток и продолжени рокови за поднесување барања за остварување на тоа право, може слободно да се каже дека е родово сензитивна, односно, содржи елементи на трансформативна мерка со оглед дека се подобрува материјалната состојба на ранливите семејства, особено на самохраните мајки.

| | **Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија** |
|---|---|
|  | 1) одложено плаќање на станарината за социјално домување; воведување енергетски додаток во износ од 1.000 денари за април и мај 2020 година; |
|  | 2) олеснет пристап до правото на детски додаток и продолжување на рокот за поднесување барања за еднократна помош за новороденче, за остварување и продолжување на правото на родителски додаток за трето дете, за продолжување на правото на родителски додаток за четврто дете. |

## Партнерство со граѓански организации, консултации со чинителите и комуникација со граѓаните

Одлуките кои се носат за време на вонредна состојба се јавни и истите редовно се објавуваат на интернет-страницата на Владата. Информациите во врска со состојбата со ковид-САРС-19 беа објавувани преку прес-конференции (главно, од министерот за здравство, Венко Филипче) и дневни соопштенија за медиумите од страна на Институтот за јавно здравје со статистички податоци за вирусот. Меѓутоа, кога станува збор за одлуките кои ги носеше Владата, недостасуваа пошироки консултации, освен со бизнис-секторот со оглед дека најголем број средби од страна на владини претставници беа одржани со бизнис-секторот. Спротивно на тоа, се следеше процедура според која одлуките се подготвуваа, презентираа на прес-конференција и потоа се усвојуваа. Меѓутоа, по искажаното несогласување и незадоволство на јавноста со усвоените одлуки, Владата често ги менуваше таквите одлуки за да се одговори на критиките. Од клучна важност е Владата да изнајде начин на кој пошироката јавност ќе биде консултирана, а особено заинтересираните страни при подготовката на мерките, но и да се обезбеди колку што е можно повеќе аргументација на мерките кои се предлагаат и за буџетите кои се користат, во однос на состојбата на која се однесуваат и целта која сакаат да ја постигнат и со тоа да се градат и зацврстуваат односите кои се воспоставени помеѓу владините институции и граѓанското општество. Ова ќе има позитивно влијание наразличните степени на јавна доверба и за возврат, ќе помогне во прифаќање и зајакнување на чувството на личната и општествената одговорност. Доколку ригорозните мерки од почетокот на кризата беа комбинирани со поширок опфат на опшетствена соработка, односно, одговорноста да се доделеше на поединецот, немаше да има такво влошување и опаѓање на социјалната кохезија, особено со порастот на бројот на случаи заразени со ковид-19, коешто доведе до поларизација на општеството на три основи: политички, верски/етнички и залагање за либерализација наспроти залагање за забрани[74]. Дотолку повеќе што нашето истражување покажа дека речиси и да немало консултации со женските организации при подготовката на мерките.

Државата не спроведе никакви консултации со мажите и жените со попреченост за време на вонредната состојба и организациите на лицата со попреченост не

74 http://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/16286.pdf.

беа активно вклучени во подготовката, примената и следењето на законите и политиките во врска со вонредната состојба, покрај тоа што државата според Конвенцијата за правата на лицата со попреченост има обврска (член 4.3) неопходно да обезбеди неусловено јавно финансирање за независно, целосно и ефективно учество на граѓанското општество[75].

Во услови на распуштено Собрание и техничка Влада која има и законодавна и извршна моќ, надзорот и прегледот врз одлуките од страна на независни тела (вклучително и здруженијата на граѓани) се од огромна важност. „Невладината сцена е релативно тивка од почетокот на кризата и се чини дека е повеќе насочена на активности од солидарност, наместо на традиционалната надзорна („watchdog") функција, особено што целосната дебата за премин кон авторитарност и можна злоупотреба на пандемијата за ограничување на граѓанските слободи, во моментов се одвива со многу мал интензитет во македонското општество"[76]. За таа цел, со голема разочараност беше прифатена одлуката за кратење на буџетот наменет за финансирање на граѓанското општество од 9 април 2020 година, што предизвика граѓанското општество обединето да побара ревидирање на таквата одлука, по што за кусо време следуваше повик за апликации за проекти на здруженијата на граѓани во врска со ковид-19[77] по што беа поднесени 549 апликации од кои на 40 здруженија на граѓани им беа доделени грантови[78]. Процедурата за селекција наиде на сериозни критики со оглед дека процесот траеше само 48 часа со што се фрли темна сенка на процесот на селекција како пристрасен[79].

75 Види CRPD/C/HRV/CO/1, параграф 53.

76 FES (2020) Democracy And The State Of Emergency Political Battles Emerging out of the Corona Crisis in the Western Balkans, Croatia and Sloveniahttp://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/16213.pdf.

77 https://vlada.mk/node/21648.

78 https://www.radiomof.mk/vladata-ja-objavi-rang-listata-so-site-549-nevladini-shto-aplicirale-za-proekti-za-kovid-19/.

79 https://www.radiomof.mk/organizacii-baraat-da-se-ponishti-vladinata-odluka-za-dodeluvanje-sredstva-na-organizacii/.



поглавје

# 2

# АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЈАТА ОД ОДГОВОРОТ КОЈ СЕ ДАВА ЗА КОВИД-19 ВРЗ РОДОТ И РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Пандемијата со ковид-19 која е предизвикана од нов корона вирус, радикално ги смени начините на кои луѓето живеат и работат и изврши огромно влијание на физичката и менталната добросостојба.



## 2.1. УЧЕСТВО НА ЖЕНИ И МАЖИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Пандемијата со ковид-19 која е предизвикана од нов корона вирус, радикално ги смени начините на кои луѓето живеат и работат и изврши огромно влијание на физичката и менталната добросостојба. Опсежната онлајн анкета на Eurofound покажа дека над една четвртина од испитаниците ширум Европската Унија, во оваа фаза, се изјасниле дека ги изгубиле работните места привремено (23 %) или трајно (5 %) и најзасегнати се младите мажи и оние кои живеат во Романија, Италија, Франција, Кипар и Грција кои работат со намалено работно време. Во нордиските земји се изјасниле дека има најмалку намалување на работното време[80]. Во Северна Македонија, според податоците за регистрирани невработени лица кои месечно ги објавува Агенцијата за вработување, кризата предизвика големи негативни ефекти врз невработеноста. Како што е прикажано на графикон број 9 подолу, бројот на регистрирани невработени лица бележи висок нагорен тренд од почетокот на кризата. На 31 мај 2020 година, имало за 21,11 % поголем број регистрирани невработени лица, споредено со истиот месец во 2019 година (21.127 во апсолутни бројки) и 14,53 % повеќе над вкупниот баланс на невработени од 29 февруари 2020 година пред да започне да се развива кризата.

Графикон број 9
Регистрирани невработени лица, мај 2019 - мај 2020 година
Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија




Покрај тоа, стапката на невработеност на жените е повеќе зголемена споредено со мажите, коешто е за очекување со оглед дека традиционално поголем број жени работат во најзасегнатите сектори од кризата, како што се непрехранбената малопродажба и услужната дејност. Како што е прикажано на графиконот број 10 подолу, на 31 мај 2020 година, Агенцијата за вработување известила за зголемување од 15,12 % во невработеноста кај жените споредено со податоците за периодот пред кризата од 29 февруари 2020 година, а стапката на невработеност кај мажите пораснала за 13,97 % во истиот период.

80 Eurofound, (2020) Living, working and COVID-19, https://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_publication/field_ef_document/ef20058en.pdf.

Графикон број 10
Број на регистрирани невработени лица, споредба меѓу ситуацијата на 31 мај 2020 и 29 февруари 2020 година
Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија




На следниот приказ се гледаат 10-те македонски градови кои се соочиле со најголем пораст во бројот на регистрирани невработени жени, споредено за периодот помеѓу 31 мај и 29 февруари, 2020 година. Очигледно е дека жените од Гевгелија се најзасегнати од кризата, град кој се наоѓа на јужната граница на Северна Македонија и е познат по услужниот сектор, поврзан со казината често посетувани од гости од Грција.

Графикон број 11
Промени во бројот на регистрирани невработени жени помеѓу 31 мај 2020 и 29 февруари 2020 година, сортирани по процентна промена, 10 главни градови
Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија




Жените кои не беа регистрирани како вработени, но беа активни на неформалниот пазар на труд, нагло ги изгубија работата и приходите. Особено жените Ромки се соочија со најголеми тешкотии. Тие, главно, работат како домаќинки, чистачки или продавачки на пазарите и со оглед на фактот дека беа затворени и зелените пазари и луѓето седеа дома за време на полицискиот час и самостојно се грижеа за своите домови, жените Ромки вклучени во неформалната работа останаа невработени[81].

81 Интервју со Фатима Османовска, СДСМ, претседател на Општинскиот совет на Општина Шуто Оризари, јуни 2020 година.

Губењето на работните места во комбинација со намаленото работно време и намалените плати предизвикаа финансиски проблеми насекаде. Во Европската Унија, Eurofound утврди јаз од 48 процентни поени помеѓу земјите членки кои се изјасниле, во најнизок (Данска со 12 %) и највисок (Бугарија со 60 %) процент, дека финансиската состојба е полоша од пред три месеци. Тоа може да се забележи и во Северна Македонија и се должи како на намалувањето на платите, загубените работни места, така и на комбинацијата од други финансиски оптоварувања кај ранливите групи во населението (Роми, невработени лица, самохрани мајки) кое се јавува поради следењето на препораките за заштита на здравјето и социјалната дистанца. Во однос на платите, графикон број 12 подолу покажува дека кризата негативно влијаеше и на трендот на нето-просечната плата. Споредено со највисокиот износ од 27.206 денари во февруари 2020 година, истиот опадна на 25.830 денари во април 2020 година со релативен пад од 5,06 % (графикон број 12).

Графикон број 12
Просечна нето-плата, септември 2019 - април 2020 година, избрани 5 главни сектори со највисок процент на опаѓање, споредено со февруари 2020 година
Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија




Меѓутоа, сосема очекувано, некои сектори особено беа погодени од кризата. Забавната индустрија, па дури и граѓанското општество, се соочија со забавено темпо на работа пропратено со намалени плати. *„Работам во кладилница и во здружение на граѓани, првите ми ја намалија платата, а спроведувањето проекти на здружението на граѓани беше одложено за 2 месеца, кое влијаеше и на исплатата“*[82]. На табелата подолу се прикажани 5-те сектори каде има највисоко процентуално опаѓање споредено со февруари 2020 година, со почетокот на кризата, односно, дејности поврзани со услужни дејности и храна, уметност, забава и рекреација, професионални, научни и технички активности, производство, транспорт и складирање.

82 Интервју со ромски активист, во мај 2020 година.

Табела број 4
Процентуална измена во просечната нето-плата споредено помеѓу април 2020 и февруари 2020 година
Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

| **СЕКТОР** | ПРОМЕНА ВО % СПОРЕДЕНО ПОМЕЃУ АПРИЛ И ФЕВРУАРИ 2020 |
|---|---|
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | -23,18 % |
| Уметност, забава и рекреација | -19,53 % |
| Стручни, научни и технички дејности | -16,11 % |
| Преработувачка индустрија | -10,52 % |
| Транспорт и складирање | -10,32 % |
| Сите сектори | -5,06 % |
| Продажба на големо и малопродажба; поправка на моторни возила и мотоцикли | -4,88 % |
| Информации и комуникации | -3,63 % |
| Дејности на здравствена заштита и социјална заштита | -3,45 % |
| Градежништво | -3,37 % |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | -2,07 % |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | -1,60 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | -1,58 % |
| Водоснабдување; канализација, управување со отпад и дејности за санација на околината | -1,50 % |
| Земјоделство, шумарство и риболов | -0,89 % |
| Образование | -0,59 % |
| Други услужни дејности | -0,13 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 0,88 % |
| Електрична струја, гас, пареа и климатизација | 2,36 % |
| Рударство и вадење камен | 9,48 % |

Со оглед дека работниците кои се во првите редови во борбата против вирусот имаа најголем товар и како клучни работници кои мора да бидат физички присутни на работното место и притоа се најранливи на здравствените ризици и работат повеќе часови за да ги испорачаат услугите со зголемена потреба од нив, на нив треба да им се посвети поголемо внимание и подобро вреднување на трудот. Меѓутоа, одлуката на Владата да се плати надоместок за прекувремена работа и за ноќни смени на безбедносните сили (во армијата и полицијата) каде најмногу работат мажи и истото не е направено за целиот здравствен сектор (покачување на платите беше обезбедено само за лекар(к)ите, но, не и за средниот медицински

и друг кадар во здравствениот сектор) каде најмногу работат жени, е причина за создавање на нов родов јаз. Иако со претходната одлука се потврдува потребата да се оддаде признание за работата и придонесот кој го даваат жените во војската и полицијата[83], *„третиот пакет мерки кој го објави Владата, до одредена мера се однесува и на здравствените работници, но, сѐ уште се прави анализа кој треба да биде вклучен од оние кои се најзасегнати, како што е Клиниката за инфективни болести, центрите за јавно здравје и други ковид - 19 центри; во однос на покачување на платите и покрај тоа што Владата веќе ги зголеми платите на здравствените професионалци“*[84]. И покрај ваквите заложби, од интервјуата со жените кои се ангажирани во првите редови во здравствениот сектор, и особено во лабораториите каде се врши тестирање за ковид- 19, се дознава дека не само што не се стимулирани со дополнителен бонус, туку немаат добиено ни основна плата за последните три месеци[85].

Системот за исплата на плати треба да се коригира и да ги отсликува активностите и одговорностите на луѓето на нивните работни места, како и ризикот да бидат инфицирани на работното место. Системот за исплата на плати не треба да се заснова само на позицијата, годините работен стаж и образованието бидејќи луѓето почнуваат да се чувствуваат дека се дискриминирани. *„Мислам дека сум апсолутно дискриминирана, само вработените од два сектора од вкупно 200 вработени во Институтот за јавно здравје се активно вклучени во одговорот на ковид-19, што значи дека само 30 луѓе се појавуваат на работа секој ден, а ние кои работиме во лабораториите сме изложени на најголем ризик и имаме најдолго работно време. Останатите мои колеги беа испратени дома, да се одмораат и да ставаат слики по социјалните мрежи, а земаат иста плата како и јас“*.[86]

## 2.2. ПОСТОЈНИ РОДОВИ УЛОГИ И РОДОВ СИСТЕМ

Жените, традиционално, се во првите редови кога станува збор за домашните и работните одговорности во семејството. На нив, главно, се гледа како на столб на семејството и имаат повеќе улоги, како што се негувателки и дома и во заедницата. Жените во Северна Македонија поминуваат три пати повеќе време на работи во домаќинството за разлика од мажите и имаат помалку слободно време. Податоците од анкетите спроведени да се оцени како се користи времето укажуваат дека нема значителни подобрувања во однос на тоа како се користи времето од 2009 до 2014 година (кога била направена последната анкета). Индексот за родова еднаквост, исто така, покажува дека постои голема обесправеност на жените во однос на времето; односно, „второ најголемо заостанување (по доменот за пари) има во доменот на време, кога земјата ќе се спореди со земјите членки

83 Интервју со Славјанка Петровска, дополнителен министер за внатрешни работи, мај 2020 година.

84 Интервју со Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, мај 2020 година.

85 Интервју со висок службеник од Институтот за јавно здравје, мај 2020 година.

86 Ибид.

на Европската Унија и просекот од Унијата (ЕУ-28)“[87] Жените го носат товарот на домашните обврски, поминувајќи три пати повеќе време (четири пати повеќе во руралните области) на тие обврски споредено со мажите. Иако жените поминуваат еден час помалку на платено работно место споредено со мажите, сепак, мажите имаат еден час повеќе слободно време, особено за време на викендите[88], со што се потврдува феминистичкиот аргумент дека вработените жени треба да работат „втора смена“ дома. Мерките, кои беа усвоени како одговор на вирусот, ја институционализираа родовата улога на жената како негувателка во домот и семејството и го утврдија родовиот стереотип дека мажот е главен хранител. Имено, по затворањето на градинките следуваше мерката со која на деца помали од 10 години да биде ослободен од работа еден од родителите, од што произлезе дека на секој петти родител таткото беше ослободен од работа, а мајките преземаа три четвртини од севкупната грижа[89]. Покрај тоа, на жените кои беа на породилно отсуство им беше дозволено да го продолжат отсуството од работа за време на пандемијата, а одлуката не вклучуваше продолжување на родителското општество кое исто е регулирано како опција во македонското законодавство за работни односи.




Извор: ЦИКП, Инфографик за влијанијата врз родот од мерката за ослободување од работа поради грижа за деца за време на ковид-19

Кризата е вкрстена со претходно постојната нееднаквост. Затоа и влијанието на различни групи жени е диспропорционално и различно. Фактот дека времето кое жените го поминуваат во домашни активности е во пораст за жените на возраст од 25 до 44 години, и се намалува за мажите од истата возрасна група, тоа дава слика за патријархално семејство каде жената речиси и целосно ја презема грижата за децата, но и за другите членови на семејството. Тоа укажува дека традиционалните родови улоги се доста застапени во општеството и се зацврстуваат кога стапуваат во врска/брак и особено кога имаат деца. Недостига свесност за

87 Индекс за родова еднаквост, достапно онлајн: https://eurogender.eige.europa.eu/system/files/events-files/gender_equality_index_macedonia_eng.pdf.

88 Анкета за искористеноста на времето 2009 година, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија; Анкета за искористеноста на времето 2014/15 година, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.

89 ЦИКП испрати барање за пристап до информации од јавен карактер до 102 детски градинки и доби одговор од 63 детски градинки.

неурамнотеженоста која постои помеѓу домот и работното место кај жените кое, пак, резултира со предизвик кај жените слободно да ги искажат своите потреби и да побараат поддршка. Од жените сѐ уште се очекува да се грижат за децата, да готват и да чистат по дома, а мажите да се грижат за финансиите.

Традиционалните родови улоги ги има, речиси, кај половина од жените, особено кај оние од немнозинските заедници[90]. Наодите од интервјуата со жени Ромки покажуваат дека за време на рестриктивните мерки тие најмногу се грижеле за своите деца, справувајќи се со зголемената домашна работа и време поминато во готвење, чистење и грижа за децата/постарите. Како што истакнуваат дел од нив, тоа било можност да ги усовршат „вештините за готвење". Жените од руралните области, исто така, за време на рестриктивните мерки, биле оптоварени со работа и обврски во домаќинството, како што се готвење, чистење, грижа за децата, купување намирници, покрај тоа што работеле на поле и произведувале зеленчуци, овошја, месо и млечни производи. Во најголемиот број случаи, нивните мажи оделе на работа. ***„Мојот сопруг не беше оптоварен, бидејќи постојано одеше на работа"*** – жена од Ново Село, Кумановско. Поради ограничувањето на движењето за постарите лица, нивните родители не можеле да им помагаат во дневните активности. ***„Мојот сопруг е ослободен од такви обврски подолго време и понекогаш ми помага сестра ми".***[91]

Самохраните мајки за време на криза се најоптоварени. Целиот товар паѓа на нивниот грб, односно, да одговорат на потребите на децата, да направат дезинфекција и како најголемо оптоварување, да им даваат поддршка на децата во образованието. ***„Јас сум потполно сама, немам помош, не комуницирам со никого, немам можност да добијам помош од некого, ниту од родителите, ниту од роднините или пријателите, потполно сме изолирани. Буквално се грижам за сѐ, подготовка на храна, хигиена во домот, хигиена за децата, набавка на храна и производи, прошетки со децата, помагање на децата во образованието, играње со најмалото и, да, јас правам апсолутно сѐ. Се обидувам да ги распределам одговорностите во текот на денот, но, многу е тешко".***[92] Онлајн наставата создаде дополнително и емоционално и ментално оптоварување за нив. „***Се обидувам да им помогнам, но, немам време да им објаснувам детално за секој предмет. Првите неколку недели беа вистински предизвик, бидејќи детето се збуни и мислеше дека штом не оди на училиште, не треба да учи"*** – вели една од интервјуираните самохрани мајки. Да се биде сам родител, воспитувач, чистачка и платен работник беше огромен предизвик и оптоварување за самохраните мајки. „*Наставниците испраќаа сѐ што во моментот ќе најдеа на интернет, поголемиот дел од несигурни извори, користејќи нестандарден јазик и очигледно без контрола на Бирото за развој на образованието и Држав-*

90 http://www2.unwomen.org/-/media/field%20office%20eca/attachments/publications/country/fyr%20macedonia/nat_research_female_labour_market_research.pdf?la=en&vs=936 .

91 Интервју со жена од рурална средина, мај 2020 година.

92 Интервју со самохрана мајка од Скопје, мај 2020 година.

*ниот инспекторат за образование“.*[93] Онлајн наставата беше проблематична за жените од руралните средини, со оглед дека некои од нив не можеа да го носат товарот на трошоците од онлајн наставата бидејќи не можеа да си допуштат да купат компјутер, или интернет-врска, ниту, пак, имаа знаење и вештини да го испорачаат истиот квалитет на настава како и образованите наставници. *„Имаше многу обврски и многу работа околу онлајн часовите, јас работев со помалата ќерка бидејќи наставничката не беше многу заинтересирана да работи и испраќа задачи и затоа ѝ помагав колку што можев“.*[94]

За жал, многу е ниска свеста на носителите на одлуки дека жените се тие кои го обезбедија невидливиот товар за грижата за време на рестриктивните мерки и дека тие го зголемија отпорот на семејството и општеството и поради тоа немаше посебни мерки со кои ќе се одговори на таквото дополнително оптоварување. Дотолку повеќе што интервјуираните носители на одлуки се убедени дека таквата улога на жените е очекувана. *„Не знам за други жени. Ако добро се координираат, ако се посветени и професионални, не треба да се соочуваат со тешкотии. Проблем е немањето време, сè друго е тековно, привремено и може да се одржува“.*[95] Примарен интерес и задача на жените треба да биде домот, децата и семејството. Ако работат наместо да се грижат за децата за сè погоре наведено, според креаторите на политики од Дебар, дополнително на жените треба да им се надомести за тоа. *„Маж и жена не може да имаат иста плата за иста работа. Жените треба да се платени повеќе бидејќи така се компензира за нивното отсуство во семејството“.*[96]

За жал, ниту креаторите на политики на локално и национално ниво, ниту политиките и мерките кои беа донесени и спроведени во периодот од март до јули 2020 година не промовираа споделена одговорност во домаќинството. Поголемото присуство на мажите дома може, исто така, да доведе до поголемо преземање на дел од неплатената домашна работа од нивна страна. Меѓутоа, никој не ја искористи оваа посебна ситуација за да ги поттикне и мажите и жените да извршат прераспределбата и еднаквата поделба на товарот на неплатената домашна работа и грижа. Наместо тоа, жените се тие кои максимално се вложуваат за сè и прегоруваат. *„Веројатно јас најмногу страдам, бидејќи се обидувам да ги амортизирам нивните незадоволства и фрустрации. Се плашам за моето здравје, немам време да се грижам за себеси и не знам колку долго ќе можам да го издржам ова. Моите лични потреби се ирелевантни“.*[97]

93 Интервју со самохрана мајка, мај 2020 година.

94 Интервју со рурална жена од Росоман, мај 2020 година.

95 Интервју со креатор на политики на високо ниво од Прилеп, јуни 2020 година.

96 Интервју со креатор на политики на високо ниво од Дебар, јуни 2020 година.

97 Интервју со самохрана мајка, мај 2020 година.

## 2.3. НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

Насилството врз жените и девојчињата (НВЖД) претставува повреда на човековите права и универзален проблем кој има огромно влијание на жртвите/преживеаните, нивните семејства и заедници. Од почетокот на кризата, извештаите ширум светот алармираа на пандемијата во сенка[98] или двојната пандемија[99] која се одвиваше паралелно: пораст во семејното насилство како резултат на мерките за ограничување на движењето и седењето дома, а за некои жени, деца и ЛГБТИ+лица - домот е опасно место[100]. Перцепцијата за семејното насилство за време на пандемијата варира кај различни заедници и кај мажите и кај жените соговорници кои беа вклучени во истражувањето. Во ромската заедница, на пример, женските испитаници истакнаа дека карантинот предизвикал пораст во семејното насилство, дополнително укажувајќи дека тие знаат жени од нивните заедници кои биле злоупотребени и пријавувале насилство. Од друга страна, машките испитаници не укажаа на истото.

Квалитативните докази за влијанијата од ковид-САРС-19 во однос на насилството врз жените во Северна Македонија, добиени од жртви и даватели на услуги, покажуваат дека има нагорен тренд во бројот на случаи на насилство врз жени.

Квалитативните докази за влијанијата од ковид-САРС-19 во однос на насилството врз жените во Северна Македонија, добиени од жртви и даватели на услуги, покажуваат дека има нагорен тренд во бројот на случаи на насилство врз жени. Испитаниците од давателите на правни совети, психосоцијална поддршка и советувалиштата се изјаснија дека има зголемен број на претставки за семејно насилство. Повеќето од тие случаи го покажуваат негативниот ефект од ограниченото движење, особено кога претходни сторители на насилство стануваат повторно насилни за време на долгите периоди на ограничено движење, покажувајќи дека мерките за справување со ширењето на ковид -19 ги „ставија во стапица“ жртвите да бидат дома со насилниците. Следните случаи ја прикажуваат сериозноста на ситуацијата: имаше случаи во кои мажот ја избркал својата жена од дома веднаш пред да започне 'полициски час', кое предизвикало огромен стрес и поради насилството и поради ставот од потенцијална казна од полицијата за непочитување на 'полицискиот час', но, пред сè, поради страв да се остане бездомник[101].

*„Морав да го пријавам бидејќи не знаев што ќе се случи на 6 мај. Најголем предизвик со кој се соочив дали да го пријавам насилството е поради тоа што ми се закануваше дека ќе ме исели. Не е лесно кога човек има деца. Еднаш дојде, удри силно и ја скрши бравата на вратата и јас не го пријавив. Потоа ми го украде автомобилот и повторно не го пријавив. Доаѓаше повеќе пати и правеше драма. Мислам дека многу работи се случија оваа година и половина и сега се одлучив да го пријавам“*[102].

98 Ковид и НВЖ: Пандемија во сенка, достапно онлајн https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2020/04/issue-brief-covid-19-and-ending-violence-against-women-and-girls.

99 Двојна пандемија: семејното насилство во време на ковид-19, достапно онлајн https://www.cfr.org/in-brief/double-pandemic-domestic-violence-age-covid-19.

100 https://mhc.org.mk/news/za-mnogu-zheni-domot-e-nebezbedno-mesto-dva-sluchai-na-femicid-vo-vreme-na-pandemija/.

101 Интервју со жртва на насилство, мај 2020 година.

102 Интервју со жртва на насилство од Пехчево која го пријавила случајот во мај откако 5-6 години живеела во насилно окружување.

Квантитативните податоци, исто така, покажуваат дека состојбата е страшна, во однос на трендот во пораст на случаите на семејно насилство три месеци пред ковид-САРС-19 и за време на вонредната состојба. *„Според информациите од Министерството за внатрешни работи, од јануари до март 2019 година, бројот на случаи на семејно насилство изнесувал 207, а оваа година тој број се зголемил на 241. Во таа бројка на случаи, 47 жртви биле мажи и 207 биле жени. Исто така, има пораст во бројот на претставки за семејно насилство и во периодот од јануари до март минатата година имало 780 претставки, а оваа година таа бројка се зголемила на 920“*.[103]

Графикон број 13: Споредба на случаи на насилство врз жени за периодот јануари – март 2019-2020 година

Извор: Министерство за внатрешни работи, јуни 2020 година




Дотолку повеќе што за време на вонредната состојба, кога имаше ограничувања на движењето и населението беше, главно, затворено дома, во поголемиот дел од времето има значително зголемување на бројот на случаи на семејно насилство. За само еден месец, од 12 април до 12 мај 2020 година, биле сторени 85 дела на насилство во Охрид, Скопје и Струмица[104]. Министерството за внатрешни работи има поднесено 49 пријави за прекршување на законот против 54 сторители и биле добиени 373 претставки од граѓани за насилство, кое укажува на пораст на случаите во трендот за 44,6 %.[105] За жал, во истиот период, во земјата имаше и два случаја на фемицид кои беа извршени од страна на интимните партнери на жените и тоа еден во Арачиново[106] и еден во Скопје[107].

Нагорниот тренд во бројот на случаи особено продолжува во периодот за време на ограниченото движење, односно, податоците од Министерството за внатреш-

103 Интервју со давател на услуги за жртви на насилство врз жени, мај 2020 година.

104 https://www.pravdiko.mk/chulev-prijavite-za-semejno-nasilstvo-za-april-maj-zgolemeni-44-6-otsto-za-razlika-od-lani/?fbclid=IwAR3dTUIo7plvZg44TH3kupR1BKSBm_TdtvrNqVGpsZHniDU68ZAMPZ-iLwY.

105 Ибид.

106 https://360stepeni.mk/ubistvo-vo-arachinovo-edno-litse-privedeno/.

107 https://360stepeni.mk/ojo-27-godishnik-osomnichen-za-ubistvo-do-smrt-pretepal-zhena/?fbclid=IwAR1g3kG2IZ3HaTf7ZkNTIOam3xXXMC1ZgAnR-XBlYtm6GCrCpZPqXE77rxQ

ни работи покажуваат пораст од 20 % кај случаите, споредено со истиот период изминатата година.

Графикон број 14: Споредба за случаи на насилство врз жени, април – јуни 2019-2020 година

Извор: Министерство за внатрешни работи, јули 2020 година




Жртвите, пак, не се сигурни дали насилството во домот ескалирало поради вирусот или ограниченото движење, или едноставно бидејќи „тој постојано има порив да ме малтретира“[108].

Врз основа на кажувањата на давателите на услуги, за време на пандемијата се пријавувал секаков тип на насилство – економско, психолошко и физичко. ***„Ја повикав полицијата. Тоа беше психолошко малтретирање, чести навреди за мене и децата. Живеам во постојана тензија, стрес и страв. Повеќе не можев да издржам и единствено решение беше да го пријавам“.***[109]

„На почетокот се јавуваа на броевите на линиите на мрежата (Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство) кои се објавени на нашата интернет-страница. Разговарав со нив, и тие се плашеа да пријават директно во Полицијата или во Центарот за социјална работа. Сакаа да добијат совет, но, многу малку од нив побараа социјален работник да го пријави случајот за нив“.

108 Интервју со жртва на насилство која го пријавила случајот во март 2020 година.

109 Жртва од Скопје, 42-годишна, пријавила насилство во месец март откако живееле во насилно опкружување од 2015 година.

**Жртвите пријавуваат семејно насилство преку телефонскиот број 192 во полицијата и на броевите за правна помош и психосоцијална поддршка на здруженијата на граѓани**

Жртвите пријавуваат семејно насилство преку телефонскиот број 192 во полицијата и на броевите за правна помош и психосоцијална поддршка на здруженијата на граѓани. Меѓутоа, жртвите на насилство врз жени, особено за време на периодот со ковид-САРС-19 помалку се потпираа на услугите за правна и психосоцијална поддршка, а повеќе на полициските интервенции. За време на интервјуата беше укажано дека жртвите се колебаат да побараат психосоцијална поддршка поради недовербата во институциите и ненавремениот одговор од страна на институциите, неможноста да се грижат за себе или децата поради економската зависност од насилникот, како и недостигот на гарантирана безбедност и прифатилиште од страна на институциите. Здруженијата на граѓани, жртвите и социјалните служби сведочеа за моменталната реакција од страна на полицијата за време на рестриктивните мерки. *„Многу сум задоволна како изреагира полицијата во таа ситуација, бидејќи заканите престанаа веднаш и добив совет и дополнителна помош и поддршка од одредени невладини организации кои даваат услуги во случаи на семејно насилство“*[110]. Сензитивноста од страна на полицијата во случаите на семејно насилство особено беше пофалена во однос на постапувањето, заштитната опрема која ја носеле полициските службеници и начинот на кој тие се однесувале пред децата.

*„Се јавив во полиција за време на полицискиот час и ги прашав дали можат да дојдат бидејќи се чувствував многу лошо поради заканите. Не дојдоа кај мене во станот, изјава дадов на скалите и тоа ми се допадна, за да нема дополнителен стрес за децата. Полициските службеници носеа маски и ракавици“*[111].

Меѓутоа, на некои интервјуа, искуствата со реакцијата на полицијата и на социјалните служби се оценети како неадекватни од страна на здруженијата на граѓани и жртвите, првенствено, поради малиот капацитет и преоптовареноста со работа на други случаи во истиот период.

*„Полицијата го заведе семејното насилство како претставка, интервенираа, но на крај тие се заканија и на жртвата и на сторителот дека ќе им поднесат кривична пријава. Нашата организација веднаш реагираше на таквото постапување и тие подоцна го коригираа однесувањето“* – истакна една испитаничка од сервисите за правна помош. Факт е дека тоа не е нов наод, туку напротив укажува дека сè уште постои огромен јаз во начинот на кој полицијата постапува во ваквите случаи и сè уште има простор за подобрување и јакнење на нивните капацитети и знаења за постапување во случаите на насилство врз жени. За таа цел, еден давател на услуги од Струмица истакна дека во овој период „само на 5 сторители им биле поднесени пријави, а сите останати случаи биле регистрирани како претставки“.

Најголемиот проблем останува и понатаму, а тоа е стравот од повторено насилство, како и стравот дека децата ќе им бидат одземени.

110 Ибид.

111 Интервју со жртва на насилство која го пријавила случајот во мај 2020 година.

*„Иако може да звучи како клише, но пријавувањето семејно насилство сè уште се смета за табу-тема. Генерално, имаше 49 пријавени случаи за 30 дена споредено со претходните години, кога на годишно ниво имавме околу 100-150 пријави на територијата на Струмица. Во повеќето случаи, жртвата се враќа кај насилникот. Клише е дека жртвите не се свесни за сериозноста на насилството и немаат доволно доверба во институциите и некако целиот процес и понатаму наидува на пречки“*.

За време на кризата, жртвите на семејно насилство имаа пристап до онлајн и телефонска психолошка поддршка, која функционираше постојано и услугите ги даваа двајца социјални работници, педагог и психолог. Тие, исто така, имаа и пристап до бесплатна правна помош, меѓутоа, поради недостиг на кадар во Министерството за правда, оваа услуга не беше целосно достапна и не се работеше со полн капацитет. Тоа е донекаде случај и со центрите за социјална работа, а беа ограничени и капацитетите за безбедно интервентно и сигурно сместување на жени - жртви на насилство.

*Повеќето жртви не сакаат да го користат прифатилиштето, тие сакаат помош за да се врати безбедноста во домот каде се случило насилството. Или со други зборови, жртвите сакаат насилникот да биде преселен, а не тие, кое во основа го менува начинот на кој центрите за социјални работи и Министерството за внатрешни работи постапуваат во таквите случаи на семејно насилство*.“

Главната алатка за комуникација која ја користат давателите на услуги се социјалните мрежи и тоа, главно, Facebook. За време на вонредната состојба се служеле и со други начини на комуникација, како што се лични средби, Viber и телефонски повици. Испитаниците уверуваа дека на поголемиот број жртви им биле дадени навремени информации за нивните услуги. Во дадени случаи се применил и заеднички пристап, како што е случајот со Здружението на млади правници во соработка со Министерството за внатрешни работи и центрите за социјална работа за давање бесплатна правна помош. Владата брзо одговори на барањето на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, за превенција и заштита на жените од родово базирано насилство и семејно насилство. За жал, во рамките на истражувањето не беа добиени наоди поврзани со насилство врз жени со попреченост или врз ЛГБТИ+ популацијата.

## **2.4.** УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ДАВАЊЕТО ОДГОВОР, ВКЛУЧИТЕЛНО И ВО НОСЕЊЕТО ОДЛУКИ ЗА КОВИД-19

Како што фаќа замав ширењето на ковид-19, станува јасно дека доколку сакаме да испорачаме соодветни резултати во обезбедувањето и заштитата на здравјето, добросостојбата и еднаквоста, неопходно е на жените и девојчињата да им дадеме централно место во заложбите за одговор на ситуацијата. Иако жените се во

првите редови во давањето одговор на кризата, како здравствени работнички[112], негувателки во домот[113], хигиеничарки и продавачки, меѓу останатите улоги, тие претставуваат и најголем дел од работниците кои се најмногу изложени на ковид-19, бидејќи на сите тие работни места постои „висок ризик". Меѓутоа, како што истакна директорот на Општата болница во Прилеп, мажите имаат важна улога во првите редови за справување со вирусот бидејќи дел од клучните активности за време на пандемијата ги вршат мажите како обезбедување, возачи на амбулантни возила, хигиеничари[114].

Во исто време, жените во Северна Македонија не учествуваат подеднакво во носењето одлуки. Собранието е единственото место каде родовиот баланс, речиси, е постигнат преку родовата квота, но, со распуштањето на Собранието за време на пандемијата, тоа придонесе жените да бидат отсутни од процесите на носење одлуки. Тоа има директно влијание врз животот на луѓето. Државите со повеќе жени на лидерски позиции – во владата, министерствата, законодавниот дом – обезбедија одговор на ковид-19 во кој се земаат предвид ефектите од кризата врз жените и девојчињата.[115] Меѓутоа, тие се повеќе исклучок отколку норма. За целите на анализата, неколку жени со високи позиции во процесите на одлучување во разни сектори беа интервјуирани за да се образложи улогата на жените за справувањето со ковид-19.

Женското лидерство и учество обезбедува поефективни, инклузивни и правични политики, планови и буџети за справување со пандемијата. Затоа, за да се одговори на загриженостите за родовата еднаквост и нивна целосна вклученост во одговорот кој се дава на кус рок, потребни се жени на лидерски позиции кои се родово свесни и можат да ја воведат родовата перспектива во креирањето политики за кусо време. Истражувањето покажа дека дури и жените на високи позиции сметаат дека беше ограничено времето за да се спроведе родова анализа. *„Фокусот на Министерството за внатрешни работи, главно, беше насочен на мерките за справување со ковид-19, со акцент на ограничувањата за движење на граѓаните и спроведувањето на полицискиот час, притоа, без да се разгледаат конкретно перспективите за жените"* – Славјанка Петровска, дополнителен заменик-министер за внатрешни работи. Усвоените мерки за политики беа приспособени на потребите на жените во координација со Министерството за труд и социјална политика, но, само откако се јави потреба од тоа (односно откако жените и децата, како најчести жртви на семејно насилство, наидоа на проблеми да го пријават насилството во нивниот дом за време на полицискиот час). Односно, недостасуваше ex-ante анализа и разгледување на родовата перспектива пред усвојувањето на мерките, иако тоа е дел од начелата за добро управување, посебно за водење на политики и буџети во вонредни состојби и Светската здрав-

112 Според Државниот завод за статистика, има 15.355 жени од вкупно 21.200 вработени лица во здравствениот сектор.

113 Како што е прикажано во Дел 2.1. погоре.

114 Интервјуто е направено во јуни 2020 година.

115 https://www.undp.org/content/undp/en/home/blog/2020/when-it-comes-to-decision-making--women-must-move-from-the-margi.html.

ствена организација го препорачува особено во однос на давањето одговор на ковид-19[116]. Иако учеството на жените во давањето одговор на ковид-19 беше за поздравување со оглед на тоа дека заменик-министерот за внатрешни работи, вицепремиерот за економски прашања, министерот за труд и социјална политика и министерот за финансии беа жени, родовите аспекти во мерките за политики не го следеа принципот за вклучување на родовата перспектива, односно воведување на перспективата за родова еднаквост во сите фази од креирањето политики. Напротив, пристапот беше реактивен: *„Институциите во соработка со граѓанскиот сектор, реагираа навремено, така што можевме да ги коригираме мерките кои не беа предвидени како такви и за да бидат во согласност со потребите и интересите на граѓаните“*. Тоа ја дава истата слика како и за претходна подготвеност за катастрофи и закрепнување, кога потребите и интересите на жените ретко беа вклучени и постоеше тенденција развојот на настаните да се темели на малку или без, воопшто, расчленети податоци по пол или род и мал придонес од претставниците за родова еднаквост на национално ниво или женските организации.[117] На локално ниво, според градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу, родовата анализа била спроведена за да се избегне дискриминација[118], но, не и неопходно за да се одговори на различните потреби на жените за време на пандемијата.

На локално ниво, според градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу, родовата анализа била спроведена за да се избегне дискриминација

Иако според Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, сите јавни и приватни институции се одговорни да усвојат мерки со кои се намалува родовата нееднаквост, а Министерството за труд и социјална политика ги координира, следи и анализира ефектите од вонредните мерки за жените. За време на вонредната состојба, Министерството во голема мера се потпираше на поддршката, и техничка и финансиска, од Меѓународната заедница. На пример, во соработка со УНДП, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и UN WOMEN, беа обезбедени хигиенски и прехранбени пакети за жртвите на семејно насилство и за самохраните родители, од кои 93 % се жени, а има и самохрани татковци. Јована Тренчевска, жена генерален секретар во Министерството, истакна дека е неопходно континуирано да се оценуваат влијанијата од мерките. Тоа во основа значи да се оцени дали жените учествувале, дали биле консултирани во процесот на подготовка на мерките, дали е одговорено на потребите на жените при подготовката на мерките, и дали жените имале пристап и придобивки од спроведувањето на мерките и обезбедените ресурси. За возврат на тоа, во однос на влијанијата од мерката за

116 WHO (2020), How to budget for COVID-19 response? A rapid scan of budgetary mechanisms in highly affected countries, Достапно на: https://www.who.int/docs/default-source/health-financing/how-to-budget-for-covid-19-english.pdf?sfvrsn=356a8077_1.

117 UN Women и УНДП, *Родот и намалувањето на ризици од катастрофи во Европа и Централна Азија: Водич за фасилитатори на работилници*, 2018 година. Меѓутоа, Сендаи рамката за намалување на ризици од катастрофи (2015-2030), член 36 (а) (i) истакнува дека „Учеството на жените е клучно за ефективно управување со ризиците од катастрофи и подготовка, ресурси и спроведување на родово сензитивни политики, планови и програми за намалување на ризиците од катастрофи; и соодветни мерки за градење на капацитетите за да се зајакнат жените за подготвеноста и да се градат нивните капацитети за алтернативни начини на егзистенција во ситуации по катастрофи“.

118 Интервју со Висар Ганиу, градоначалник на Чаир, јуни 2020 година.

субвенционирање на платата од 14.500 денари за жените, истата *„моментално се анализира од страна на UN Women и еден експерт, за да се утврди од кои сектори и каква е родовата структура на вработените во компаниите кои аплицирале за финансиски средства, како и дали мерката ќе даде придобивки“*. Иако властите на централно ниво знаеја дека родовата анализа ќе резултира во задржување на работните места на жените, вклучително и во продажниот, трговскиот и текстилниот сектор, чинителите на локално ниво, кои беа интервјуирани, имаа многу мала свесност за влијанијата на родовите аспекти од мерките кои ги спроведуваа. *„Мерките се спроведуваат подеднакво и влијанијата не треба да се гледаат од родова перспектива“*[119].

Интересно е тоа што за време на вонредната состојба кога сите корисници поминуваа време дома и кога имаше лесен пристап до сите информациски канали, од дневната соба или пребарувачот на телефонот; женските претставници на Владата истакнаа дека информирањето и комуникацијата, особено за усвоените мерки, бил најголем предизвик во тој период. Министерството за труд и социјална политика направи заложби да ја зголеми транспарентноста преку држење прес-конференции и преку онлајн објавување на прописите (на официјалната интернет-страница и на социјалните мрежи). *„Соработуваме и со организации кои работат во руралните области, каде информирањето е многу потешко“*. Таква соработка е забележана и со други здруженија на граѓани кои ги претставуваат жртвите на насилство, жените Ромки, итн.

Црвениот крст беше во првите редови во напорите за справување со вирусот со 34 општински организациски единици кои работат на превенција на болести и подобрување на здравствената и социјалната состојба кај луѓето[120]. *„И мажите и жените подеднакво учествуваа во одлуките кои се носеа на локално ниво, таков е мојот впечаток од општинската работна група и услугите кои ги нуди Црвениот крст“*- рече претставникот на локалната организација на Црвен крст во Прилеп. Оваа перцепција се должи на фактот што *„четири жени се активно вклучени, меѓу кои и јас (директор на болницата), директорот на Центарот за јавно здравје, директорот на ЈУП „Комуналец“ и претседателот на ОО на Црвен крст - Прилеп. Во одредени ситуации, кога е неопходно, колега-лекар, епидемиолог од Центарот за јавно здравје и раководителот на Одделот за инфективни болести во Градската општа болница присуствуваа во работата на кризниот штаб на општината, кој носеше одлуки како да се одговори*

119 Оливера Аџиоска, директор на Општата болница во Прилеп, интервјуто е направено во јуни 2020 година.

120 Нивните главни активности за време на кризата беа да се задоволат основните потреби, односно, испорака на храна и хигиенски средства за ранливите целни групи, како лица кои имаат потреба од тоа и лица во самоизолација. Тие им помагаа и на пациенти да добијат онколошка терапија, кои поради ограничувањата на движењето не можеа да ја добијат терапијата во стандардната процедура; и воведоа линија за психолошки советувања, психосоцијална поддршка и медицински совети, која функционираше во рамките на општинското одделение. Во однос на посебни ранливи категории, акцентот беше, главно, на социјално обесправените лица, жртвите на семејно насилство, самохраните родители, лицата со физичка попреченост, итн.

*локално на состојбата со ковид-19“* истакна Оливера Аџиоска. И во Куманово има три жени, две од здравствените институции и една од Министерството за внатрешни работи кои се вклучени во кризниот штаб бидејќи имаат раководни позиции и со тоа земаат учество во одлуките кои се носат на локално ниво. Но, тоа не е случај и со Општина Арачиново, Чаир или Дебар каде жени не учествуваат во носењето одлуки на кризниот штаб во овие три општини. Општинските претставници кои беа интервјуирани, тоа го толкуваат како *„ги штитиме да не се заразат со вирусот, бидејќи тие се столбот и на општеството и на семејството“*[121]. Наспроти тоа, претседателот на Комисијата за еднакви можности во Општина Чаир сведочи дека жените биле исклучени од носењето одлуки, но поради други причини. *„Некои луѓе не само што сметаат дека нашето учество/вклученост не се потребни, туку дури и сметаат дека жените не можат да се справат со одговорноста да водат група за кризен менаџмент и тоа е ужасно бидејќи така не спречуваат да имаме поголема улога, отколку што тоа е случај сега“*.[122] Општинските стратегии за кризен менаџмент на локално ниво беа усогласени со стратегијата на Владата во однос на пандемијата со ковид-19, и беа усвоени неколку посебни мерки во согласност со локалниот контекст, како помош за семејствата кои имаат неподвижни членови на семејството, граѓани кои беа во самоизолација, социјално загрозени семејства и други. Исто така, општините повеќе пати вршеа дезинфекција на улиците, верските објекти, училиштата и локалните бизниси.[123] Студијата на UN Women за мапирање на влијанијата од ковид-19 врз родот на локално ниво, покажа дека повеќето општини (14 од 20 кои учествуваа во анкетата) имаат подготвено родово сензитивни мерки како одговор на кризата со вирусот.[124] Меѓутоа, само 5 од 20 општини кои беа вклучени во студијата, се потпираат на координаторите за еднакви можности за вклучување на родовата перспектива во одговорот кој се дава на состојбата со ковид-19.[125] Во седум општини каде се спроведуваше истражувањето за целите на оваа студија, само во една општина, или поконкретно Општина Карпош, координаторот за еднакви можности е вклучен во кризниот штаб. Други жени кои беа контактирани вон работните групи, особено на локално ниво, беа директорки на компании кои се занимаваат со производство и дистрибуција на медицинска заштитна опрема и донираат заштитни маски за вработените во општинските служби, како и одела, комбинезони за една употреба, шапки, обувки, маски итн.

**Примарна улога на жените во заедницата е да се подигнува свеста кај семејствата и да ги советуваат да ги почитуваат мерките и препораките на здравствените институции во борбата против вирусот.**

Примарна улога на жените во заедницата е да се подигнува свеста кај семејствата и да ги советуваат да ги почитуваат мерките и препораките на здравствените институции во борбата против вирусот. Во Чаир, општината во соработка со две жени лекарки, подготви видеоматеријал со цел да се поттикнат луѓето да ги почитуваат мерките во целата земја. Тие видеа потоа беа прикажани и на национал-

121 Интервју со Хекуран Дука, градоначалник на Општина Дебар, јуни 2020 година.

122 Бујаре Абази, претседател на Комисијта за еднакви можности, Општина Чаир, јуни 2020 година.

123 Интервју со Агрон Беќири, Општина Арачиново, јуни, 2020 година.

124 UNWOMEN (2020) Мапирање на влијанијата од ковид-19 на социоекономската положба на жените на локално ниво.

125 Ибид.

ните медиуми, покрај тоа што беа поставени на официјалната интернет-страница на општината и на официјалната страница на градоначалникот на социјалните мрежи.

Сепак, од сите соговорници, останува заклучокот дека „***за жените треба да се предвидат посебни мерки со кои ќе се даде приоритет на нивните потреби и истите да се промовираат***"[126]. Во периодот од март до јули 2020 година, се забележува отсуство на родов пристап во креирањето политики и на национално и на локално ниво и покрај тоа што се вклучени и жени на високи позиции и во работните групи за кризен менаџмент.

Во Арачиново, покрај градоначалничката, има и четири жени во Општинскиот совет, меѓутоа, ниедна од нив не учествува во работата на општинската работна група. Во Општина Чаир, иако нема вклучено жени во општинската работна група, неколку жени активно учествуваат во изработката на комуникациска стратегија за информирање на граѓаните и апелирање кај луѓето да ги почитуваат мерките.

## 2.5. ЛИКВИДНОСТ НА БИЗНИСИТЕ И СТАПКА НА ОПСТАНОК НА ЖЕНСКИ БИЗНИСИ

Во текот на месец мај 2020, Центарот за истражување и креирање политики спроведе онлајн анкета преку која се обработија одговорите добиени од 60 претставници на национални компании (жени и мажи претприемачи). Анкетниот прашалник за процена на потребите на компаниите за подобро справување со состојбата предизвикана со ковид-19 содржеше 34 прашања, кои беа структурирани во три главни поглавја со кои се разгледуваше следното: А) Општи и демографски податоци за испитаникот и компанијата; Б) Процена на последиците од ковид-19; В) Потреби на компаниите за поддршка. Анкетата се спроведуваше преку онлајн платформата KoBoToolbox. Учеството во анкетата беше анонимно. Во продолжение е дадена родовата анализа на добиените резултати.

**Во компаниите кои се водени од жени, влијанијата од кризата се оценуваат помалку негативно за разлика од компаниите водени од мажи.** Речиси 90 % од анкетираните во компаниите сметаат дека појавата на ковид-19 има негативни влијание на нивниот бизнис и приходи. Компаниите кои се водени од жени за 15 % се помалку засегнати споредено со компаниите кои се водени од мажи. Ситуацијата е толку сериозна што 33,3 % од испитаниците кажале дека компаниите биле целосно затворени како резултат на кризата предизвикана со ковид-19. Повеќето компании направиле обид да се приспособат на новата ситуација; имено, 51,7 % не ја затвориле дејноста целосно, и воделе алтернативни начини на деловно работење со примена на електронски алатки, односно онлајн нарачки, испраќање по пошта и испорака, итн. За само 15 % од бизнисите кризата не предизвикала прекин на нивното деловно работење

126 Интервју со Хекуран Дука, градоначалник на Општина Дебар, јуни 2020 година.

Графикон број 15
Како влијаеше појавата на ковид -19 врз вашата деловна активност и приходите од деловното работење?
Извор: ЦИКП Истражување во компаниите за влијанијата од ковид-19 и мерките за давање одговор, 2020 година




**Бизнисите водени од жени побрзо се приспособиле на кризата.** Анкетата на Центарот за истражување и креирање политики за влијанијата од кризата врз компаниите и мерењата на нивниот одговор на кризата покажуваат дека бизнисите кои се водени од жени, или каде жена е дел од основачката структура на компанијата, многу побрзо се приспособиле на изменетите економски услови. 62,1 % од тие компании не го затвориле бизнисот целосно како резултат на кризата предизвикана од вирусот, но, воведе нови начини на работа со примена на дигитални алатки и дистрибуција на стоки до клиентите, споредено со само 41,9 % од компаниите кои се водени од мажи.

Графикон број 16
Дали вашата деловна активност мораше целосно да се прекине во кризата предизвикана од вирусот?
Извор: ЦИКП Истражување во компаниите за влијанијата од ковид-19 и мерките за давање одговор, 2020 година




**Бизнисите кои ги водат жени се поранливи на кризата.** Речиси една четвртина од бизнисите (23,3 % од вкупниот број на анкетирани) ќе опстанат уште еден месец, доколку продолжи неповолната ситуација. Над една третина од бизнисите ќе опстанат уште 2 до 3 месеци. Во повеќето компании кои ги водат жени, преовладува мислењето дека кризата предизвикана од вирусот може да биде фатална за бизнисот. Речиси 45 % од нив оценуваат дека доколку продолжи оваа состојба со вирусот, нивниот бизнис нема да опстане повеќе од 2 месеца и само 37,9 % од нив оценуваат дека ќе можат да ја издржат кризата во следните 3 до 6 месеци. Докол-

ку ситуацијата продолжи, 17,2 % се изјасниле дека ќе опстојат уште една година. За споредба, 29,0 % од бизнисите кои ги водат мажи оцениле дека можат да опстојат уште една година доколку кризата продолжи.

Графикон број 17
Според вашата проценка, колку долго вашиот бизнис ќе преживее ако ситуацијата продолжи?
Извор: Анкета на Центарот за истражување и креирање политики за влијанијата од кризата врз компаниите и мерења на нивниот одговор на кризата, 2020 година.




**Речиси половина од бизнисите кои ги водат жени (48,3 %) стравуваат дека ќе бидат приморани трајно да го затворат бизнисот.** Наспроти тоа, тоа е став на 38,7 % од компаниите кои ги водат мажи. Стратегијата за опстанок за да се одржи континуитетот во нивното деловно работење се темели на намалување на трошоците (68,3 %), зголемена ликвидност со заеми од банки и институции за микрокредитирање (53,3 %) и значителен дел од компаниите се потпираат на заштедите и суфицитот на приходи од претходните периоди (43,3 %). Покрај битката со достасаните долгови, компаниите планираат и одложено плаќање на добавувачите (30 %). Тоа, неизбежно, ќе има влијание на целата економија. Намалената сигурност ќе влијае и на потрошувачката и на економскиот раст во следните 6-12 месеци и на крајот многу бизниси ќе се најдат во ризик да не можат да ги исплатат обврските. Тековната директна владина економска поддршка за компаниите е, главно, ограничена на периодот од април до јуни 2020 година. Владата брзо треба да дејствува и да овозможи продолжување на таквата поддршка.

**Бизнисите кои ги водат жени се помалку сигурни дека ќе можат самостојно да ја надминат кризата.** Речиси 90 % од компаниите кои ги водат жени (89,7 %) се изјасниле дека не се сигурни дека ќе можат самостојно да ја пребродат кризата и само 10,3 % сметаат дека нивниот бизнис ќе опстане без дополнителна поддршка. Кај компаниите кои ги водат мажи, одговорите на ова прашање покажуваат поголема разлика, односно 83,9 % се изјасниле дека тие не се сигурни дека ќе можат да ја пребродат кризата и 16,1 % сметаат дека ќе можат да опстанат во кризата.

Компаниите ќе се соочат со три главни предизвици во следниот период: 1) намалена или целосно прекината побарувачка за производи (поради ограничување или прекин на производствените процеси); 2) проблеми со наплатата и ликвидноста; како и 3) појава на дополнителни трошоци кои не биле планирани. Покрај тоа, според бизнисмените, огромен предизвик ќе биде и недостигот на оперативен капитал.

Економските мерки кои до сега беа усвоени како одговор на социоекономските влијанија од вирусот врз граѓаните, може да се поделат во следните категории: даночни намалувања и одложено плаќање, финансиска помош за компаниите и заштита на ликвидноста, заштита на животниот стандард, ликвидност на државниот буџет, социјална заштита, здравствена заштита и детска заштита[127]. Поддршката од месец јуни 2020 година се проценува дека изнесува 550 милиони евра или 5-5,5 % од БДП. Директната финансиска поддршка за компаниите и граѓаните се обезбедува преку следните мерки:

- Субвенционирање на платите на вработените во износ од 14.500 денари за април, мај и јуни 2020 година;
- Субвенционирање на 50 % од придонесите за вработените;
- Бескаматни или нискокаматни заеми за микро и мали претпријатија преку Развојната банка на Северна Македонија;
- Гаранции за кредитен ризик за стартапи и микро и мали претпријатија;
- Финансиска поддршка за зголемена конкурентност на компаниите за освојување нови пазари и модернизација на процесите;
- Поддршка за развој на домашни стартап производи и услуги преку Фондот за иновации и технолошки развој;
- Финансиска поддршка за земјоделците;
- Платежни картички за „купувај домашно" за граѓаните со ниски приходи за да се зголеми домашната потрошувачка;
- Ваучери „дома си е дома" за граѓаните за стимулирање на домашниот туризам и поддршка за туристичкиот сектор;
- Даночни ослободувања за данокот на личен доход и данокот на добивка за март, април и мај 2020 година.

**Во овој контекст, владините мерки се оценуваат како недоволни за да се задржат вработените и да се одржи ликвидноста на компаниите.** Повеќето испитаници (51,7 %) се изјасниле дека ја користат мерката за субвенционирање на минималната плата за да ги задржат вработените, но 8 % од компаниите кои се изјасниле дека нема да користат ниедна од мерките ќе го намалат бројот на вработени во следниот период. Само 25 % од анкетираните компании ги оцениле мерките како позитивни и 31,7 % од компаниите кои ќе ги користат мерките сметаат дека мерката не е доволно корисна за да се задржат вработените.

Анализата на примената на мерките за субвенционирање на платите укажува на родов јаз. Имено, од 20 компании кои добиваат најголема буџетска поддршка од Владата за да ги задржат вработените, само 2 од тие компании ги водат жени.

127 https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki.

Извор: ЦИКП иконографик за влијанијата на ковид-19 врз економијата




За 50 % од компаниите, финансиската поддршка, која сега им е потребна, треба да биде во форма на кофинансирање на платите, трошоците за наемнина, итн. Над 18 % сметаат дека еднократната финансиска поддршка би била корисна и во ист процент сметаат дека поддршката која сега им е потребна треба да биде во однос на полесен пристап до подостапни заеми. Само 6,7 % од компаниите, сметаат дека финансиската поддршка треба да биде ставањето мораториум на исплатата на кредити во финансиските институции и сите обврски кон Владата. Во однос на потребата за советодавна и техничка поддршка, според испитаниците, тоа треба да биде во насока на генералното планирање за бизнисот, запознавање со електронско деловно работење, како и финансиски совети за надминување на оваа состојба.

Графикон број 18
Каков тип на финансиска поддршка сега ви е најнеопходна?
Извор: ЦИКП Истражување во компаниите за влијанијата од ковид-19 и мерките за давање одговор, 2020 година




Во однос на итните мерки кои треба да ги преземаат релевантните државни институции за да им се помогне на компаниите да го ревитализираат својот бизнис, повеќето испитаници сметаат дека тоа треба да биде преку: 1) плаќање на ДДВ по наплатата (30 %), јасни и транспарентни критериуми за избор на корисниците на стимулативни мерки врз основа на меѓународната помош за Северна Македонија (30 %), како и даночни ослободувања (21,6 %).

Графикон број 19
Кои вонредни мерки сметате дека треба да ги преземат релевантните институции за да се помогне за ревитализација на бизнисот?
Извор: ЦИКП Истражување во компаниите за влијанијата од ковид-19 и мерките за давање одговор, 2020 година




## 2.6. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Ковид-19 не дискриминира, ниту, пак, одговорот кој се дава на кризата треба да дискриминира, доколку сакаме да биде успешен.[128] Во време на пандемија со ковид-19, во пораст се изолираноста, осаменоста и социјалните неправди. Тоа влијае на сите сегменти на населението, а одговорот кој се дава на појавата на вирусот особено е штетен за припадниците на социјалните групи кои се во најранлива положба, односно, постарите лица, лицата со попреченост и припадниците на немнозинските заедници. Со помалку финансиски ресурси и живеење во густо населени места, овие категории диспропорционално се изложени на поголеми здравствени и економски ризици од останатите.

Иако профилот на жртви се разликува од една до друга земја, се чини дека дискриминациското постапување, кое се јавува за време на пандемијата, има утврден образец: многу почесто мета е „другиот", односно, странец, лице кое припаѓа на етничко или јазично малцинство, итн.[129] Исто така, опстојува трендот за стигматизација на лицата заразени со вирусот и нивна социјална исклученост дури и откако ќе закрепнат. Затоа е неопходно да се дејствува за да се зголеми солидарноста и да се придонесе за промена во ставовите на луѓето за оние кои биле заразени и се во ризик да бидат дискриминирани во даден контекст.

Повозрасните лица, особено оние со хронични заболувања како што се хипертензија, кардиоваскуларни заболувања и дијабетес, не само што се соочени со зголемени ризици по здравјето, туку голема е веројатноста дека нема да можат самостојно да се грижат за себе во изолација. Иако социјалното дистанцирање е неопходно за да се намали ширењето на вирусот, со мерките за ограничување на движењето на лица постари од 65 години, Владата придонесе за создавање на чувство на дискриминираност кај оваа група граѓани. Меѓутоа, не постоеше дискриминација врз основа на возраст во однос на обезбедувањето услуги и на

128 https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25730.

129 https://en.unesco.org/news/covid-19-related-discrimination-and-stigma-global-phenomenon.

старите лица им се обезбедуваше целосно лекување и не само што на нив не се гледаше дека се помалку вредни од младите луѓе за да добијат лекување, туку тие беа посебно опфатени со услугите на патронажните служби кои даваа поддршка на локално ниво во неколку општини, односно - Кочани, Свети Николе[130], Делчево и Центар[131]. Лицата со попреченост добиваа помош од лични асистенти или од членовите на нивните семејства во секојдневната рутина. За време на рестриктивните мерки, личните асистенти не ги следеа посебните протоколи и тоа создаде страв и кај примателите на услуги и кај асистентите од можна инфекција и пренесување на болеста и за сметка на тоа беше намален интензитетот на грижата. Водењето грижа за себеси и прекинот во услугите и поддршката подразбираа предизвици за лицата со попреченост.

Сите повозрасни лица кои беа интервјуирани за целите на оваа студија, едногласно се изјаснија дека ги следат и почитуваат сите мерки и целата претпазливост која е неопходна за да се избегне инфекција. Во придржувањето до препораките за заштита од вирусот, повозрасните лица се соочија со финансиски предизвици. Особено интервјуираните пензионерки истакнаа дека се соочиле со големо оптоварување поради набавката на средства за дезинфекција и одржување хигиена. Тоа се објаснува со фактот дека жените обично работат на работни места кои се помалку платени и затоа нивните пензии се пониски отколку на мажите. Повозрасните жени, исто така, ја истакнаа и променливоста во пазарните цени, особено за заштитните маски. Жените и мажите Роми, исто така, се соочиле со големо финансиско оптоварување поради купувањето средства за дезинфекција и одржување хигиена. Со помало образование и интензивен работен ангажман на ниско платени работни места, за кое е намалено работното време и со тоа и платите, новите барања за заштита од вирусот беа особено проблематични за оваа група на граѓани. Жените Ромки кои се или останале без работа поради пандемијата, продолжиле да се потпираат на финансиската поддршка од најблиските, односно родителите и бабите/дедовците. Ромите кои живеат без пристап до вода, во супстандардни живеалишта и во густо населени места се диспропорционално најзасегнати. Поради овие фактори, голем број испитаници од ромската заедница кои беа интервјуирани, се изјаснија дека биле тестирани за ковид-19 бидејќи епидемиолошките анкети се сензитивни на таквите околности.

Поради особено кусиот временски период во кој на повозрасните жени и мажи им беше дозволено да се движат, пазарите беа преполни со луѓе и пазарењето беше огромен предизвик за постарите лица. Дел од интервјуираните лица, особено оние со хронични заболувања, го споделија фактот дека набавките (храна и лекови) им ги вршеле членови на семејството или во некои случаи, здруженијата на граѓани кои беа ангажирани од општините да даваат помош на ранливите групи. Кога било неопходно, тие преку телефон се консултирале со матичните лекари околу издавањето електронски рецепти. Е-рецепт директно се испраќа во дигитален регистар и повозрасните лица можат да ги подигнат лековите во најблиската

130 UNWOMEN (2020) Мапирање на влијанијата од ковид-19 на социоекономската положба на жените на локално ниво.

131 Интервјуа со повозрасни лица, мај 2020 година.

аптека до нивното живеалиште. Тие сметаат дека оваа мерка е особено ефективна бидејќи на тој начин тие не морале да одат во локалните амбуланти/болници. Од друга страна, Ромите се изјаснија дека поради влошената финансиска состојба купувале поевтини лекови, а не лековите кои лекарот им ги препишал. Останатите здравствени услуги, генерално, им биле достапни, иако некои прегледи се правеле „преку прозорец". Пристапот до гинеколошки и стоматолошки услуги е намален. Проблем кој беше истакнат како предизвик е ***„нефункционалноста на Центарот за повици за психосоцијална поддршка, иако во тој период се водеше интензивна кампања за услугата"***. Некои испитаници се изјаснија дека самостојно ги одложиле прегледите поради ризикот од ковид-19.

**Секојдневниот живот на повозрасните лица значително се измени, но, со различно влијание кај жените отколку кај мажите**

Секојдневниот живот на повозрасните лица значително се измени, но, со различно влијание кај жените отколку кај мажите. Честото чистење и одржување хигиена во домот беше дополнително оптоварување за повозрасните жени, а повозрасните мажи кои беа интервјуирани сметаат дека голема пречка е ограничувањето на движењето и социјализацијата. ***„За жените, сè е некако потешко. Прво, пазарењето и, второ, одржувањето хигиена за себе и за останатите, бидејќи јас сум баба, и посебно внимавам на помалиот внук и, практично, сето тоа бара повеќе работа"***[132]. Постарите лица кои беа интервјуирани за студијата, истакнуваат дека намалените социјални контакти, ја зголемија осаменоста и ја загрозија добросостојбата, споредено со периодот пред пандемијата. Немањето социјални собири со семејството и пријателите, заедно со изолацијата, за нив претставувал голем предизвик. ***„Мојата социјализација многу страдаше и беше ограничена само на телефонски разговори со роднините и понекогаш со видеоповици на Viber"***[133]. Според нивните кажувања, осаменоста е една од главните работи која влијаела на нивното ментално здравје. Тие чекаат ситуацијата да се подобри за да можат до одредена мера да го повратат својот социјален живот. Лицата со попреченост (со нарушен слух и вид, и лицата со физичка попреченост) исто така, се изјаснија дека се соочиле со голема социјална изолираност, споредено со интервјуираните нивни сограѓани со типичен развој. Тие ја поздравија одлуката да им се дозволи на лицата со попреченост да излезат на прошетка за време на полицискиот час, но, некои од нив примениле и други стратегии за справување. На пример, некои од интервјуираните лица со оштетен вид, почнале да вежбаат јога како начин да ја одржат својата физичка кондиција.

Социјалната исклученост врз основа на возраст, како и верската припадност беа истакнати од страна на повозрасните жени. Фактот дека здравствените власти прогласија долготраен полициски час за време на велигденските празници, поради што не им беше овозможено да одат на велигденската литургија, предизвикало чувство дека тие се дискриминирани во однос на муслиманските верници, кои, според испитаниците, немале долго ограничено движење за време на Рамазан бајрам, како што известуваа и медиумите за бројните прекршувања на полицискиот час. За Ромите, особено дискриминациски е фактот што е-учењето за нив-

132 Интервју со повозрасна жена, мај 2020 година.

133 Интервју со повозрасен маж, мај 2020 година.

ните деца на училишна возраст не било приспособено на ресурсите и знаењата кои тие ги имаат за да можат да им даваат поддршка. Критиките за е-учењето доаѓаат, главно, од Роми родители во главниот град, додека, пак, родителите од внатрешноста на државата даваат позитивна оцена. Стигматизацијата на ромското население за време на пандемијата се забележува, исто така, и за банкарските услуги; непристојно однесување од страна на лицата кои го регулираат влезот во супермаркетите/лица од обезбедувањето, итн. Еден маж, испитаник од Скопје, дури се изјасни дека оваа стигматизација се должи на доминантната перцепција дека Ромите, главно, „го шират" вирусот. Некои од испитаниците, исто така, почувствувале дека ромската заедница била запоставена кога станува збор за мерките за справување со ковид-19. ***„Не ни е дадена шанса, нема одговор од Општина Чаир за нашите финансиски потреби. Можам да кажам дека воопшто не се одговорни, не само за Ромите, туку за сите"***[134]. Ризиците од инфекција со ковид-19 за лицата со попреченост се надополнети со други проблеми, за кои е неопходно посебно да се постапува: тие се исклучени од здравствените информации и редовно обезбедување здравствени услуги, живеат во свет каде пристапноста, честопати, е ограничена и каде пречките до добра и услуги се предизвик и диспропорционално е поголема веројатноста да живеат во институционално опкружување. Зависно од типот на попреченост, лицата со попреченост се соочиле со различни пречки, предизвици и проблеми. За илустрација, лицата со нарушен слух се соочиле со предизвици во комуникацијата бидејќи маските не се инклузивни (со прозрачен дел) кое, пак, создало тешкотии да се разберат со продавачите за време на пазарењето. Во случајот на лицата со нарушен вид, носењето ракавици претставувало тешкотија бидејќи така се ограничува нивната сензитивност на допир која е клучна за движењето и дневните рутини. На крај, лицата со физичка попреченост се соочиле со долготрајниот проблем во врска со лошата улична инфраструктура и паркираните возила на тротоарите. Тоа беше дури и многу позабележливо со појавата на ковид-19, имајќи предвид дека движењето беше ограничено и немаше луѓе на улиците за да им помогнат. Од таа причина, поголемиот број лица со физичка попреченост, главно, се потпирале на помошта од членовите на семејството или личните асистенти. Кај лицата со попреченост, покрај лошата инфраструктура и пречките за движење на лица кои се во инвалидски колички, за лицата со нарушен слух сериозен проблем било вадењето пари од банкоматите поради отсуство на интегрирана звучна опција и систем. Тие ја истакнаа зголемената свест кај пошироката јавност за нивната состојба и даваа примери како им се давало предност во банките и редиците за пазарење. Луѓето од руралните средини и жени и мажи, се почувствувале дискриминирани на друго ниво. ***„Се чувствувам дискриминиран бидејќи не ги уживавме истите права како и луѓето од градовите, односно, во градовите постојано се вршеше дезинфекција и се преземаа сите мерки на заштита и ништо слично не се случуваше по селата. Исто така, онлајн продажбата и испораката на производи се одвиваше непречено во градовите, но, во руралните средини таа услуга не беше достапна поради високите трошоци, поголемиот страв, итн"***.[135]

**Стигматизацијата на ромското население за време на пандемијата се забележува, исто така, и за банкарските услуги**

134 Интервју со жена Ромка од Скопје, мај 2020 година.

135 Интервју со жена од рурална средина, мај 2020 година.



поглавје

3

# РОДОВ ЈАЗ ПРЕДИЗВИКАН ОД ОДГОВОРОТ КОЈ СЕ ДАВА НА КОВИД - 19

Пандемијата има потенцијал да ги трансформира родовите релации и семејниот живот засекогаш.



## 3.1. РОДОВИ РЕЛАЦИИ ВО СЕМЕЈСТВОТО ПО КОВИД-19

Пандемијата има потенцијал да ги трансформира родовите релации и семејниот живот засекогаш. Со брзото ширење на пандемијата со корона вирусот, голем број родови нееднаквости се интензивираа и постојните дискриминациски и штетни норми продолжија или се влошија со оглед на промените. Ова се однесува на: зголемен обем на неплатена домашна работа за жените, насилство врз жените, родов јаз во платите, бидејќи жените повеќе страдаат од отпуштања од работа, економска зависност со оглед на новите начини на работа и помалото учество на жените во областа на науката, технологијата, инженерството и математиката, што значи и дека нивните можности за вработување се во ризик. Со оглед дека децата се дома, ангажирањето поддршка за домашните работи за да се избегнат натамошни расправии не е опција и, секако, тоа е избор кој не можат да си го дозволат сите семејства. Оние кои работат со полно работно време од дома, работат многу часови и немаат време да ги поддржуваат своите деца како едукатори особено поради тоа што концептот на далечинско учење предвидува поголема улога на родителите како организатори на наставата, преземајќи го товарот да ја објаснуваат образовната содржина и да го контролираат квалитетот на образовните резултати. На некои родители не само што им недостасува време, туку и знаење и вештини како да го организираат тоа и да им помогнат на своите деца со учењето од далечина. Дополнителен фактор кој ги обликува семејните релации во периодот на ковид-19 е пристапот до интернет и поседувањето компјутер за сите членови на семејството, бидејќи и работата и наставата се одвиваат онлајн. Покрај тоа, рестриктивните мерки, особено кога важат за одредени групи (повозрасни лица, лица со попреченост, итн.) предизвикуваат чувство на дискриминираност. На одреден начин, животот со рестриктивни мерки на движење, доведоа до блиска и континуирана интеракција со членовите на семејството. Таквата интеракција или ја засилува поврзаноста меѓу членовите на семејството, или создава дополнително емоционално оптоварување меѓу нив. Сето тоа создава „огромна доза на фрустрации“ во семејството.

> Почнавме да си одиме на нерви, не сме навикнати да поминуваме толку време заедно затворени внатре.

Ситуацијата беше стресна за сите, но, особено за населението во урбаните средини кои мораа да останат дома во малите станчиња, за разлика од населението од руралните средини кои беа послободни бидејќи за нив не важеа ограничувањата на движењето и им беше дозволено да работат на полињата. „*Беше многу стресно да се гледа на ТВ како се зголемува бројот на заразени, починати, итн. и се обидувавме тоа да го надминеме поминувајќи повеќе време*

*во дворот, во селото, на полињата“.*[136] Според кажувањата на интервјуираните лица, пораката „остани дома“ ги натера сите повеќе време да поминуваат заедно, отколку што тоа го очекувале или некогаш посакувале. „*Нашите навики се сменија. Пиење утринско кафе подоцна, пазарење со забрзано темпо и поголема посветеност на децата и нивната училишна работа“*[137]. Поголемиот број интервјуирани лица се изјаснија дека тоа позитивно влијаело на нив и дека времето го искористиле како можност да поминат повеќе квалитетно време заедно со семејството и дека тие многу повеќе се приврзале од претходно. „*Почнав да го вреднувам повеќе времето поминато со родителите, особено со помалиот брат, за да разберам што прави – тој снима видеа за YouTube“*[138].

Сепак, социјалното дистанцирање за сите нив е предизвик, бидејќи подолг временски период се изолирани од роднините и пријателите. *„Многу беше депресивно и тешко да се поднесе ограниченото движење, особено, за време на викенд. Времето го поминувавме на интернет, во гледање ТВ... Станавме потрпеливи“.*[139] Тоа доведе до проблеми како што се депресија и отуѓеност. Во тој поглед, услугите кои се нудеа беа ограничени. Министерството за здравство издаде препораки за менталното здравје, но, никакви посебни мерки не беа подготвени и применети за да се одговори на овие потреби, ниту преку примарната и секундарната здравствена заштита или преку училишните психолози за децата на училишна возраст. *„Поминаа два месеца откако се имаме видено со роднините од поширокото семејство, ни недостасуваа и оваа ситуација ни падна многу тешко бидејќи сме многу блиски. Моите родители живеат во градот и брат ми и снаа ми и буквално никој не можеше да дојде и да ме види цели два месеца“.*[140]

> Во нашиот случај тоа беше обратно. Времето го поминувавме, главно, разделени поради полицискиот час. Моите деца и сопругот се грижеа за овците во Пробиштип, а јас бев одговорна за домашното производство на млеко и сирење во Гостивар.

Од друга страна, рестриктивните мерки имаа негативно влијание, главно, на мажите и жените од руралните средини и на лицата со попреченост. Населението од руралните средини се изјасни дека имало зголемена тензија во домот и дека се соочиле и со депресија, првенствено поради застојот во производството, а ли-

136 Интервју со маж од рурална средина, мај 2020 година.

137 Интервју со мајка со попреченост, мај 2020 година.

138 Интервју со млада жена Ромка, мај 2020 година.

139 Интервју со жена со попреченост, мај 2020 година.

140 Интервју со жена од рурална средина, мај 2020 година.

цата со попреченост морале да се одделат од членовите на семејството за да бидат безбедни за време на пандемијата". *Мојот сопруг спие во посебна соба, бидејќи тој е во поголем ризик да се зарази. Секогаш кога има можност, одиме сам по сам на прошетка. Семејството е најважната работа. Можеме да се потпреме само на себеси и на нашите сопствени капацитети. Мораме да бидеме внимателни, бидејќи вирусот не нè засега само нас, туку и целото наше опкружување".*[141]

## **3.2.** ПО КОВИД-19 - РОДОТ И РАБОТЕЊЕТО ВО ИДНИНА

*„Дел од вработените беа назначени да работат од дома, а некои од нив ротираа со денови".*[142]. Жени и мажи со попреченост, во неколку случаи, биле ослободени од работа поради здравствената и физичката состојба и им било овозможено да работат од дома. Пандемијата со ковид-19 драматично го измени начинот на кој луѓето живеат и работат. Работа со половина работно време, работа во смени, работа на далечина, работа преку интернет или работа од дома беа начини на работа кои им беа наметнати на вработените од почетокот на кризата. Многу канцеларии, компании и институции почнаа да го трансформираат начинот на кој се организирани. На овој начин, се одговори на барањата на женските организации, кои веќе подолго време бараа да им се овозможи на работниците подобро да ги комбинираат нивните работни обврски со обврските за грижа, со тоа што им се овозможи работа од далечина и работа од дома. Се разбира, дека тоа не е можно за сите работни места, но, барем за некои работни места во компаниите може да се работи од дома.

Во повеќето институции од јавниот сектор, за жал, работата од дома беше разбрана како ослободување од работните обврски, бидејќи не постоеја процедури за управување со работните процеси од дома, контрола и барање одговорност од вработените. Во приватниот сектор, каде работењето од дома се примени по прв пат, вработените се соочија со предизвици за да се организираат во домашната средина и да обезбедат соодветен простор и време за да можат ефективно да ја вршат работата. На тие вработени не им беше понудена поддршка како да научат да се реорганизираат. Тоа го зголеми нивото на фрустрации и незадоволство во врска со квалитетот на живот, особено кај жените. *„Во новото нормално, работам од рано наутро до доцна навечер, со прекини за да зготвам, исчистам, да го нахранам семејството, да дезинфицирам, потоа добивам e-mail по 9 часот навечер и продолжувам да работам додека не паднам од умор. Работата онлајн ми предизвика главоболки, гадење и чувство на исцрпеност. Повеќе нема јасна линија каде застанува мојата работа и од каде почнува семејниот живот. Треба повторно да се размисли околу балансот меѓу работата и жи-*

141 Интервју со жена омажена со маж со попреченост, мај 2020 година.

142 Интервју со Атина Мургашанска, СДСМ, претседател на Општинскиот совет во Куманово, јуни 2020 година.

***вотот***“[143]. Иако „новото нормално“ во работата влијаеше на сите нас, вработените кои имаат обврски околу грижата се диспропорционално засегнати, ***особено жените бидејќи поголемиот број од нив сѐ уште го носат главниот товар кога станува збор за обврските за грижа за децата, постарите и роднините***. Оттаму, Одделот за родови прашања и Одделението за човечки ресурси на ОБСЕ им обезбедија одредени препораки на работодавачите.[144]

Овие нови начини на работа ги сменија стандардните релации помеѓу вработените и работодавачите во неконвенционални форми на работа кои не зависат од физичкото присуство на вработените на работното место.[145] Нестандардните форми на вработување не се регулирани, коешто, пред сѐ, ја зголемува несигурноста за работниците, поради отсуството на адекватни или регулирани работни услови, како и во однос на намалените или потиснатите права на социјална и здравствена заштита.[146] Традиционалниот договор за засновање работен однос и Законот за работни односи во кој се уредуваат работните односи, не предвидуваат работа на далечина. Според консултантската фирма Global Workplace Analytics, за две години од сега, до 30 проценти од работниците би можело да работат од дома неколку дена во неделата. Според Законот за работни односи, компанијата треба да го одреди работното време и да воведе електронска регистрација на вработените. Новите околности наметнуваат потреба од законски измени со кои ќе се овозможи електронски систем за водење евиденција на вработените кои работат од дома, водење евиденција за работното време и олеснување за компаниите да постават ред во работењето од дома. Потребите поврзани со менталното и физичкото здравје на вработените, исто така, се сменети, бидејќи страдаат од прегореност многу побрзо од која било категорија на работник. Оттаму, работодавачите треба да обезбедат дополнителни можности за рекреација и забава, во кои е обезбедена заштита од ковид-19, за да се подобрува добросостојбата, справувањето со стресот и балансот меѓу работата и приватниот живот кај вработените. Поради вирусот ќе се намали бројот на работни места за кои вработените се ангажирани со договори за работа со полно работно време и трендот за намалување на работата со половина работно време забележан во 2017 и 2016 година се очекува дека ќе се смени во 2020 година.[147] Со оглед дека жените беа најбројни во групата на отпуштени работници, тие ќе бидат многу позасегнати од новите начини на работа кои ќе се појават. Тие ќе бараат работа на онлајн

143 Интервју со мајка на двајца членови на семејството вработени во приватен сектор, мај 2020 година.

144 OSCE (2020) Remote Working: Gender-Sensitive Tips for Managers, достапно онлајн: https://jobs.osce.org/resources/document/infographics-remote-working-gender-sensitive-tips-managers?fbclid=IwAR11EHwpLTpDvyC9LMkctJ-QQLI1wfZwp0--8ytMqb9sjso0h1n229YZusw.

145 Eurofound (2015), New forms of employment, Publicaons Office of the European Union, Luxembourg, страница 4.

146 International Labour Organisation, Work in the future, ILO centenary iniatives, 3, Series of informative notes, страница 4.

147 За новите форми на работа во Северна Македонија, упатете се на ЦИКП (2018) Приспособување на индустриските односи кон новите облици на вработување, достапно онлајн http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/EN-Prilagoduvanje-na-industriskite-odnosi-kon-novite-oblici-na-vrabotuvanje-5-FINAL-OK.pdf.

платформи и затоа владата ќе треба да развива политики за подобри дигитални вештини, програми за преквалификации за новите дигитални работни места кои ќе се појават и преосмислување на социјалната заштита и правата од работен однос за да се обезбеди заштитен механизам кој ќе дава одговор на специфичните потреби кои произлегуваат од родовата улога на работниците, згрижувачите, наставниците, давателите на услуги, хигиеничарите. *„Онлајн работењето ќе биде во пораст, но нема да има целосен квалитет и доволно заштита, особено не во време на шокови“*, рече Ана Томас, директор на Институтот за иднината на работењето. Германската влада веќе работи на нова законска рамка за работни односи која е приспособена на новото нормално кое се појави поради вирусот[148].

Кризата со корона вирусот ги подели работниците на две групи: оние кои работат од дома, и оние кои се принудени да се изложат на ризиците од вирусот.

Кризата со корона вирусот ги подели работниците на две групи: оние кои работат од дома, и оние кои се принудени да се изложат на ризиците од вирусот. Можностите за работа од дома не беа подеднакво распределени, а повисоко платените работници беше поверојатно да имаат придобивки од тоа, а пониско платените работници мораа да се појават на работа. Поранливите групи се соочија со намалени приходи, непридржување до мерките за заштита на работните места, како и продолжено работно време. *„Не се држи доволно дистанца меѓу вработените и тие не носат заштитни маски. Во моментов работат со полно работно време, дури и ноќна смена“*. Жените и мажите во првите редови во борбата против ковид-19 се соочија со притисоци како никогаш досега, особено во здравствениот сектор. Значителен дел од овие работници не можат да работат на далечина. Тие се изјаснија дека се најмногу изложени на вирусот бидејќи работата бара да бидат во контакт со други луѓе. Тие работеле прекувремено, во 24-часовни смени и се изјасниле дека им се намалил приватниот живот. Обемот на работа кој тие го имале на дневна основа во првите редови бил преоптоварувачки. *„Речиси и да немам приватен живот. Најдоцна до 08:00 часот наутро доаѓам на работа каде работам на дијагностицирање на ковид сѐ до доцна навечер. Мојот работен ден трае повеќе од дванаесет часа. Моето работно време обично завршува во 11:00-12:00 часот навечер. Иако имаше 2-3 дена кога завршувавме со работа порано, околу 20:00 часот“*.[149] Без засилена и соодветна трудова инспекција, периодот на вонредната состојба се чини идеален за експлоатација на работните места.

148 https://www.spiegel.de/politik/deutschland/heil-plant-bis-herbst-gesetz-fuer-recht-auf-homeoffice-a-06af277e-75f4-4a59-8963-0070d6c507bb.

149 Интервју со висок функционер од Институтот за јавно здравје, мај 2020 година.

> Немаше потреба да се работи по цел ден и се поделивме по тимови за поголема ефикасност. 24-часовни смени, потоа два дена одмор и две недели на повик. Прегледуваме пациенти секој ден – пулмолог.
>
> Одам на работа околу 6:45 часот, и моето работно време завршува околу 16:00 часот. На располагање сум за дополнителни информации и по работното време – фармацевт.
>
> На почеток, работевме со половина работно време, потоа работевме до 15:00 часот, еден час пред да почне полицискиот час. Не работев во ноќни смени, а некои фармацевти ширум државата работеа и ноќна смена – фармацевт.
>
> Полицискиот час значеше дополнителна работа, покрај вообичаеното работно време. Секој трет возач го застанувавме и легитимиравме, сега го легитимираме секој петти возач за да се намали физичкиот контакт – полициски службеник.
>
> Работното време е целосно реорганизирано. На должност сме две недели (24 часа и два дена одмор потоа), една недела сме слободни и една недела сум на повик – кардиолог.

Невработените лица не можеа да најдат работа за време на кризата и многу семејства останаа само со приходот кој го остварува еден член на семејството. *„Во моментов работи само татко ми. Тој работи во индустријата за заварување и платата му беше намалена поради работата со половина работно време“*[150]. Во некои сектори се зголеми обемот на работа, но, не и работното време. *„Работното време на работниците не беше зголемено, но раководниот тим работеше прекувремено. Промената во производството ја направивме по наш избор, бидејќи сакавме да придонесеме за недостигот на заштитни маски“.*[151]

Сочувството за оптоварувањето кое е предизвикано од новото нормално врз балансот меѓу животот и работните обврски, довербата дека работниците можат и сакаат да работат од дома без да е присутен шефот да ги контролира и новата регулатива за работни односи со која се оформуваат нови релации во индустријата во која дигиталниот пролетаријат ќе добива социјална и здравствена заштита во согласност со потребите и интересите, се дел од прашањата кои македонската влада ќе треба да ги постави на листата на задачи и да ги разгледа во периодот по кризата предизвикана од ковид-19.

150 Интервју со ромско девојче, мај 2020 година.

151 Интервју со сопственик на текстилна фабрика, мај 2020 година.

## 3.3. РОДОВИТЕ ПРАШАЊА И ОПШТЕСТВОТО ПО КОВИД-19

Социјалниот живот беше нарушен поради „рестриктивните мерки“ и се промени со протоколите за физичко дистанцирање и носење заштитни маски. Забавниот и услужниот сектор беа затворени и тоа изврши огромно влијание на социјалниот живот. Технологијата, и особено социјалните мрежи, станаа главен начин на социјализација, бидејќи не се препорачуваше да се посетуваат роднините и пријателите, како и средби и собири. Појавата на ковид-19 влијаеше на сите сегменти од населението, особено на постарите лица, лицата со попреченост, ромската заедница и самохраните мајки кои се потпираат на пријателите и семејството за поддршка бидејќи училиштата и градинките се затворени. При спроведувањето на истражувањето, тие кажаа дека има огромна промена во социјалниот живот и долго посакуваните социјални собири со семејствата и роднините и самата изолација за нив биле посебен предизвик. „*Најмногу страдаше социјалниот живот, бидејќи не можевме да излеземе од дома. Имам девојка и сето тоа влијаеше и на нашата врска, бидејќи не живееме блиску*“.[152] Меѓутоа, социјализацијата преку интернет се зголеми во оваа ситуација. „*Сè се смени, особено комуникацијата со роднините и пријателите. Комуницирављме преку Skype. Имавме и контакти со луѓе со кои се немавме чуено подолго време и чувството беше убаво. Некои од нив живеат во странство. Користев видео повици на Viber за да ја видам сестра ми која живее во Канада*“.[153] Интервјуираните лица кажаа дека социјализацијата со членови на семејството и пријатели била виртуелна за време на пандемијата со корона вирусот, преку апликациите Skype, Viber, Messenger. Дигиталните технологии нудат многу потенцијални придобивки за секого, особено за постарите, кои, пак, најмалку беа вклучени на тие алатки. Повозрасните лица се изјаснија дека се социјализирале „преку телефон“ и дека ретко користеле онлајн алатки за комуникација, како што е Viber. Причината за тие пречки, веројатно, се должи на недостигот на вештини и знаење. „*Порано ќе излезевме да се видиме, сега контактираме преку телефон. Немаме физички контакти со никого, само кога ни доаѓаат ќерките да не посетат*“.[154] „*Пресврт од 360 степени во животот. Од социјално дистанцирање, до тоа да не можеш да си ги видиш саканите ако не живеете заедно*“[155]. Тоа укажува на радикална промена во социјалните активности и поради тоа луѓето значително го сменија и однесувањето. „*Ми недостасуваат посетите, да се напијам кафе со пријателите, не сакам да се чувствувам толку осамено*“.[156] Оттука, мерките за справување со вирусот немаа подеднакво влијание на сите.

Рестриктивните мерки и препораките да не се поминува време внатре, туку да се излегува на отворено, влијаеја на тоа како луѓето го поминуваат времето. Одењето во парк беше избор на жителите на градовите и нерезиденцијалните

152 Интервју со млад маж од ромска националност, мај 2020 година.

153 Интервју со жена со попреченост, мај 2020 година.

154 Интервју со повозрасна жена, мај 2020 година.

155 Интервју со жена со попреченост, мај 2020 година.

156 Интервју со повозрасна жена, мај 2020 година.

дестинации станаа атрактивни во земјата. Степенот на развој на општините и постоењето зелени површини во близина на живеалиштата на граѓаните добија на важност, бидејќи не сите урбани зелени површини се подеднакво распределени по градовите. Во посиромашните населби, кои се густо населени нема квалитетни зелени површини, неопходно е активно просторно планирање и уредување, како и лидери кои ќе го направат тоа да биде приоритет. Некои места (како Скопје и Охрид) размислуваат за големо проширување на инфраструктурата за пешачење и велосипедизам, оставајќи простор за трговија по улиците, одржување безбедна дистанца меѓу луѓето и создавање побезбедни и почисти улици. За таа цел, општините треба да ја земат родовата перспектива при уредувањето на јавниот простор, за истиот да биде безбеден, лесно пристапен за жените (и разни подгрупи, односно, жени со попреченост), како и корисен со тоа што ќе одговара на нивните потреби и интереси.

Оттаму, со мерките за справување со вирусот треба да се избегнува поттикнување на социјална нееднаквост, иако постојат докази кои укажуваат на таков тренд. Поголемата флексибилност за работата од дома за повисоко платените работни места создаде јаз со ниско платените работници кои имаат понесигурно вработување и не можат да работат од дома, изложувајќи се на поголем ризик од инфекција, поради неопходност, а не поради личен избор. Сето ова ја истакната општествена нееднаквост и нееднаквост во однос на приходите и здравјето која треба да се земе предвид во насока на надминување на овој јаз и нееднаквости во периодот на закрепнување од ковид-19 и процесот на нормализација.

Економските податоци за првите два квартала се доста мрачни за Северна Македонија. Во регионот на Западен Балкан, земјата бележи најголемо забавување на економијата. Последниот економски квартален извештај на Европската Унија за земјите кандидатки и потенцијални кандидатки[157] покажува дека економскиот пад бил 0,2 % годишно во првиот квартал споредено со истиот период минатата година, намалено од 3,4 % од четвртиот квартал во 2019 година. Извештаите укажуваат дека високофреквентните индикатори нагло опаѓаат, а тоа треба да се очекува и за вториот квартал. Имено, индексот за индустриско производство е намален за 30 %, во просек, во април и мај 2020 година, споредено со истиот период минатата година, главно, поради забавување на производствениот сектор. Ниското производство влијае на намалената куповна моќ и последователно, на намалената продажба на производи кои на крајот ќе ја втурнат економијата во целосна рецесија. Во април и мај 2020 година, малопродажбата е намалена во просек за 16 %, споредено со истиот период во 2019 година. Производството на капитални добра е намалено за 26,4 % во првите пет месеци од 2020 година, кое дава основа за намалување на инвестициската дејност. Економските влијанија врз јавните финансии оставија голема дупка со пад на приходите за 8,3 % во првите 5 месеци од годината, споредено со 2019 година и пораст на вкупните расходи за 7,9 %.

157 https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/economy-finance/tp042_en.pdf.

Колку што поголем број луѓе ги губат работните места, а жените според доказите се поранливи од мажите во оваа насока, ќе биде неопходна нова стратегија. Економистите се залагаат за „антивоена" економија[158] која се темели на враќање кон масовно намалување на производството на начин кој не значи губење на егзистенцијата и намалување на акционерскиот капитализам, каде се вреднуваат сопствениците на уделите, туку на чинителите во општеството за да можат да придонесат за општествениот успех. За таа цел, бизнисите треба да ги искористат своите вештини и средства за да се помогне во инвестирањето за подобро општество, со покуси синџири на набавки и помала зависност од странство. За да се намали родовиот јаз во економијата, бизнисите треба да ги јакнат дигиталните вештини на жените и да ги обучат за новите начини на работа.

Тоа е поврзано и со расположливоста на услугите кои од почетокот на пандемијата се заменети со неплатена работа за грижа од страна на жените. Економската активност на жените директно се поврзува со расположливоста на здравствена, социјална и детска грижа. Работењето од далечина го зголемува ризикот од изолацијата, како и зависноста од алкохол, премногу пушење и болки во грбот поради лошата ергономска положба. Иновативните услуги за да се даде одговор на новата реалност и ризици треба да се најдат на врвот на агендата, бидејќи тие се поврзани со севкупното здравје во општеството, но, неизбежно се поврзани и со родовата еднаквост бидејќи жените го носат товарот за сите социјални, здравствени и економски исходи во домот. Анализата погоре покажува дека државата треба да ја преобликува социјалната заштита за новото нормално во економијата, семејството и општеството за време на ковид-19. Работодавачите треба да прифатат дека и тие треба да ги штитат работниците за да опстанат и се развиваат. Тоа треба да биде долгорочна промена во ставовите во рамките на историската дебата за јавно наспроти приватно.[159]

**Веројатно е дека пандемијата ќе создаде нова нееднаквост за младите луѓе во образованието.**

Веројатно е дека пандемијата ќе создаде нова нееднаквост за младите луѓе во образованието. Во моментов, 82,1 % од граѓаните, кои имаат деца на училишна возраст, располагаат со адекватни средства за онлајн настава и 10 % се изјасниле дека не располагаат со средства за овој тип на учење[160]. Во отсуство на дигитални алатки, дигитални содржини и адекватна поддршка (психолошка и контекстуална), наставниците, родителите и учениците ја завршија училишната година со чувство дека таквото решение беше неуспешно[161]. Многу ученици од посиромашните заедници може да останат без образование и девојчињата поради доминантните родови стереотипи ќе бидат натерани да преземат дел од неплатената работа по дома, што не е случај со момчињата. Последиците од таквата нееднаквост во образованието, особено за девојчињата и младите жени, ќе значат и нивна обесправеност на пазарот на труд и натамошно продлабочување на нееднаквоста.

158 James Meadway https://tribunemag.co.uk/2020/03/the-anti-wartime-economy.

159 https://www.zurich.com/en/knowledge/topics/global-risks/societal-risks-in-post-covid-19-era.

160 https://bit.ly/3fP42H9.

161 https://bit.ly/2ZPPnpP.

Најголема надеж за вакцина против ковид-19 имаат лицата постари од 65 години, со оглед дека тие се најлути на новото нормално и мал број од повозрасните лица се подготвени да се адаптираат и да изнајдат нови начини за одржување на социјалниот живот

Телевизијата и интернетот беа главни извори на информирање во однос на мерките за заштита. Повеќето интервјуирани лица се изјаснија дека се потпираат на извори како што е Светската здравствена организација и странски новински канали на интернет. Меѓутоа, не сите информации беа приспособени на потребите на лицата со попреченост. *„Кога станува збор за лицата со интелектуална попреченост, по мое мислење, тие се најзасегната категорија, бидејќи можеби не ги разбираат информациите, можеби не знаат што значи ограничување на движењето, не знаат што е полициски час и затоа сметам дека не се опфатени сите категории. Некои лица со попреченост немаат соодветен пристап до информации“*.[162] Најголема надеж за вакцина против ковид-19 имаат лицата постари од 65 години, со оглед дека тие се најлути на новото нормално и мал број од повозрасните лица се подготвени да се адаптираат и да изнајдат нови начини за одржување на социјалниот живот. Новото нормално донесе една позитивна работа според испитаниците од ромска националност, кои откриваат дека поради мерките за ограничување на движењето денеска имаме „помало загадување“. Таа перцепција е поткрепена со сателитското читање на квалитетот на воздухот на European Space Agency, Sentinel 5P, кои регистрираат намалено загадување споредено со претходните години во градовите ширум светот.[163]

Оттука, може да се каже дека пандемијата со вирусот ковид-19 може да биде важен фактор за социјални промени. Сите ние имаме клучна задача да побараме новите социјални форми да се темелат на етика во која се вреднуваат грижата, животот, демократијата и родовата еднаквост.

## 3.4. РОДОВИТЕ ПРАШАЊА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ ПО КОВИД-19

Истражувањето покажа одреден степен на вклученост на родовата перспектива во работата на општинските работни групи за кризен менаџмент и управување во вонредни состојби, што се движи од умерена до, воопшто, никаква вклученост на родовата перспектива. На централно ниво, Мрежата за надзор на родов буџет забележа дека не е направена родова анализа кога се подготвувале мерките за одговор на состојбата и не се интегрирала родовата перспектива, а доколку истото се случило е резултат на реакции на граѓаните и граѓанското општество. Родовиот пристап, само во мал број случаи, вклучувал консултации со жените од локалните средини и женските здруженија, пред да бидат усвоени мерките и изработката на родово специфични мерки или родова анализа.

Студијата покажа дека не само што е неопходно учеството на жените во работните групи кои ги подготвуваат и спроведуваат мерките за одговор на состојбата, туку и свесност и знаење за импликациите на родовата еднаквост, како и капацитет за родова анализа преку која ќе се утврдат влијанијата на политиките и буџетите врз родовата нееднаквост. Таква свест недостасува и отсуството на родова

162 Интервју со жена со попреченост, мај 2020 година.

163 https://www.esa.int/Applications/Observing_the_Earth/Copernicus/Sentinel-5P/Coronavirus_lockdown_leading_to_drop_in_pollution_across_Europe.

анализа се образложува со недостиг на време при брзата реакција на кризата. Летниот период кој е порелаксиран требаше да се искористи за процена на влијанијата од првите три пакети на мерки и да се соберат докази со кои ќе се добијат информации за креирањето политики по завршувањето на изборите и особено во периодот по ковид-19. На локално ниво, очигледно е дека недостасува свест за тоа како политиките за заштита од вирусот може различно да влијаат на мажите и жените и мал степен на ангажираност на родовиот механизам за вклучување на родовата перспектива во одговорот кој се дава од страна на општините. Дотолку повеќе што се појави и проблем, односно недостиг на пристап до информации и транспарентност од општинските власти во однос на составот и работата на кризните штабови независно на нивниот состав по род, најчесто заснован на политичка определба. Давањето одговор на состојбата со вирусот е над политичката, етничката и верската припадност и мора да ги опфаќа сите, со цел да има адекватни информации на кои ќе се заснова одговорот и за сите да се обезбедат придобивки на ефективен начин. За таа цел, вклучувањето на родовата перспектива во овој процес преку учество на жените (како членки на работни групи, консултации со женски групи, вклученост на координаторот за еднакви можности) во процесот и анализа на влијанијата од мерките врз родот и различностите би ја подобрило ефективноста на политиките и мерките и ќе го намали родовиот јаз. Насочувањето на вниманието кон маргинализираните и ранливите жени, како што се самохрани мајки, жени со попреченост, жени кои преживеале насилство и жени од етничките немнозински заедници и руралните средини, исто така, недостасува. Со таквата насоченост на вниманието преку мерките ќе се овозможи не само да се добијат резултати за родовата еднаквост, туку и да се зајакне родовата правичност, бидејќи ќе се идентификуваат области каде обесправените подгрупи на жени треба да добиваат повеќе поддршка од останатите.

Со оглед дека Уставот и законите содржат одредби за усвојување уредби со законска сила, од особена важност е тие мерки да се усвојуваат во транспарентна процедура и во рамките на робустен процес кој се темели на креирање политики врз основа на докази, коешто вклучува и процена на влијанијата врз жените и ранливите групи како и нормативна содржина која нема да отстапува од обврските втемелени во меѓународните конвенции. Бројот на одлуки и нивното брзо менување, исто така, создаде предизвици за бизнисите и граѓаните и ја стави под прашање и правната сигурност.

На крај, спроведувањето на мерките за одговор на кризата со вирусот имаат многу поголема важност сега отколку во периодот пред вирусот, како начин на кој нивното спроведување или неспроведување може да го стави здравјето на жените и мажите во ризик и да создаде родов јаз. Најдобра илустрација за тоа е: (i) ширењето на вирусот во текстилните компании во Штип и Свети Николе како резултат на непридржувањето до протоколите за заштита[164]; и (ii) мерките за економско закрепнување не стигнуваат до крајните корисници (вработените) бидејќи

164 Гласен текстилец, Барање до Владата да ги заштити текстилните работнички, достапно онлајн: https://cutt.ly/TsLWb6o.

платите се помали отколку платите кои требаше да бидат исплатени и за кои Владата ги поддржа компаниите[165]. Со имплементацијата ќе се создадат и други нееднаквости и затоа намерата која се сака да се постигне со политиката не е доволна, туку Владата треба сега, повеќе од кога било претходно, да ги зајакне инспекторатите и капацитетите за мониторинг и евалуација. За таа цел, од клучно значење е доследна имплементација, меѓуинституционална координација и брзо правораздавање преку судска контрола на законитоста во спроведувањето мерки како одговор на состојбата со вирусот.

Буџетот е најважниот инструмент, кој значително се користеше во давањето одговор на ковид-19, меѓутоа, за ребалансот на буџетот во април 2020 година не се следеа принципите за учество, консултации, анализа на влијанијата врз родот и тоа не беше придружено со извештај за економската и буџетската состојба, како и образложение на оправданоста на измените; со детална презентација на изменитепо програми и рамка на предвидени остварувања/резултати. Тоа ја ограничи процената на влијанијата од усвоените мерки врз родот во овој Извештај и остава простор за погрешно информирање, ширење лажни вести за мерките и улогата на Владата во справувањето со вирусот, коешто на крај ќе изврши и влијание на довербата во Владата и институциите. На крај, таквата транспарентност и оправданост на одлуките се од клучна важност во време кога Собранието е распуштено и кога Владата има право да носи одлуки со законска сила, за да може да се обезбеди надзор и преглед на тие одлуки од страна на независни тела (вклучително и здруженијата на граѓани)[166].

165 ССМ, Да ја спречиме злоупотребата на финансиската помош за вработените во време на криза, http://www.ssm.org.mk/mk/da-ja-sprechime-zloupotrebata-na-finansiskata-pomosh-za-rabotnicite-pogodeni-od-zdravstveno.

166 ЦИКП (2020) Родот и ковид-19, достапно онлајн: https://cutt.ly/RslhHbx.



поглавје

4

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА МЕРКИ ВО ПОСТПЕРИОДОТ НА КОВИД-19

Периодите на закрепнување по криза може да дадат можност „работите да се прават поинаку“ и да се создаваат поправични системи и општества



Периодите на закрепнување по криза може да дадат можност „работите да се прават поинаку“ и да се создаваат поправични системи и општества.[167] За да се обезбеди напредок, а не уназадување  во родовата еднаквост, неопходно е да се разберат родовите јазови кои се создадени поради одговорот на кризата, како и нормите за родова нееднаквост кои преовладуваа во македонското општество пред појавата на вирусот. Оттаму, студија како што е овој мониторинг на влијанијата на различни групи, како и процената на меѓусекторските социјални и родови влијанија кои ги идентификуваат силните страни и ранливоста, претставуваат клучни алатки за креирање политики.

Со студијата е утврдено дека одговорот на пандемијата имаше диспропорционално негативен ефект на жените од сите сектори и возрасни групи. Поверојатно е жените да работат во сектори кои престанале да работат за време на пандемијата. Кај мајките, за разлика од татковците, за 70 проценти е поголема веројатноста дека ја преземале улогата за главна грижа по затворањето на градинките и училиштата. Женските бизниси се поранливи бидејќи тие имаат најмалку заштеда која можат да ја користат како стратегија за опстанок и кога недостасуваат финансиски мерки за подобрување на ликвидноста, за исплатите кон кредиторите и за приспособување на новата економија „остани дома“. Тоа предизвикува нееднаквост во семејството и во економијата, коешто придонесува за зголемена нееднаквост во општеството.

Доколку не се даде соодветен одговор преку политики, кризата која настана поради пандемијата со ковид-19 може да доведе и до пораст во нееднаквоста, исклученоста и дискриминацијата. Најранливи се жените и групите во кои спаѓаат Ромите, самохраните мајки, лицата со попреченост и жените од руралните средини.

### ЕКОНОМСКИ ПРЕПОРАКИ

1. **Владата треба да им помогне на економските субјекти да продолжат со работа во новите услови, но родовите критериуми мора да се применат.** 76,6 % од испитаниците оценуваат дека нивниот бизнис нема да опстане во следните 1 до 6 месеци доколку ситуацијата и понатаму влијае на бизнисот, а женските бизниси се најранливи. Тоа покажува дека:

    - Економијата треба да се отвори и покрај тоа што вирусот сè уште е присутен, и Владата треба да го трасира патот преку воведување и спроведување нови правила за безбедни работни услови во новата реалност, за жените и мажите раководители во бизнисот, но и за работниците, притоа прифаќајќи дека жените работат на работни места кои се изложени на најголем ризик да бидат заразени од вирусот.
    - Капацитетите на инспекторатот за труд треба да се зајакнат и законите треба да ги опфатат и новите начини на работа во услови на „остани дома“ економија, со цел заштита на правата и на работодавачите и на вработе-

167 ОН Антонио Гутереш „Закрепнувањето од ковид-19 мора да доведе до различна економија“, март 2020 година.

ните. Постојат докази од текстилниот сектор каде најголем број жени се вработени и кои укажуваат на важноста на брзите интервенции од страна на трудовиот инспекторат за да се помогне за намалено ширење на вирусот и заштита на здравјето на текстилните работнички.

- Совети во области како што се - општо планирање, воспоставување онлајн работа и финансиско планирање, се добредојдени. Владината помош во тој контекст може да биде во насока на воспоставување онлајн центар на знаења и информативен центар за совети и инструкции за бизнисите кои планираат да се трансформираат и/или се соочени со тешкотии. За таа цел, може да се размисли за програми за менторство помеѓу жените кои водат бизниси, за да се олесни размената на искуства и давањето взаемна поддршка.

2. **Планот на многу компании да го одложат плаќањето на обврските (30 % од испитаниците), укажува на криза со ликвидноста**. Бизнисите кои ги водат жени располагаат со најмала заштеда и се најпогодени и затоа е неопходно да им се посвети посебно внимание. Компаниите ќе почнат да покажуваат колебливост да вршат трговија на кредит и ќе бараат авансни исплати, коешто ќе влијае на ликвидноста, ќе ја задуши трговијата и може да доведе до каскадна појава на неплаќање на обврските.

    - За одржување на ликвидноста, неопходни се владини заеми и програма за гарантирање на долговите. Жените се сопственички само на 27,27 % од регистрираниот имот[168] и ќе бидат помалку подобни за кредити. Затоа, е неопходно да се воспостави посебен гарантен фонд за жени претприемачки.
    - Осигурувањето на трговските кредити ги штити клиентите од ризикот на неплаќање од страна на клиентите. Само за споредба, богатите европски земји како Франција и Велика Британија имаат понудено кредитни гаранции во износ до 15 % од БДП, коешто во Северна Македонија би било близу 2 милијарди евра. Последниот, односно, третиот владин пакет на економски мерки предвидува кредитни гаранции, но, само за стартапи, микро и мали компании и е ограничен на 10 милиони евра, кое може да се покаже како недоволно. Неопходно ќе биде да се основа гарантен фонд за жени претприемачи.
    - Измена на системот за исплата на ДДВ, со што ќе се овозможи плаќање по наплатата и не по издавањето фактура, кое значително ќе влијае на ликвидноста. 30 % од испитаниците се изјасниле дека Владата треба да воведе плаќање на ДДВ по наплатата, како нова итна мерка.

3. **Стратегијата за опстанок се заснова на управување со сопственото време и ресурси, намалување на трошоците, и значителна зависност од сопствената заштеда и заштедата на компанијата.** Женските бизниси од тој поглед се најпогодени со оглед дека имаат најмали заштеди и затоа треба да бидат оп-

168 http://www.katastar.gov.mk/wp-content/uploads/rodova_ednakvost/izvestai/Tabela_so_broj_i_procent_na_zapisani_prava_po_pol_i_po_katastarsko_oddelenie_2019.pdf.

фатени со финансиски мерки за зголемена ликвидност, овозможувајќи им исплата на кредиторите и приспособување на новата „остани дома“ економија.

- Воведување родови критериуми во мерките за финансиска и нефинансиска поддршка ќе овозможи опстанок на женските бизниси, како и опстојување на инвестицијата во економското јакнење на жените од претходните години.
- Изработка на мерки кои се наменети, конкретно, за микро и мали претпријатија и оние кои работат исклучително на домашниот пазар, кои ќе бидат особено корисни за компаниите кои ги водат жени, бидејќи истражувањето на Центарот за истражување и креирање политики покажа дека 78 % од жените претприемачи работат на домашниот пазар, наспроти мажите претприемачи кои работат и на странските пазари.
- За бизнисите кои ги водат жени, исто така, е важно да се подготват и мерки за нефинансиска поддршка, како што се групи за поддршка во кои жените ќе се среќаваат и ќе разменуваат искуства, ќе се охрабруваат меѓу себе и ќе соработуваат за создавање отпорност на кризата.

**ПАЗАР НА ТРУД**

1. **Изработка на мерки за поддршка на работниците во неформалниот и дигиталниот сектор.**

   - **Работниците во неформалниот сектор беа, речиси, целосно испуштени од мерките**, имајќи предвид дека поголемиот дел од нив се жени кои помагаат во домашни услови (бебиситерки, хигиеничарки, домаќинки, негувателки, итн.), или работат на полињата, итн. Во оваа подгрупа спаѓаат голем број жени Ромки, самохрани мајки и други ранливи групи. За нив треба да се обезбеди брз влез во системот на социјална заштита. Кризата треба да се искористи за да се регистрира и формализира нивниот невидлив труд.
   - **Со зголемениот обем на работа во секторот за хонорарна или привремена работа за време на кризата и без регулиран дигитален сектор, дополнително ќе се зголеми неформалната економија**. Со оглед дека застапеноста на жените во овој сектор е помала, отсуството на заштитни механизми и понатаму ќе биде причина за малото учество на жените во секторот за хонорарна или привремена работа, коешто придонесува за поголем јаз во платите помеѓу жените и мажите. Неопходни се посебни мерки во иднина за да се одговори на потребите на неформалните работници и да се намали неформалниот сектор. Тоа е важно и за економијата и за работниците. Конкурентноста на компаниите, исто така, е изложена на ризик, доколку дигиталниот пазар остане нерегулиран. Од друга страна, неопходни се заштитни механизми за жените и мажите кои работат на онлајн платформи или работат од дома на интернет.
   - **Подобрувањето на законската рамка за да ги опфати и новите начини на работа ќе го олесни приспособувањето кон новата нормалност во еко-**

**номијата**. Треба да се усвојат разни пакети за здравствена и социјална заштита за оваа група, коешто засега недостасува и истите не се уредени со Законот за работни односи. Иако Владата ги поддржа мерките за обуки за дигитални вештини за млади луѓе, сепак, недостасува законска рамка за работа и продажба на интернет.

- **Развој на дигитални вештини и поддршка за преквалификација на жените во новите дигитални професии.** Жените се помалку застапени во науката, технологијата, инженерството и математиката и затоа нивниот пристап до дигитални работни места не е ист како кај мажите. Дополнителна поддршка ќе биде неопходна со оглед дека и за време на ковид-19 периодот и по завршувањето, економската дејност ќе биде дигитална.

2. **Поддршка за клучните работници за справување со вирусот и обезбедување подобри бенефиции и заштита на работничките права за ниско платените работници.**

- За работниците кои се на првата линија на справување со вирусот потребни се корекции во системот за исплата на плати за да се отсликаат активностите и одговорностите на работните места, бројот на работни часови на работното место и од дома, како и ризикот кој го преземаат да бидат заразени на работното место. Поголемиот број од овие работници се жени со ниски примања.
- Обезбедување мониторинг и спроведување на мерките за заштита од вирусот во бизнисите со ниско платени работници. Приоритет за тоа се засилени инспекции и партнерство со работодавачите.

3. **При подготовката на мерки за вработување, усогласување на бараните квалификации со потребите на ранливите групи.**

- Идните активни мерки за вработување мора да го поддржуваат капитализмот на чинителите, кој се темели на солидарност и етика како главни вредности. Семејствата и луѓето кои живеат во иста населба, треба да се поттпираат на услугите кои ги обезбедуваат соседите. Тоа ќе придонесе за успех во општеството и за покуси синџири за набавки што конечно ќе влијае на намалување на трошоците за живот и сиромаштија.

## СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

1. **Поддршка за солидарноста во заедницата.**

- Стимулирање на вработувањата и социјалната инклузија преку поддршка за давање компјутерска помош во заедницата; поддршка за училиштата преку наставници кои волонтираат во детските градинки и училиштата; часови за учење јазици; психолошка поддршка, итн. Давањето услуги треба да се прошири и во руралните средини, со оглед дека жените и мажите од овие средини се чувствуваат дискриминирани.

2. **Надминување на предрасудите.**

   - Предрасудите кои постојат за жени и мажи кои се заразени со ковид-19 треба да бидат деконструирани. Најзасегнати се ранливите групи и етничките немнозински заедници, особено Ромите, како што покажува и оваа студија. Така ќе се подобри пристапот до основни услуги за најобесправените групи. Оттаму, не треба да се размислува за повторно ограничување на движењето за постарите лица бидејќи беше утврдено дека е дискриминаторско и покрај добрата намера на политиката, истата создаде чувство на дискриминираност.

3. **Измените и дополнувањата на законската рамка за да бидат усогласени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.**

   - Владините мерки за ковид-19 треба да бидат усогласени со стандардите предвидени со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост и неопходно е да се вклучи интерсекциски пристап, вклучително и концептот на соодветно приспособување. Концептот за универзален дизајн, поврзан со принципот за пристапност и соодветно приспособување, треба да бидат водечки принципи за сите политики и мерки.

4. **Подобреното информирање да биде приспособено на потребите на жените и мажите со попреченост.**

   - Државата обезбедуваше толкување на знаковниот јазик за време на пресконференциите за ковид-19, но, не од самиот почеток и таквата практика продолжи сè до завршувањето на вонредната состојба. Меѓутоа, неопходно е Владата да обезбеди дека сите информации во врска со вонредната состојба и општо за вирусот се достапни во формати кои се пристапни за лицата со различен тип на попреченост, вклучително и за лицата со нарушен слух преку знаковниот јазик, како и на јазиците кои се зборуваат во земјата, вклучително и Брајовата азбука, аугментативната и алтернативната комуникација и на сите други пристапни начини, методи и формати на комуникација по избор на лицата со попреченост во официјалната комуникација, во согласност со членот 21(б) од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Сите административни службеници и владин персонал кои се дел од кризните штабови, и сите чинители кои потенцијално би учествувале во справување со вирусот мора да поминат обука за подигање на свеста за попреченоста.

5. **Следење и известување за состојбата со ковид-19 со податоци расчленети по пол и попреченост.**

   - Покрај постојните податоци и информации за бројот на заразени лица со ковид-19, кон крајот на месец јуни запре распространувањето на податоци расчленети по пол, додека, пак, податоци за лицата со попреченост воопшто не постојат. Оттаму, постои неодложна потреба Владата да почне со собирање податоци за лицата со попреченост кои се расчленети по

возраст, тип на попреченост, етничка припадност, род, итн. Судовите, Јавното обвинителство и институциите кои ги спроведуваат мерките (односно, министерствата за економија, труд и социјална политика, информатичко општество и администрација, агенции (за спорт и млади, туризам и вработување) и Развојната банка на Република Северна Македонија) со кои Владата заеднички даваше одговор на кризата со ковид-19, не водат евиденција со податоци расчленети по пол, кое, пак, дополнително влијае на анализата за процена на влијанијата од родова перспектива. Министерството за труд и социјална политика треба да испрати конкретни препораки на тие чинители со цел да ги усогласат податочните системи со барањата предвидени со Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите.

6. **Државата, општините и релевантните чинители треба да обезбедат активно учество и координација на лицата со попреченост и нивните претставнички организации, вклучително и на организациите за жени, мажи, момчиња и девојчиња со попреченост на сите нивоа.**

   - Неопходно е да се изработат упатства за разни чинители во врска со постапување со попреченоста во вонредните состојби, вклучително и за лицата со попреченост во различни области (здравство, образование и социјална заштита). Неопходно е и да се спроведе посеопфатно истражување за дискриминациските практики за време на вонредната состојба со ковид -19 во врска со лицата со попреченост во согласност со принципите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

7. **Подобрување на концептот за далечинско учење за да се намали родовиот јаз и нееднаквостите кои беа создадени.**

   - Кризата го остави образовниот систем парализиран без јасна визија, како да се манџира со обрзовниот процес за време на кризата. Тоа остава ризик за децата кои немаат начини да добијат настава од дома, особено децата од ранливите групи како што се ромските девојчиња, кои така го губат пристапот до образование и пропуштање на можностите во иднина. Неопходно е неодложно да се донесе стратегија за пристап до далечинско учење со посебен акцент на ранливите групи.

8. **Подобрена комуникација со граѓаните за нивна едукација за мерките за заштита од ширење на вирусот.**

   - Голем дел од населението сè уште не верува во усвоените мерки, дури и дека болеста постои и одбиваат да носат маски. Особено важна компонента во справувањето со вирусот е спроведување на соодветни кампањи за едукација со кои јавноста ќе биде информирана со факти, а не со митови поврзани со вирусот. Неопходно е да се примени и родов пристап во заложбите за подигање на свеста.

## ПРЕПОРАКИ ВО ВРСКА СО НАСИЛСТВОТО И ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

1. **Подобрена ефективност во подигањето на свеста и информирањето на граѓаните да пријавуваат насилство.**

    - Иако одговорот кој го даваат полицијата и Центарот за социјална работа заслужува пофалба, неопходно е и понатаму да се зголеми одговорноста и да се подобри ефективноста во раното информирање, како и подигање на свеста преку охрабрување на жртвите да пријавуваат насилство, за што е потребна систематска меѓуресорска соработка коешто ќе влијае на резултатите во справувањето со моменталната недоверба и колебливост да се пријави насилство. Проширување и реплицирање на ефективните начини за информирање и охрабрување на пошироката јавност во општините каде тоа не е направено и, поконкретно, охрабрување на жртвите да пријавуваат насилство преку брз пристап до информации како што се онлајн содржина, летоци или билборди за процедурите за пријавување насилство.

2. **Промена во начините на кои се пријавуват случаите на насилство врз жени.**

    - Приспособување и реформа на модалитетите и начините за пријавување на случаите на насилство за време на пандемија треба да биде земено предвид, особено со оглед на тоа дека за време на карантин има ограничени можности за пристап до интернет или да се направи телефонски повик кога сите членови на домаќинството, вклучително и сторителот на насилство, се под еден ист покрив. За таа цел, неопходно е да се направи промена во начинот на пријавување насилство и воведување пријави за насилство преку посредници.

3. **Надминување на предубедувањата и пристрасноста за пријавување насилство.**

    - Од пандемијата со ковид-19 произлегоа научени лекции и најдобри практики во пријавувањето случаи на насилство врз жени и начините на кои институциите и граѓанскиот сектор го дадоа својот одговор. Релевантните чинители и, првенствено, Министерството за труд и социјална политика, треба да ги искористат со цел да се деконструираат преостанатите предрасуди и предубедувања во однос на пријавувањето.

4. **Создавање сеопфатна мрежа на прифатилишта и сервиси за жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.**

    - Брзо воспоставување прифатилишта за жртви на семејно насилство и други услуги (како што се психосоцијална поддршка, правна помош, економско јакнење, итн.) за жените жртви на родово базирано насилство и семејно насилство, треба да се поддржи за секој регион. Зголемениот тренд на насилство врз жени за време на рестриктивните мерки подразбира дека треба да се стави приоритет на усогласувањето на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција.

5. **Промена во процедурата за справување со семејно насилство преку отстранување на сторителот на насилство од домот, а не обратно.**

## НОСЕЊЕ ОДЛУКИ

1. **Отпочнување со подготовка на нова или целосна измена на постојната законска рамка за вонредна состојба.**
   - Пандемијата со ковид-19 ги разоткри недореченостите кои постојат во Уставот и во однос на формата и на содржината, како и полноважноста на владините уредби со законска сила по завршување на вонредната состојба. Тие аспекти треба да се дефинираат, како и да се уредат процедурите и опсегот на уредбите. Законот за влада, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за управување со кризи, Законот за заштита и спасување, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за собрание треба да бидат дел од реформата.
2. **Процесот на креирање политики треба да се подобри, особено во дадените околности.**
   - Наместо да се усвојуваат нормативни акти на една страница и нивно влегување во сила со кои се влијае на илјадници граѓани и истите чинат милиони евра, со нејасни одредби кои отвораат простор за различно толкување, секоја политика која ја креира Владата/Собранието треба да биде транспарентна, да се заснова на родова анализа и да содржи оправданост, процена на трошоците и придобивките и очекуваните ефекти. Со оглед дека родовата перспектива овозможува понаменски, поправични и поефикасни политики, Владата треба да посвети посебно внимание на родовиот аспект при креирањето политики и усвојувањето мерки. Кога родовиот аспект е составен дел на процесот на креирање политики, може да се оценуваат влијанијата од мерките врз сите подгрупи на жени (жени со попреченост, повозрасни жени, самохрани мајки, жени од етничките немнозински заедници, жени од руралните средини, итн.).
3. **Поголем број жени треба да бидат вклучени во носењето одлуки на сите нивоа за да може да се одговори на загриженоста за родовата еднаквост.**
   - Жените треба да бидат членки на кризните штабови и да бидат консултирани при подготовката на мерки преку консултација со женски групи/организации и преку вклучување на координаторот за еднакви можности во креирањето политики. Владата и општините треба да воспостават подобра соработка со граѓанскиот сектор кој може да го пренесе гласот на ранливите групи во процесот на носење одлуки, како и долгогодишните искуства и експертиза за социоекономските аспекти, во заложбите за справување со вирусот.

4. **Јакнење на инспекторатите и на капацитетите за мониторинг и евалуација за да се намали родовиот јаз кој е создаден со имплементација на мерките за со родово позитивна, па дури и трансформативна намера.**

   - Имплементацијата на мерките за одговор на состојбата со вирусот сега добиваат многу повеќе на важност, отколку во периодот пред појавата на вирусот, особено поради тоа што спроведувањето или неспроведувањето на мерките може да го стави во ризик здравјето на жените и мажите и да создаде родов јаз. Јакнењето на инспекторатите и на капацитетите за мониторинг и евалуација е неопходно од кога било претходно.

5. **Овозможување и спроведување на процена на фискалните влијанија на буџетските ресурси врз родот.**

   - Потребно е усвојување на буџетски измени врз основа на извештај за состојбата со економијата и буџетот и оправданост за измените; детална презентација на измените; анализа на изменетите буџетски ставки и рамка за остварувања.
   - За да се спречи создавање на нови родови јазови и нееднаквост потребно е континуирано да се следи фискалното влијание на јавните ресурси потрошени за справување со ковид-19 врз родовата еднаквост. Оние мерки и јавни финансии кои создаваат нееднаквост да се ревидираат и заменат со нови кои ќе доведат до унапредување на родовата еднаквост во земјата.

# АНЕКСИ

## АНЕКС 1
# ЛИСТА НА ВЛАДИНИ УРЕДБИ СО КОИ СЕ ОГРАНИЧУВААТ ПРАВАТА ИЛИ СЛОБОДИТЕ

### ПРАВО НА СОБИРИ
**Број на уредба:**

„Службен весник на Република Северна Македонија“ , бр. 71/20;

Одлука бр. 44-2147/1 од 6 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 92/2020 од 6 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2147/8 од 13 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 100/2020 од 13 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2147/9 од 22 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 107/2020 од 22 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2394/1 од 20 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 71/2020 од 20 март 2020 година;

### СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ
**Број на уредба**

„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 71/20;

Одлука бр. 44-2147 од 12 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 62/20

Одлука бр. 44-2416/3 од 24 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 72/20, 74/20, 76/20 и 78/20;

Одлука бр. 44-2416/4 од 25 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 78/20;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 89/20 од 3 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/6 од 06 април 2020 (во сила од 8 април 2020 година);
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 92/20 од 6 април 2020 година;

Одлука Бр. 44-2416/1 од 13 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 100/20 од 13 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/8 од 18 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 105/20 од 21 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/1 од 28 април 2020;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 111/20 од 28 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/11 од 8 мај 2020);
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 119/20 од 8 мај 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/12 од 14 мај 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 125/20 од 15 мај 2020 година;

„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 130/20 од 19 мај 2020 година;

Одлука бр. 44-2416/14 од 22 мај 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 134/20 од 22 мај 2020 година;

Одлука бр. 44-2406/1 од 20 март 2020,
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 71/2020 од март 2020 година;

Одлика бр. 44-2415/1 од 21 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 72, 21 март 2020 година;

Одлука бр. 44-2449/1 од 23 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 76/20 од 24 март 2020 година;

Одлука бр. 44-3093/1 од 13 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 100/20 од 13 април 2020 година;

Одлука бр.44-2828/1 од 2 април 2020 година;
Одлука бр.44-2818/1 од 3 април 2020 година;

Одлука бр. 44-3324/1 од 22 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 107/20 од 22 април 2020 година;

Одлука бр. 44-3703/1 од 5 мај 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 118/20 од 7 мај 2020 година;

Одлука бр. 44- 3322/1 од 22 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 107/20 од 22 април 2020 година;

ПРАВО НА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

**Број на уредба**

„Службен весник на Република Северна Македонија" Бр. 72/20, 76/20 од 20 и 24 март 2020 година;

Одлука бр. 44-2917/1 од 7 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 94/20 од 7 април 2020 година;

Одлука бр. 44-2449/2 од 9 април 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 97/20 од 9 април 2020година;

ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

**Број на уредба**

Одлука бр. 44-2445/1 од 23 март 2020 година;
„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 76/20 од 24 март 2020 година

Одлука бр. 44-2446/1 од 23 март 2020 година;

Одлука бр. 44-2447/1 од 23 март 2020 година.

АНЕКС 2

## ЛИСТА НА ИНТЕРВЈУИРАНИ ЛИЦА ОД ТИМОВИТЕ ЗА ОДГОВОР НА СОСТОЈБАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Агрон Беќири | Општина Арачиново |
| Бујаре Абази, советничка | Општина Чаир |
| Танер Хаџимустафа, советник | Општина Чаир |
| Весна Дамеска, советничка | Општина Чаир |
| Висар Ганиу, градоначалник | Општина Чаир |
| Маја Филипчева: лице за контакт и членка на кризен штаб, советничка во Секторот за развој и заменик-координатор за еднакви можности за жени и мажи | Општина Карпош |
| Марија Кочоска, секретарка на општинската организација на Црвен крст во Општина Карпош | |
| Стефан Богоев, градоначалник | Општина Карпош |
| Аделина Адеми, советничка | Општина Куманово |
| Атина Мургашанска, советничка | Општина Куманово |
| Фати Ебиби, главно седиште, заштита и спасување | Општина Куманово |
| Сашо Стошевски, советник | Општина Куманово |
| Ерџан Демир, претседател на огранок на ВМРО-ДПМНЕ | Општина Шуто Оризари |
| Фатима Османовска, претседателка на Општински совет | Општина Шуто Оризари |
| Ферат Асан, претседател на огранок на СДСМ | Општина Шуто Оризари |
| Тања Крстиќ, волонтерка и членка на кризен штаб | Општина Шуто Оризари |
| Илија Јовановски, градоначалник (анонимно потпишана изјава) | Општина Прилеп |
| Оливера Аџиоска, Општа болница - Прилеп | Општина Прилеп |
| Катерина Кочоска, локална единица на Црвен крст (анонимно потпишана изјава) | Општина Прилеп |
| Хекуран Дука, градоначалник | Општина Дебар |
| Фемија Ајровски, локален центар за управување со кризи | Општина Дебар |
| Исни Телќиу, општинска организација на Црвен крст | Општина Дебар |

АНЕКС 3
# ТАБЕЛА НА МЕРКИ КОИ СЕ АНАЛИЗИРАНИ ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

| ОБЛАСТ |
|---|
| **Здравствена заштита, сексуални и репродуктивни права и грижа** |
| 1) итна набавка на 200 респираторни машини; |
| 2) зголемување од 20 % на платите на медицинскиот кадар кој е вклучен во борбата против ковид-19 за период од два месеца. |
| **Економско закрепнување и егзистенција** |
| **Даночни ослободувања и намалувања** |
| 1) ослободување од износот на аконтациите на данокот на добивка за март, април и мај 2020 година; |
| 2) ослободување од износот на аконтациите на данокот на личен доход за март, април и мај 2020 година, за даночни обврзници кои остваруваат приходи од хонорарна работа во одредени дејности; |
| 3) укинување на царинските давачки за медицинска опрема; |
| 4) гаранција за обезбедување царински долг за да се поддржува извозот во вкупна вредност од 3 милиони евра. |
| **Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста** |
| 1) обезбедување 50 % од трошоците за придонеси за вработените за април, мај и јуни 2020 година (до 50 % од просечната плата за јануари 2020); |
| 2) обезбедување 14.500 денари по вработен за април и мај 2020 година за сите компании; |
| 3) бескаматни кредити во износ од 13,7 милиони денари преку Развојната банка на Северна Македонија за микро, мали и средни претпријатија од најпогодените сектори; |
| 4) обезбедување заеми во износ од 50 милиони евра со ниска каматна стапка од околу 1,5 % преку Развојната банка на Северна Македонија и Европската инвестициска банка за мали и средни претпријатија преку комерцијалните банки; |
| 5) туристичките агенции се обврзани да издаваат ваучери за откажани аранжмани со траење до 31.12.2021 година; |
| 6) бескаматни заеми за микро и мали претпријатија преку Развојната банка на Република Северна Македонија, во вредност од 31 милион евра, вклучувајќи и 30 % неповратни средства за компании кои ги водат или се основани од жени или вработуваат млади луѓе, вршат извоз или воведуваат иновации и дигитализација во работењето; |
| 7) преземање дел од кредитниот ризик за стартапи и мали и микрокомпании преку комерцијалните банки во износ од 10 милиони евра почетен капитал за полесен пристап до финансиски ресурси; |
| 8) финансиска поддршка во износ од 25 милиони евра за јакнење на конкурентноста на компаниите за освојување нови пазари и модернизација на процесите; |

| |
|---|
| 9) дигитална платформа за новите пазари за текстилните компании со финансиска поддршка од 1 милион евра; |
| 10) поддршка за развој на домашни стартап производи и услуги преку Фондот за иновации и технолошки развој во износ од 1,6 милиони евра; |
| 11) кофинансирање на настани и конференции со 50 % финансиска поддршка од државата во износ до 30.000 денари. |
| **Заштита на животниот стандард** |
| 1) замрзнување на цените на основните производи; |
| 2) овозможување на банките, финансиските компании и лизинг компаниите да ги репрограмираат заемите; |
| 3) намалување на каматната стапка, запирање на извршувањето и забрана за отворање стечајна постапка; |
| 4) финансиска поддршка за спортистите во износ од 14.500 денари во април и мај 2020 година; |
| 5) паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020 година. |
| **Ликвидност на државниот буџет** |
| 1) претседателите и членовите на управни и надзорни одбори нема да добиваат надоместок; |
| 2) отворање солидарен фонд за ковид-19 за примање донации; |
| 3) планиран заем од 580 милиони евра од странски кредитори, со родова димензија. |
| **Стимулирање на потрошувачката и ревитализација на економијата** |
| 1) платежна картичка во износ од 9.000 денари за купување македонски производи и услуги за невработените, граѓаните со ниски приходи и примателите на гарантирана минимална помош; |
| 2) ваучер за домашен туризам од 6.000 денари и домашна платежна картичка од 3.000 денари за граѓани со нето-плата помала од 15.000 денари; |
| 3) платежна картичка од 3.000 денари за млади луѓе за купување домашни производи и услуги; |
| 4) ваучер од 30.000 денари за кофинансирање на обуки и курсеви за ИТ и дигитални вештини за млади луѓе; |
| 5) финансиска поддршка за студенти во износ до 6.000 денари за покривање на школарина за студирање на универзитетите и за сместување во студентските домови; |
| 6) Викенд без ДДВ за сите граѓани во одредени продажни сектори |

| Поддршка за земјоделството |
|---|
| 1) финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработка и извор на примарни и преработени земјоделски производи; |
| 2) платежна картичка за субвенционирање на 50 % од зелената нафта (за 50.000 земјоделци) во износ од 4,6 милиони евра; |
| 3) стимулирање на преработувачите на грозје и винариите да произведуваат алкохолен дестилат кој ќе се користи од страна на домашните хемиски компании за производство на средства за дезинфекција во вредност од 3,5 милиони евра за период од три години; |
| 4) јавно-приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор; |
| 5) долгорочен закуп на пасишта, окрупнување на земјоделското земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство; |
| 6) воведување програма за финансирање на микроземјоделски претпријатија во износ од 3 милиони евра; |
| 7) мерки за модернизација на земјоделството преку заем од Светска банка во износ од 50 милиони евра. |
| **Социјална заштита и пазар на труд** |
| 1) брз влез во системот за социјална заштита за лица кои биле дел од неформалната економија и останатите за да добијат минимална гарантирана помош врз основа на вкупните приходи на сите членови на семејството, пресметано за последниот месец наместо за последните 3 месеци; |
| 2) асистенција за лицата со попреченост и постарите лица во 27 општини за полесно справување со кризата и вклучување на 200 невработени лица како даватели на услуги; |
| 3) финансиски надоместок во износ од 50 % од просечната месечна нето-плата за вработените исплатени во последните 24 месеци. Невработено лице кое било вработено во континуитет во последните 9 месеци или 12 месеци со прекини во последните 18 месеци, пред прекин на вработувањето, има право на финансиски надоместок; |
| 4) продолжување на породилното отсуство до истекот на привремените мерки за заштита од ковид-19 и негово спречување на ширење;. |
| **Наменски мерки за ранливи групи, социјална солидарност и социјална кохезија** |
| 1) одложено плаќање на станарината за социјално домување; воведување енергетски додаток во износ од 1.000 денари за април и мај 2020 година; |
| 2) олеснет пристап до правото на детски додаток и продолжување на рокот за поднесување барања за еднократна помош за новороденче, за остварување и продолжување на правото на родителски додаток за трето дете, за продолжување на правото на родителски додаток за четврто дете. |



Follow OSCE

ОБСЕ Мисија во Скопје
Булевар 8-ми Септември бр. 16, 1000 Скопје
e-mail: info-MK@osce.org
website: http://www.osce.org/mission-to-skopje